Д- р Ристо Ивановски

ЗА ПРОКОПИЈ КЕСАРИСКИ (6 ВЕК Н.Е.) НЕМА СЛОВЕНИ

Битола, Р.Македонија
20009 година

Д-р Ристо Ивановски,ЗА ПРОКОПИЈ КЕСАРИСКИ(6 ВЕК Н.Е.) НЕМА СЛОВЕНИ

Д-р Ристо Ивановски
Адреса: Ул. Михајло Андоновски бр.6/21
Битола, телефон: 047/258-133

CIP-Катологизација во публикација
Матична и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" – Битола

94 (495 . 02) “ 05 “

ИВАНОВСКИ, Ристо
За Прокопиј Кесариски (6 век н.е.) нема Словени / Ристо Ивановски. – Битола : Ивановски Р. , 2009. – 100 стр; 23 см.

а) Византија- Историја – 6 в.

COBISS.MK-ID 18480449

ПРЕДГОВОР

Книгата “Тајната историја“ на Прокопиј е издадена на македонски јазик, и тоа во 2007 година. Во предговорот на преведувачката, класичен филолог, стои:

"Историчарот, спротивно од поетот, треба да се стреми кон вистината, а не кон убавината. Прокопиј Кесариски.

Прокопиј Кесариски бил талентиран писател и остроумен дипломат. Податоци за својот живот ни дал самиот тој, а и некои подоцнежни автори на кои им служел како историски извор. Се родил во палестинскиот град Кесариј- ’мојата мила Кесарија’, како што се изразува самиот. Можно е да бил Сириец по потекло, но имал блескаво елинско образование[1] и чуство на ’Византиец’.[2] Неговото заможно семејство му овозможило да добие солидно образование. Се занимавал со правните науки, но ги изучувал и тогашните филозофски науки; го нарекувале и ’софист’.

Во почетокот на царувањето на Јустинијан, Прокопиј му бил скретар и правен советник на прочуениот полковник Велизар, кој не му бил само надреден, туку и покровител. Така, меѓу 527 и 531 година, Прокопиј учествува во поход против Персијците. Две години подоцна го среќаваме во Северна Африка, каде што се води војна против Вандалите. А по само неколку месеци, тој е во Сиракуза, задолжен да го информира Велизар во неговите подготовки за походот против Картагина. Северна Африка паѓа во византиски[3] раце и Прокопиј поминува таму три години.

На двапати Прокопиј престојувал во Италија, за време на тешките битки кои Велизар ги води протов Готите и нивниот водач Витигес, меѓу 536 и 540 година, Прокопиј повторно извршува доверлива мисија и успева да му достави храна на изнемоштеното население во опсадениот Рим. Тој учествувал и во втората војна против Готите по 546-547 година, кога воените дејствија на византиските војски против побунетиот водач Тотила не се толку блескави колку порано. Во меѓувреме, Прокопиј го подржува Велизар и во втората војна против персискиот шах Хозрој кој, во 540 година, го нарушува ’вечниот мир’ со Византиската Империја.[4]

Неизбежно поврзан со Велизар, идниот писател ги преживува заедно со него сите негови воени успеси и искушенија. Тој ги дели со него неговите стравувања од љубоморниот Јустинијан, кому завидливите дворјани му ја поткопуваат довербата во талентираниот војсководец. Но кога станува јасно дека ѕвездата на неговиот покровител е конечно згасната и кога Јустинијан веќе не е наклонет кон Велизар, Прокопиј продолжува самиот да си го пробива патот кон дворските средини во Цариград.

Така започнува писателската кариера на Прокопиј Кесариски.

Историјата на војните на Јустинијан е пишувана приближно меѓу 545 и 550 година, во осум книги. Првата и втората раскажуваат за персиската војна, третата и четвртата за војната против Вандалите во Африка, а петтата, шестата и седмата книга се посветени на готските војни. Малку подоцна е додадена и осмата книга од Историјата на војните.

---

[1] Еленско или хеленско се однесува за македонскиот Птоломејов Александриски јазик коине, кој во 19 век бил наречен грчки, поточно старогрчки.Пак,Македонците за Латините во 10 век биле Греики.
[2] Поимот Византијци Источните Ромејци никогаш не го користеле. А тој бил наметнат од Латините.
[3] Западните Ромејци, Римјани,за градот Рим да го истовет со Источното Царство,биле Рим и Визант.
[4] Византиска Империја никогаш немало. Таа била само Источно Ромејско Царство, а по Јустинијан...

Блескавата апологија на Јустинијановото владеење брзо го прославува добро информираниот историски раскажувач и искусен ласкавец. Само неколку години подоцна, тој објавува нова книга- За градбите, во која се слави дејноста на императорот во градежништвото и во одбранбените утврдувања на земјата.

Но, во меѓувреме, дворскиот писател кој на крајот од својот живот ги добива одговорните функции градски префект и дворските титули илустрис и патрициј, го пишува жестокиот памфлет Тајната историја.

Целата слика исткаена од противречности, во која, покрај дворците кои се огледуваат во Босфор, стрчат изгорени згради, кога чумата го зема својот данок, војниците се жалат дека не ја добиваат својата плата, а селаните запаѓаат во крајна беда по ограбените погранични територии- нашла одраз во творештвото на талентираниот Прокопиј. Одраз исто толку противречен колку што било и самото време. Првите негови книги се полни со пофалби за ненадминатите успеси на императорот, додека во едно единствено дело се што било дотогаш раскажувано се негира и ние ја гледаме раскошната слика прекршена низ кривото огледало на жестоката критика. Тоа дело е познато под името Тајната историја.

Во почетокот на својата Историја на војните Прокопиј вели дека историчарот, спротивно од поетот, треба да се стреми кон вистината, а не кон убавината.Но каде е вистината ?

Прокопиј Кесариски е еден од византиски автори[5] кому му се посветени многу истражувања. Меѓутоа, долго време се воделе спорови околу авторството на Тајната историја. Некои специјалисти биле цврсто убедени дека од перото на еден ист автор не можат да излезат За градбите и Тајната историја. Но тие спорови денес се завршени. Добрите познавачи на делото на Прокопиј, потпирајќи се главно на неговиот карактеристичен начин на излагање, на особеностите на стилот и слично, ја прифаќаат можноста тој да бил истовремено и ласкавец и разобличувач на Јустинијановото владеење.

Како Прокопиј ја преставува својата епоха ?

’Да се преплови огромно море со брод без потребната опрема, тоа преставува, како што си мислев, невозможна работа исполнета со премногу големи опасности. Исто е да се опфатат со ништожен збор градбите на императорот Јустинијан’. А самиот Јустинијан кој заминува на поход во Либија- според првата книга од Историја на војните- ’е смел во своите замисли и решителен во нивното исполнување’. Но во Тајната историја, истиот Прокопиј пишува за него: ‘Ми се чини дека не би било според силите на никого, освен на бога,да го каже точниот број луѓе погубени од императорот. Човек би можел да ги изброи побрзо сите зрнца песок низ светот отколку бројот на жртвите на императорот’. Благодарениот Јустинијан одбива да поверува во клеветите кои го оцрнуваат големото дело на полководецот Велизар. Така е според Историјата на војните. Но во Тајната историја Јустинијан и Теодора одамна му завидуваат на војсководецот поради неговото богатство и затоа тој постепено запаѓа во немилост.

Но и самиот Велизар, толку фален во првото дело на Прокопиј, се преставува како безочен крадец на богатствата кои готските водачи ги натрупале во Италија, а вандалските во Африка. Во своето прво дело, Прокопиј за него вели дека Византијците го ценат како ‘разумен и многу храбар’, а во Тајната историја го прикажу-

[5] Ромејските автори,а тогаш Јустинијан пробал Римското Царство да го обедини и задржи како едно.

ва како недостојно се валка пред нозете на својата неверна жена, само за да ја поврати наклоноста на царската двојка. Што се однесува до другите високи лица и војсководци, во Историја на војните повеќето од нив се доблесни војници и умни политичари, а во Тајната историја тие кројат заговор еден против друг и со денови чекаат прием кај императорот и кај неговата жена, за да добијат само еден наклонет поглед. 'А сенаторите се здрвуваа како на слика, без да бидат господари на своето решение, без да се стремат да постигнат добро'.

Така се личностите во чии раце се наоѓаат уздите на империјата. Различни до неверување- од императорот до неговиот највиден војсководец.

Која е, пак, Теодора, императорката која стои веднаш до Јустинијан и која го поттикнува во неговите дела ? Тука Прокопиј е доследен само во еден дел од карактеристиката што ја дава за неа- таа е силна личност. Како во Цариград избувнува востанието Ника, Јустинијан е готов да го напушти престолот, но Теодора изјавува надмено:'Ако сакаш да избегаш,императоре, тоа нема да те чини ништо. Имаме пари, море и бродови. Но внимавај да не посакаш да си мртов кога ќе бидеш спасен. Мене многу ми се допаѓа една стара поговорка која вели дека императорската власт е убав покров'. Така со својата волја и со присуството на духот, таа го спасува престолот на својот сопруг. Се разбира, така тоа звучи во Историјата на војните. Но според Тајната историја, таа жена, која потекнува од најниските народни слоеви, за со интриги и со блудништво да стигне до височината на императорската власт,е недостижна дури и за дворските прислужници кои се влечат под нејзините нозе само за да и ги бакнат обувките. Таа е интригантка и крајно сурова- го убива дури сопственио син, роден од некој непознат војниик во време кога идната императорка уште работела како куртизана.

Во своите обвинувања кон властодршците, Прокопиј стигнува до некаков суеверенен мистицизам- ги обвинува за контакти со темни слики и вели дека тие се олицетворение на демоните.

Како исоричарот на Јустинијановото владеење дошол на мислата да напише книга во која ќе го разобличи самиот император и неговото време и, со тоа, да се демантира самиот себе и своите претходни дела ?

Прокопиј дава една исповед по тоа прашање.Тој вели:'Целта на историчарот е да ја зачува за идните поколенија вистината, да ги запознае со големите дела на претците.Но-додава Прокопиј- не беше можно човек да остане незабележен од мноштво шпиони; доколу, пак,беше фатен, не можеше да избегне најужасна смрт. Јас не можев да им се доверам дури ни на своите најблиски роднини; во своите претходни книги, јас бев принуден да ги премолчувам причините на многу опишани работи'.

Неговата огорченост не е само плод на неговото лично разочарување. Прокопиј е преставник на сенаторскиот сталеж, незадоволен од политиката на Јустинијан. Дел од сенаторската аристократија ги губи своите привилегии и се мачи да ги зачува старите форми во политичкиот живот и во општествениот живот, да ја промисли римската[6] правничка теорија, неспособен да ги види новите појави, уште повеќе затоа што новото доаѓа со големи бури. Прокопиј е еден од нив. Тој е конзервативец и затоа епохата во која живее е 'жалосно време'. Но сложената политичка ситуација е причина и за големите противречности чиј сведок е тој. Но, за него, ви-

[6] Се говори за римска (ромејска) правничка теорија пишувана на латински.Тек подоцна следи коине.

стинскиот владетел треба да биде олицетворение на законитоста, тој е должен да се грижи за благосостојбата на своите поданици, советувајќи се со сенатот. Истовремено, циркуските борби, во кои наоѓа израз незадоволството на народот, за него се само знак за безредие, за нарушување на божјите и на човечките закони. За него, народот е непостојан и лекомислен- така тој го преставува во Тајната историја. И само во ретки случаи, и тоа во другите негови дела, избива извесна симпатија кон него, кога од народот излегуваат луѓе способни да ја бранат татковината.

Песимизам и безизлезност- тоа е расположението кое избива од Тајната историја, покрај огорченоста и сарказмот кон владетелите. Тој песимизам произлегува и од идејно-филозофската насоченост на авторот на оваа необична книга. Прокопиј е човек на своето време.За него, судбината е таа што ги раководи човечките дела и нејзе воопшто не и е грижа дали настаните се праведни или пак страшни за луѓето. Овој автентичен однос кон судбината, кон случајноста, која ги движи постапките на луѓето, се комбинира со христијанската идеја за божествената преодреденост. Оттаму доаѓа скептицизмот на Прокопиј, неговото неверување во човечките сили. Во тоа можеби лежат и корените за неговата рамнодушност кон црковно-ортодоксните спорови, за кои пак е обввинуван Јустинијан.

Како и да е, автентичноста на Тајната историја, преплетувањето на анегдотите со разообличувачките зборови и подробното раскажување за пропаста на едно општество, кое се ниша меѓу двете епохи, го направија ова дело на Прокопиј омилено четиво низ вековите. Навистина, Тајната историја долго време била ‘тајна’. Агатиј Миринејски, следбеник на Прокопиј, не знаел за неа. Но во познатиот Речник на Свидас, кој се појавува во X век, веќе е познато дека таа се вклучува во неговото творештво. Неа ја споменува и Никифор Калист, големиот византиски писател од XIV век.[7] Нејзиното прво издание, придружено со латински превод, излегува во Лион, во 1623 година. Во XVII и во XVIII век[8] се појавуваат уште неколку изданија (‘прочистени’ од некои скандалозни подробности), со латински, англиски и германски превод.[9] А во 1827 година се појавува и целосното и критичко издание, подготвено во Лајпциг, повторно придружено со латински превод, тогашна вообичаена практика.

Во современата историографија, Тајната историја на Прокопиј зазема значајно место. На крајот од XIX век и во XX век таа продолжува да се објавува во Германија, во Естонија, во Англија, во Италија, во Франција итн. Од 1938 до 1966 година излегуваат седум преводи: два на германски, два на англиски, два на италијански и еден на руски јазик. Во научната литература обично се користи изданието на Хаури од 1906 година, како и подобреното издание од Г.Вирт од 1963-1964 година. (Преведувачката на македонски јазик го користи следново дело:[10], Р.И.)

За критички распложениот современ читател, Тајната историја на Прокопиј Кесарски е еден документиран труд во кој субјективниот елемент воопшто не пре-

---

[7] Никогаш немало било што византиско. Имало само: Римјани (Ромејци). Ова останало и во 19 век.

[8] Поимите Грци (Греики) и Византијци Латинците ги наметнале само од 16 век,а никако порано. Меѓутоа, христијанското население во Османовото Царство било само ромејско,со свој Констатинопол.

[9] Токму поради преводите на латински и други нови јазици од 15 век следат дотерување на поимите во Грци, Византијци, Склавини во Словени=Славени, поими со кои само се искривувала вистината.

[10] Prokopii, HISTORIA ARCANA; BSB B: G: Teubner Verlagsgesellschaft. Бидејќи се користи поимот Словени место Склавини, се шират невистини, дека имало словенски народи. Такви живи суштества никогаш немало туку само: Анти=Анти, Венети=Венети, Склавини=Склавини и Словени=Словени.

чи да се добие целосна престава за епохата. Истовремено, тоа е едно интересно четиво, напишано со свеж и елоквентен јазик, кое ги одразува ставовите на еден претставник на византиското високо општество во VI век.

Виолета Костовска-Петреска (Издавач: ТНИД 'Ѓурѓа'- Скопје, Р.И.)

ГЛАВА I

За сето она што војните му го донесоа досега на византискиот (ромејскиот, Р.И.) народ, јас раскажав во своите книги, во кои објаснувањата за настаните можеа да се средат според нивната поврзаност со времето и со местото на случувањето. Моето понатамошно раскажување нема да биде изложено на истиот начин, бидејќи тука ќе се опишуваат сите работи што ја засегнаа целосно византиската (ромејската, Р.И.) власт. Причината лежи во тоа што не беше можно настаните да бидат опишани така како што треба додека се живи нивните извршители. Ниту пак беше можно човек да остане незабележан од мноштвото шпиони; доколку, пак, беше фатен, не можеше да избегне најужасна смрт. Јас не можев да им доверам дури ни на своите најблиски роднини; во своите претходни книги, јас бев принуден да ги премолчувам причините на многу од опишаните работи. И затоа, сега ќе го раскажам сето она што досега беше останато во тајна, како и внатрешните мотиви на настаните раскажувани порано.

Но и сега, кога почнувам други непријатна и многу тешка работа- да го опишам животот на Јустинијан и на Теодора- ме полазуваат морници и ме обзема големо колебање, зашто треба да водам сметка и за тоа дека сега ќе пишувам за работи што на идните поколенија нема да им изгледаат ниту вистинти ниту веројатни. Особено кога долгото изминато време ги оддалечува постарите кажувања, јас се плашам луѓето да не помислат дека раскажувам измислици и да не ме вбројат меѓу трагичните поети. Но не ја губам смелоста и нема да се исплашам од тежината на својата задача, зашто моето излагање има сведоци. Денешните луѓе се најинформираните сведоци на тие настани и ќе ми бидат сигурни приврзаниците во иднина, со својата автентичност.

Но има и една друга причина која долго и многупати ме запираше, иако многу сакав да се зафатам со оваа работа. Имено, сметав дека ова мое дело ќе биде штетно за идните поколенија. Зашто е подобро најлошите дела да останат непознати во иднината- во спротивен случај, кога ќе стигнат до увото на тираните, ќе ги поттикнат кон подражување.За повеќе властодржци, секогаш е полесно, поради незнаење, да ги подржуваат насилствата на своите претходници и се полесно и без мака да ги повторуваат грешките од постаро време. Потоа, кон опишување на нивните дела ме поттикна и тоа дека на идните тирани ќе им биде јасно дека нема да можат да ја избегнат праведната казна за своите злосторства, како што се случи и со овие луѓе. Затоа и нивните активности и нивниот живот ќе бидат засекогаш запишани и, поради тоа, идните лоши управници сигурно потешко ќе се решаваат на беззаконија. Навистина, кој од подоцнежните поколонија ќе знаеше за развратниот живот на Семирамида или за лудоста на Сарданапал и на Нерон ако спомените за тоа не беа останати во книгите на тогашните писатели ? Овој расказ ќе биде полезен и за оние кои ги поднесуваат истите злосторства од тираните. Затоа што несреќните обично се тешат со мислата дека не се единствени коишто живеат во страда-

ње. И затоа, ќе почнам најпрвин со злосторствата на Велизар, а потоа ќе ги раскажам и неделата што ги извршија Јустинијан и Теодора.

Велизар имаше жена која ја споменував во своите претходни книги. Дедо и и татко и правеле коли, во Византион[11] и во Тесалоники. Мајка и била една од проституктите во театарот. И самата таа претходно водела распуштен живот, имала лош морал и се дружела со трујачите на татко и. Кога го стекнала неопходното искуство, се омажила за Велизар, иако многупати пред тоа станала мајка. Впрочем, од самиот почеток, таа почнала да го изневерува, но грижливо го криела тоа- не затоа што се срамела од тој свој живот,ниту пак затоа што се плашела од мажа си (таа никогаш не се плашела да направи што и да е, а освен тоа, го имала заплеткано својот маж со какви ли не магии), туку затоа што се плашела од казната од императорката бидејќи Теодора ја мразела и ја следела. Но кога ја привлече императорката на своја страна, која и помагаше кога имаше проблеми- најнапред го уништи Силверијо (како, ќе раскажам понатаму), а потоа го острани и Јован Кападокиски, како што опишав во другите свои книги- тогаш таа почна бесрамно и сосемна отворено да врши секакви непристојни дела.

Во домот на Велизар живееше едно момче од Тракија по име Теодосиј кое, како и неговите претци, му припаѓале на учењето на т.н. евномијани. Пред да отплови за Либија, Велизар му приреди свето крштевање. Изнесувајќи го на сопствените раце од крштелницата, го одведе дома и, заедно со жена си, го прогласија за свое дете, според христијанскиот закон. Оттогаш, Антонина го сакаше Теодосиј како свое дете, како што треба според Светото писмо, се грижеше многу за него и постојано го чуваше крај себе. Но подоцна, за време на тоа пловење, таа силно се вљуби во момчето и, препуштајќи и се на таа страст, отфрли секаков срам и страв пред бога и пред луѓето. Најнапред му се подаваше кришум, а на крајот, и во присуство на слугите и на робинките. Опиена од страста кон него и јавно вљубена, таа не гледаше пречки пред себе. И кога еднаш во Картагина, Велизар ја затекна на местото на прељубата, свесно остави жена му да го измами. Тој ги изненадил во една подземна соба и побеснал, но Антонина воопшто не се исплапила, ниту пак се засрамила од целата работа,туку му рекла:‘Слегов овде со момчето за да го скријам најценетиот плен, за да не дознае за него императорот’. Такво било нејзиното оправдување, а Велизар се престорил дека и верува и ја пуштил, иако го видел раскопчан коланот од панталоните на Теодосиј. Тој беше толку обземен од љубов кон својата жена што не сакаше да им верува на сопствените очи. Иако нејзиниот разврат стануваше се поскандалозен, сите сведоци на тоа што се правеше, молчеа. Само во Сиракуза- кога Велизар ја освои Сицилија- една робинка по име Македонија го проколнала со најстрашни клетви својот господар да и вети дека нема да ја каже на господарката, и му раскажала се. Таа довела за сведоци и две момчиња, робови, кои служеле во спалните. Дознавајќи ја вистината. Велизар им заповедал на неколкумина од свитата да го остранат Теодосиј. Но Теодосиј го дознал тоа навреме и избегал во Ефес. Повеќето луѓе на Велизар ја знаеле променливоста на неговите решенија и се трудеа да и угодат повеќе на жена му отколку да ја стекнат наклонетоста на господарот. Впрочем, тие го известиле Теодосиј за наредбата што ја добиле. Ко-

[11] “Античко име на Цариград. Градот Византион бил колонија на Мегара, основан е околу 660 г.пр. н.е. Од него потекнало и името Византија кое, во научната литаратура, му е дадено на Источното Римско Царство. Тесалоника-Солун“.Се потврдува, никогаш немало Византија,кој бил научен поим.

нстантин, гледајќи го Велизар длабоко повреден од слученото, споделувајќи ја неговата болка, му рекол: 'Јас поскоро би ја убил жената отколку момчето'. Кога ги дознала неговите зборови, Антонина го криела својот бес кон него, за да не ја издаде својата омраза. Во својот гнев, таа беше таинствена како скорпија. Наскоро потоа, дали со магии или со ласкање, го убедила мажа си дека обвинението на робинката не е вистинито. А тој веднаш испратил да го повикаат Теодосиј и, без размислување, наредил да и се предадат на жена му робинката Македонија и двете момчиња. А таа, како што раскажуваат, најнапред им ги отсекла јазиците, а потоа ги исекла на парчиња, ги ставила во торба и, без трошка двоумење, ги фрлила во морето. Во ова злосторство и помагал еден од робовите по име Евгениј, истиот кој го извршил и злосторството над Силвериј. А наскоро потоа, Велизар, поттикнат од жена си, го уби и Константин. Зашто тогаш се случи историјата со Президиј со мечевите, која ја опишав во своите претходни раскажувања. Кога Велизар сакаше да го ослободи Константин, Антонина не остапи и бараше тој да биде казнет за своите зборови. Со таа своја постапка, Велизар си навлече голема омраза, од императорот и од сите видни Византијци (Ромејци, Р.И.)

Еве како заврши оваа историја.Теодосиј изјавил дека не може да оди во Италија, каде што тогаш се наоѓаа Велизар и Антонина, ако Фотиј не биде остранет.Тој Фотиј беше честољубив по карактер. Во случајот со Теодосиј, тој со право се сметаше за пренабрегнат, зашто неговиот соперник беше многу помоќен и побогат од него, непризнатиот, иако син на Антонина. Велат дури и дека Теодосиј ограбил по сто кентенарии од дворците во Картагина и во Равена бидејќи само тој можел да успее во тоа. А Антонина, кога дознала за одлуката на Теодосиј, не престанала да му поставува стапица на сина си и да му организира атентати. Тој не можел да ги издржи сите тие заседи и морал да замине за Византион.[12] Теодосиј тогаш одново дошол кај неа, во Италија. Таму Антонина се насладувала до наситка од близината на својот љубовник, користејќи ја глупоста на мажа си. По извесно време, се врати во Византион, придружена од двајцата. Тука Теодосиј се исплаши и ги промени своите планови. Размислувајќи, тој сфати дека сето тоа не може да остане тајна бидејќи неговата љубовница не беше во состојба да ги крие своите страсти. Таа не блудствуваше тајно, туку отворено се прикажуваше како развратничкиа и воопшто не се грижеше поради тоа. Затоа, тој одново отиде во Ефес, се потстрижа според обичајот и беше примен во редовите на т.н. монаси. Тогаш гневот на Антонина достигна врв. Таа ги смени својата облека и своето однесување, жалеше како по мртовец и со лелекање шеташе низ домот крај својот жив сопруг, оплакувајќи се дека и е одземен толку добар, верен, мил, жизнерадосен пријател. На крајот, го вклучи и својот маж во оплакувањата. Заплака и тој, несреќникот, повикувајќи го својот драг Теодосиј. Дури и отиде кај императорот да ги моли него и императорката и ги измоли да го повикаат Теодосиј, зашто тој и жена му не можеле да живеат без него. Но Теодосиј одби да се врати и стана на своето црвсто решение да биде монах. Се разбира, тој лажеше, за да може, кога Велизар отсуствува од Византион, да оди тајно кај Антонина. Така, всушност, и се случи.

ГЛАВА II

[12] Жителите на Византион (Визант) само тие биле Византионци (Византијци),а на државата Ромејци.

Наскоро, Велизар, заедно со Фотиј, почна да се подготвува за поход против Хозрој, а Антонина остана дома, што беше неовибачаено за неа. Дотогаш, таа се трудеше да го следи насекаде, за да не се созема кога е сам и кога не му дејствуваат нејзините магии, па да презема нешто против неа. За да може Теодосиј да оди кај неа,таа се трудеше да го острани и Фотиј.Така, таа наговорила неколкумина од блиските на Велизар, во секој можен случај, да го нервираат и да го навредуваат, а таа самата речиси секојдневно пишувала клеветнички извештаи против него и активизирала се против својот син. Тогаш, Фотиј бил принуден да покрени обвинение против мајка си. Ненадејно, од Византион дошол еден човек кој го обвинувал Теодосиј за тајни врски со Антониана. Фотиј веднаш го одвел кај Велизар и го натерал да повтори се. Кога го чул тоа, Велизар се разгневил, се фрлил пред нозете на Фотиј и ги замолил оние од кои најмалку требало да трпи навреди. Му рекол: ‘Мило мое де, те, ти не го познаваш својот татко затоа што тој те оставил уште како цицалче и се занимавал само со својот живот. Од него не си добил ништо, тој не бил богат. Те одгледав јас, како втор татко. И сега си на возраст кога можеш да ми помогнеш мене, навредениот. Ти достигна до конзулска должност, а јас ти дадов такво богатство што би можел со полно право да се наречам твој татко, твоја мајка и твој роднина. Зашто луѓето заемната љубов не ја мерат според крвта, туку според делата. Дојде време да не ме гледаш рамнодушно како губам толкаво богатство додека ми се урива домот, како мајка ти, пред сите, врши таков срам. Помисли на тоа дека гревовите на жените не ги засегаат само сопрузите, туку уште повеќе нивните деца. Зашто тие треба да го носат нивното лошо име оти, со раѓањето, го имаат мајчиниот карактер. Имај предвид дека ја сакам жена си повеќе од се на светот и дека, ако успеам да го казнам уништувачот на својот дом, нема да и направам ништо лошо. Но додека Теодосиј е жив, не би можел да и ја простам вината’.

Кога го чул тоа, Фотиј изјавил дека ќе му даде секаква помош, но дека се плаши да не го снајде зло поради тоа што не се доверува на моќта на Јустинијановото решение, бидејќи тој не дејствува црвсто против жена си. Се плашел од многу работи, меѓу нив и од судбината на Македонија. Затоа, двајцата си се заколнале еден на друг, со најстрашна христијанска клетва, да не се изневерат дури и во најголемите опасности. Решиле дека не е погодно веднаш да се зафатат со таа работа туку тогаш кога Антонина ќе се врати од Византион и кога Теодосиј ќе пристигне во Ефес, Фотиј да отиде таму и без проблеми да се справи со Теодосиј и со неговото богатство.Тогаш двајцата војсководачи навлегоа со целата војска во Персија,а во исто време, во Византион, се случија настаните со Јован Кападокиски, како што раскажав во другите свои книги. Тогаш, од страв, премолчав само една околност, дека Антонина ги измами Јован и неговата ќерка така што ги увери, со најстрашните христијански клетви, дека нема да се послужи со никаква подлост против нив. Кога го изврши своето дело докрај и си го обезбеди уште повеќе пријателството на императорката, го испрати Теодосиј во Ефес, а таа самата. Не претчуствувајќи никакви пречки, се упати кон Исток. Велизар штотуку ја беше презел крепоста Сисаванон кога му соопштија дека пристигна неговата сопруга Антонина. Тогаш тој се врати назад со својата војска, не грижејќи се за ништо друго. Се случија и други настани што ги раскажував порано, кои го поттикнаа да се врати, но веста за доаѓањето на жена му го поттикна најмногу. Но, како што реков во почетокот на ова свое раскажување, тогаш ми се стори опасно да ги откријам детално причините за наста-

ните. Тогаш сите Византијци го укорија Велизар за тоа дека ги потценил најважните и најитни државни дела заради домашните работи.Во почетокот, обземен од гнев кон својата жена, Велизар не сакаше воопшто да остане на римска земја, но штом дозна за пристигнувањето на својата жена од Византион, побрза да се врати, да ја фати и да ја казни. Затоа и нареди само Артеас и неговите луѓе да ја преминат реката Тигар, а останатите тргнаа назад, без да завршат нешто позначајно. Но и тој самиот внимаваше да не се оддалечи премногу од византиската граница, туку сакаше да остане на растојание што можеше да го помине за еден ден. Зашто крепоста Сисавранон беше оддалечена од византиската граница на повеќе од еден ден пат за лесно вооружен човек, а ако се поминеше низ градот Низивис, но по друга маршрута, патот беше пократок за половина. Мислам дека, да направеше како што беше посакал порано, да го премине Тигар со целата војска, Велизар ќе ги опустошеше населбите во цела Асирија и ќе стигнеше, без никаков отпор, до градот Ктесифон. Ќе ги спасеше заробениците во Антиохија и сите Византијци кои беа таму, и ќе ги вратеше во родните граници. Освен тоа, тој стана главен виновник за тоа Хозрој да се врати неповреден од Колхида. Како се случи тоа, ќе раскажам сега.

Кога Хорзој, синот на Кавад, навлезе цо Колхида и ги изврши делата што ги опишав порано, и ја зазеде Петра, мнозина од војската Мидијците загинаа во судирите и од лошите услови во тие места. Бидејќи, како што веќе споменував, Лазика е планинска и тешко проодна земја. Војниците беа зафатени од чума и мнозина умреа од неа. А мнозина изумреа и од недостиг на храна. Тогаш кај нив дојдоа неколкумина бегалци од персиската земја и соопштија дека Велизар го победил Навед кај градот Низивис и дека продолжил да напредува. Дека ја презел опсадената крепост Сисавранон и го заробил Влисхан, заедно со осумстотини негови коњаници. Рекоа дека испратил и друга византиска војска на чело со сараценскиот водач Аретас. Таа требало да ја премине реката Тигар и да ги опустоши тамошните земји кои дотогаш останале нечепнати. Хозрој тукушто беше испратил и една хунска војска против Ерменците подвластени на Византијците, за да се одвлече вниманието на Византијците и да ги прикрие своите дејства во земјата на Лизијците.[13] Другите им соопштија на Валеријан и на Византијците за тие варвари и тие ги пресретнаа и им нанесоа погубен пораз, по што повеќето од варварите беа убиени. Персијците го дознаа сето тоа. Наоѓајќи се во незавидна ситуација по претрпените несреќи во земјата на Лацијците, тие се исплашпиа при повлекувањето да не бидат пресретнати од непријателската војска низ планините и густите гори и да не бидат сосема уништени. Ги обзеде страв за жените, за децата и за татковината и сите што беа останати здрави во мидиската војска почнаа да го навредуваат Хозрој, обвинувајќи го дека е клетвопрестапник и дека, спротивно на општочовечките закони, без причини влегол на римски[14] територии при случените мировни односи. Со тоа, тој ја засегнал древната и најдостојната од сите држави која не може да ја победи во војна.[15] Размислуваа веќе да кренат и бунт. Хорзој се вознемири од тоа и го најде следниов

[13] Се говори за Ромејци.Тие продирале на персиските простори.Персијците биле и на Кавказ и понасевер. Постојат северни Хуни=Скити= Готи= Татари, северно од река Дунав со Црно Море и Кавказ. Според изворите, Скитија била до Индија, таа била крајот. Никаде ги нема Склавините=тн.Словени.

[14] Прокопиј употребува само римски (ромејски), Римјани (Ромејци), никако византиски, ниту Византијци. Тој никаде не вели Словени, туку Склавини.Следи неговата книга е дотерувана со поими итн.

[15] БИДЕЈЌИ ТОЈ НИКАДЕ НЕ ГО УПОТРЕБУВАЛ ПОИМОТ ГРЦИ, НИКОГАШ НЕМАЛО ГРЦИ.

излез од злото: им прочита на Персијците писмо напишано од императорката до Заверган. Писмото гласеше: ‘Колку многу те ценам, Завергане- јас гледам во тебе човек кој и мисли добро на нашата држава-го знаеш тоа, откако неодамна беше кај нас со делегацијата.[16]Твоите дејствија ќе соодвестуваат на моето мислење за тебе ако го убедиш царот Хозрој да води мирна политика со нашата држава.[17] Тогаш ти ветувам голема награда од страна на мојот маж, зашто тој не прави ништо без мојата согласност’. Хозрој го прочита напишаното укорувајќи ги персиските првенци дека ја сметаат за држава таквата земја што ја управува жена. Така успеа да го спречи незадовлството на своите луѓе. Но и тогаш со голем страв се повлече оттаму, зашто мислеше дека ќе се судри со војската на Велизар. Меѓутоа, не сретна никоко и здрав и жив се врати во својата земја.

ГЛАВА III

Враќајќи се одново на византиска земја, Велизар ја најде жена си веќе пристигната од Византион. Срамно ја задржа затворена, дури многупати посакуваше да ја убие, но и се смилости- ми се чини дека беше победен од својата страсна љубов кон неа. Велат дека, под влијание на магиите на жена си, нему веднаш му била одземена силата. Во меѓувреме, Фотиј беше брзо испратен во Ефес. Тој водеше со себе еден врзан евнук, по име Калигон, сводник на својата господарка. Со мачење за време на патувањето, Фотиј го принуди да ги издаде сите тајни. Теодосиј беше предупреден и избега во црквата на апостол Јован, најголемата и најпочитуваната светост во градот. Но го поткупија Андреј, првосвештеник во Ефес, да го предаде. Во тоа време, Теодора се загрижи за Антонина- таа веќе дозна за нејзиното премрежје- и испрати во Византион да ги повикаат Велизар и неа. На таа вест, Фотиј го испрати Теодосиј во Киликија, каде што презимаа копјеносците и штитоносците, и им заповеда на придружниците на заробеникот да го спроведат колку што можат потајно и, кога ќе стасат во Киликија, да го затворат на тајно место и да не дозволат да се разбере каде е скриен.А тој самиот,ги зеде со себе Калигон и големото богатство на Теодосиј и пристигнаа во Византион. Таму, императорката им покажа на сите дека знае како да ги награди услугите на убијците со уште поголеми и посрамни подароци. Набрзо, служејќи се со измама, Антонина и го предаде нејзиниот единствен непријател, Кападокиецот, а Теодора и се отплати убивајќи голем број невини луѓе. Продолжи на мачење многу блиски на Велизар и на Фотиј, единствено поради тоа што им беа лојални.Со нив постапи така што и досега не ја знаеме нивната судбина. Други прати во прогонство поради истата причина. Му го одзеде имотот на еден од оние кои го подржуваа Фотиј во Ефес, по име Теодосиј, иако се имаше кренато до сенаторска функција, и го затвори во едно мрачно подземје, врзувајќи му го вратот за јаслите со толку кратко јаже што воопшто да не може да мрда. На тој начин, несреќникот требаше да јаде и да спие постојано исправен, а на истиот начин требаше да ги задоволува и сите други свои потреби. Му преостануваше само да зарика, па сосема да заличи на магаре. Во таква положба, човекот помина цели четири месеци, а на крајот беше обземен од душевна болест и целосно се избезуми. Дури то-

[16] ЗНАЧИ, ИМАЛО САМО ПЕРСИЈЦИ И РОМЕЈЦИ, НИКАКО ИРАНЦИ И ГРЦИ. Службени јазици биле само новоперсиски и латински. За коине уште било рано.А Рим и Атина биле под Цариград.
[17] Ромејско Царство со главниот град Константинпол. Тој бил Нов и Втор Рим, со носителот, царот.

гаш го ослободија од темницата, но наскоро потоа, тој умре. Императорката го принуди Велизар, против неговата волја, да се помири со жена си Антонина. А Фотиј, освен што го подложи на мачења што им доликуваа само на робови, натера да го тепаат по грбот и по раменицата и му нареди да открие каде се скриени Теодосиј и неговиот сводник. И покрај мачењето, Фотиј и остана верен на дадената клетва, иако претходно беше болникав и нежен човек и премногу се грижеше за своето тело, а и немаше искуство со страдања. И така, тој не ги издаде тајните на Велизар. Но подоцна, се се обелодени. Императорката го откри скривалиштето на Калигон и и го врати на господарката, а Теодосиј го повика во Византион и, штом пристигна, веднаш го скри во својот дворец. Следниот ден, испрати да ја повикаат Антонина и и рече: 'Драга патрицијко, вчера ми дојде во рацете невиден бисер. И нема да ти завидам ако посакаш да го видиш, а тоа си е твое право'. Антонина немаше престава што се случило и ја замоли Теодора да и го покаже бисерот. Тогаш императорката нареди да го доведат Теодосиј од една од собите и и го препушти. А Антонина најнапред занеме од огромна радост,а потоа сфати каква огромна почест и е направена и ја нарече Теодора своја покровителка. Императорката го задржа Теодосиј во дворецот, го опсипа со раскош и со секакви задоволства, па дури и изјавувеше дека наскоро ќе го направи војсководец на Византијците. Но некаква казна го стигна Теодосиј, тој се разболе од цревна болест и почина.

Во својот дом , Теодора имаше тајни и незнајни одаи во кои беше постојано темница. Таму таа го затвори Фотиј долго време. Сепак, тој успеа да избега, и тоа не еднаш, туку двапати. Најпрвин избега во храмот на Богородица, кој секогаш бил сметан за најсвет за жителите на Византион, и се фрли пред олтарот со молба за закрила. И покрај тоа, императорката нареди силум да го одведат и повторно го затвори. Вториот пат, тој избега во храмот Света Софија. Влезе ненадејно во светата крштaлница, која е најсветото место за христијаните. Но таа жена ја имаше дрскоста да го извлече и оттаму. Затоа што за неа не постоеше светост што не можеше да ја оскверни. Напротив, за неа беше ништожна работа осрамотувањето и валкањето на се што е свето. И христијанските свештеници трепереа од страв, заедно со народот, и и се покоруваа. Така, Фотиј помина три години во темница. Потоа, раскажуваат дека на сон му се јавил пророкот Захарија, го заколнал да избега и му ветил дека ќе го заштитува при бегството. Тоа го поттикнало Фотиј, тој избегал од затворот и незабележано стигнал до Ерусалим, иако го барале илјадници шпиони. Во Ерусалим, се потстрижал и се облекол во монашка облека и така можел да ја избегне казната на Теодора. А Велизар ја покази клетвата и не посака да му помогне на Фотиј коа тој падна во немилост. Затоа и доби заслужена одмазда од бога, во сите свои воени акции. Зашто веднаш потоа, беше испратен против Мидијците и против Хозроj, кои по трет пат навлегуваа на византиска територија, па така плати за својата лошотија. Сепак, во почетокот изгледаше дека тој постигнува успеси достојни за паметење, бидејќи ја оддалечи војната од границите. Но кога Хозроj ја премина реката Еуфрат и го презеде од никого заштитуваниот град Калиник, претворајќи во робови илјадници Византијци,[18] Велизар дури не се потруди да ги прогони непријателите и за него се создалде мислење дека постапил така или од злоба или од страв.

[18] НИКОГАШ НЕМАЛО БИЛО КАКВИ ГРЦИ, НИТУ ВИЗАНТИЈЦИ, ТУКУ САМО РИМЈАНИ.

ГЛАВА IV

Во тоа време, го снајде и друга несреќа. Меѓу жителите на Византион се разбесна чумата што ја споменав во своите претходни книги. И императорот Јустинијан се разболе тешко и почна да се зборува дека ќе умре. Веста стигна и до византиската армија. Некои воени старешини почнаа да зборуваат дека нема да останат настрана ако Византијците им постават друг император во Византион. По извесно време, императорот се созеде, а византиските воени старешини почнаа да се клеветат еден со друг. Така, војсководците Петар и Јован, наречен Лакомника, тврдеа дека самите ги чуле, од устата на Велизар и на конзулот Бузес,[19] приказните што веќе ги споменав. Разбеснета, импертаторката Теодора ги одбвини дека тие зборови се однесувале на неа. Веднаш ги повика во Византион и почна да го испитува случајот. Ненадејно, испрати да го повикаат Бузес во женските одаи, божем за да му соопшто нешто многу важно.Во дворецот имаше едно безбедно место кое личеше на лавиринт, сличен на Тартар, во кој императорката ги затвораше сите оние кои го предизвикаа нејзиниот гнев. И Бузес беше фрлен во таа темница. Таму, незнаен, бившиот конзул требаше да ги минува своите денови. Живеејќи во поптполн мрак, не знаеше дали е ден, дали е ноќ, ниту дали некој воопшто прашува за него. Само неговиот чувар, кој секој ден му ја фрлаше храната, комуницираше со него како ѕвер со ѕвер. Сите беа убедени дека починал и никој не се осмелуваше дури да го спомене. По две години и четири месеци, Теодора му се смилости и го ослободи. Тој изгледаше како да е излезен од гроб.Оттогаш,Бузес стана кусоглед и болежлив човек.

Такви беа премрежјата на Бузес. А на Велизар, иако не беше засегнат од никакво обвинение, по настојување на императорката, императорот му ја одзеде должноста што ја имаше и на негово место, старешина на источната војска го постави Мартин. А копјеносците и штитоносците и сите луѓе испробани во војните, нареди да им се разделат на воените старешини и на дворските евнуси. Сите беа распоредени, со ждрепка, заедно со оружјето што го имаа. Императорот им забрани и на пријателите на Велизар и воопшто на сите луѓе кои дотогаш комуницирале со него, да одржува врски со него. Самиот Велизар скиташе низ Византион- жална, неверојатна глетка- како обичен човек, речиси без свите, секогаш загрижен и мрачен, плашејќи се да не биде убиен. Но императорката дозна дека тој имал скриено големи богатства на Исток и испрати еден дворски евнук да и ги донесе. Како што веќе реков, Антонина беше скарана со својот маж, но ја имаше наконетоста на императорката и и беше многу блиска, особено откако го погуби Јован Кападокиски. Затоа, и императорката сакаше да ја покаже својата наклоност кон неа и ги среди работите така за да изгледа дека божем сопругата на Велизар ја молела да му простат и го избавиле од страшните маки. Притоа, несреќникот не само што требаше да се помири со неа, туку и да биде држан од неа како заробеник, бидејќи го спасила. Еве како се случи тоа: едно утро, Велизар дојде во дворецот, придружуван, како и секо-

[19] "Козулското звање, наследено од старите римски традиции, го зачувало до времето на Јустинијан своето големо значење во административниот живот на Византиската Империја, претврајќи се истовремено и во достинство и во должност. Поради тоа, и самиот Прокопиј, кога зборува за конзулите, ги употребува двата поими-'достоинство' и 'служба'.Судејќи според неговото име, Бузес имал веројатно тракиско потекло". НИКОГАШ НЕМАЛО ВИЗАНТИСКА ИМПЕРИЈА, ТУКУ САМО РИМСКА (РОМЕЈСКА), со службен прво латински и потоа коине, а народен само пелазгиски=тн.словенски јазик. Токму овој бил варварски, што се гледа кај Херодот.На овој говорел Платон, тн.Платонов.

гаш, од малкумина свои блиски. Императорот и императорката се однесуваа непријателски кон него, па дури и дозволија тој да биде навредуван од некои прости луѓе. Доцна попладне, тој тргнал да се враќа дома, постојано развртувајќи се да види од каде ќе го нападнат убијците. Со тој страв, се качил во својата спална и легнал сам во креветот. Сета храброст го имала напуштено, едноставно, тој заборавил дека е маж. Постојано се облевал во пот, бил како замаен, паѓал во паника и во ужас. Го налегнало ропски страв, големи грижи како да си ја спаси главата. Антонина, која не знаела ништо за тоа и не очекувала ништо од сето она што се случило, шетала низ куќата оправдувајќи се со стомачни киселини: сопрузите се уште се соменаваа еден на друг. Во меѓувреме, по залезот на сонцето, од дворецот пристигна еден човек, по име Квадрат. Тој влегол низ портата и неочекувано застанал пред влезот во машките одаи. Рекол дека е испратен од императорката. Кога го чул тоа, Велизар легнал на грб, со прибрани раце и нозе, готов да умира; тој изгубил секаква трага од машкост. Кога влегол кај него, Квадрат му врачил писмо од императорката. Во него пишувало: 'Што си направил, достоен човеку, знаеш многу добро. Но бидејќи твојата жена многу ме задолжи, решив да ти ги простам сите гревови и да и го подарам твојот живот, Значи, од неа зависат твојата безбедност и твоите пари.Како ќе се однесуваш со својата сопруга, ќе ни покажат твоите дела'. Кога го прочитал тоа, Велизар бил обземен од луда радост. Во исто време, сакал да му ја покаже својата добра волја и на присутниот Квадрат. Веднаш скокнал и се фрлил ничкум во нозете на жена си. И ги прегрнал колената и почнал да и ги лижи обувките, нарекувајќи ја извор на животот и на своето спасение,и изјавил дека за неа веќе нема да биде маж, туку роб. Императорката му предала на императорот околу триесет кентарии злато од скривницата на Велизар, а останатите му ги вратила.

Така се изнапати големиот војсководец Велизар, кому судбината порано му ги донесе во рацете како заробеници Гелимер и Витигес. Но одамна, неговото богатство им беше трн во окото на Јустинијан и на Теодора бидејќи беше огромно и достојно за царскиот двор. Тие велеа дека тој тајно си присвоил дел од државното богатство на Гелимер и на Витигес, а на императорот му предал сосема незначителен дел од него. Но бидејќи се сообразуваа со неговите заслуги и со прекорите на народот, а освен тоа, и не располагаа со доволно докази против него, не преземаа никакви дејствија. Но тогаш императорката го искористи поволниот момент- Велизар беше исплашен и обесхрабрен- и со еден удар, го завладеа целиот негов имот. Веднаш, двете величества се погрижија да ја свршат Јоанина, единствената Велизарова ќерка,[20] за Анастасиј, внук на императорката. Велизар посака одново да ја добие својата претходна должност- да биде назначен за воен старешина на Исток и повторно да тргне со византиската (ромејската, Р.И.) војска против Хозрој и Мидијците. Но Антонина воопшто не се согласуваше и велеше дека, во тие далечни земји, тој ќе се однесува лошо кон неа, нешто што не сакала повеќе да го поднесува.

Затоа, Велизар беше назначен за началник на императорските коњаници и по втор пат беше испратен во Италија, изјавувајќи му на императорот, како што раскажуваат, дека за таа војна не сака средства за него, туку ќе ја подготви со сопствени пари. Сите претчуствуваа дека историите со жена му, за кои раскажував, го натерале да се договори со императорот за војната така за да може да го напушти Византион. А штом ќе го напушти градот, веднаш ќе го грабне оружјето и ќе до-

[20] Женските имиња завршувале на денешен македонски јазик со а. Тоа било и за царицата,Василиса.

несе решение достојно за еден маж- да се сврти против сопругата и против насилниците. Но Велизар воопшто не помисли на тоа, заборави се и ги пренабрегна своите заклетви пред Фотиј. Ја следеше жена си, се уште лудо вљубен во неа, иако таа беше веќе шеесетгодишна. И така, кога пристигна во Италија, настаните се одвиваа се полошо и полошо зашто беше очигледно дека бог е против него. Во своите претходни акции против Тевдат и Витигес, и покрај тоа работите изгледаа неповолни, војсководецот постигнуваше успеси. При неговиот втор поход, се доби впечаток дека Велизар- благодарение на своето искуство- ги донел правилните решенија, но, напротив, во повеќето свои операции, тој доживеал неуспех. Неуспехот и го припишуваа на неговата лекомисленост. Но, всушност, човечките дела не се управувани од желбите, туку од божјата волја. Тоа луѓето, по навика, го нарекуваат судбина, не знаејќи што е тоа што ги уредува настаните. Зашто човек обично го нарекува судбина она што не го разбира. Но за тие прашања, секој нека мисли како што му се допаѓа.

ГЛАВА V

Велизар засрамен се повлече по својот втор поход во Италија. Во текот на пет години, тој можеше да слегува на копно само на утврдени места, како што веќе раскажав во своите претходни творби. За целото тоа време, тој беше принуден да плови покрај крајбрежјата. Тотила копнееше да го сретне надвор од карпите, но не можеше да го најде никаде зашто Велизар и целата византиска војска беа обземени од голем страв. Затоа не само што не можеше да си врати ништо од загубеното, туку, напротив, го изгуби и Рим- така да се рече- се останало. Тогаш Велизар се покажа најалчен од сите, мислеше само на најбесрамни печалби бидејќи немаше добиено ништо од императорот. Бесрамно ги ограби сите Италијанци кои живееја во Равена и на Сицилија и воопшто се што му падна во рацете, божем средувајќи си некои стари сметки. Така, отиде кај Иродијан,[21] барајќи од него толкава сума за целосно да го уништи. А Иродијан се разгневи од тоа, ја напушти византиската (ромејската, Р.И.) војска и се приклучи, со своите луѓе и со градот Сполитиј, кон Тотила и Готите. А сега ќе раскажам како полководецот се скара со Јоан, Виталијановиот внук- тоа беше тежок удар за византиската (ромејската, Р.И.) држава.

Императорката стигна дотаму што сосема отворено ја покажуваше својата омраза против Герман,[22] така што никој не смееше да го заштитува, иако беше императорски внук. Неговите синови останаа неженети дури до нејзината смрт. И ќерка му Јустина,[23] веќе порасната, осумнаесетгодишна, се уште немаше сопруг. Затоа, кога Јован пристигна во Византион, испратен од Велизар, Герман беше принуден да се сватоса со него, и тоа главно намамувајќи го своето богатство.Бидејќи тоа било полезно и за двајцата, тие се законале дека ќе го остварат тој брак по секоја цена. Зашто никој не можеше да смета на другиот- ниту Јован, сфаќајќи дека оди

[21] Иродијан (Херодијан): Ирод=Херод=хе (и) род: Херодот=Иродот=и (хе) родот=род от, ов-он-от.

[22] "Герман, внук од брат на Јустинијан, бил исто така забележителен воин. Тој се оженил за Матасунта, внука на Тодорих, но умира за време на борбите против Тотила. Види Историја на војните, VII, 40, 9, каде што Прокопиј ги фали неговите квалитети".Пак, Герман бил само тн.словенски бог, а името Герман било со балканско потекло: повеќе имиња на планини, места.., како Перун=Св.Илија= Зевс. Следи Германците да се Балканци=Илири, Деути=Теути=Тевти=Тевтони: Теудат=Тевдат, а=о.

[23] Јустин=ј устин=истин, вистин, устин=устин, само за правда. Јустин-машко, а Јустина-женско име.

надвор од својата положба, ниту Герман, кој немаше зет. А императорката, не можејќи да предложи соодветна прилика, не сметаше дека и е под достоинството, со сите средства, да ги осуети тие планови. И откако не успеа да ги исплаши и да ги разубеди ниту едниот ниту другиот, отворено се закани дека ќе го острани Јован. Така, Јован беше испратен повторно во Италија,каде што не смееше да се поврзе со Велизар додека Антонина не замина за Византион- толку многу се плашеше од неа. Зашто беше лесно да се дозволи дека императорката и наложила да го убие. Јован добро го знаеше карактерот на Антоина и знаеше како Велизар отстапува пред сопругата. Затоа, тој беше совладан од таков страв што дури и не отиде кај него. Се разбира, тоа беше катастрофа за Византијците чии позиции уште пред тоа беа мошне разнишани.[24]

Така се развиваше готската војна за Велизар. На крајот, тој загуби секаква надеж и побара од императорот да го отповика колку што може побрзо. Кога дозна дека императорот го прифатил неговото барање, веднаш тргна назад, исполнет со радост, збогувајќи се со византиската војска и со Италијанците.[25] Велизар ја напуштил Перузија[26]- опсадена и во очајна положба.[27] Тврдината беше преземена додека тој уште беше на пат, и ги претпрпе сите несреќи што човек може да си ги замисли, како што веќе раскажував. Но дома го чекаше друг удар на судбината.

Императорката ревносно се зафатила да го сврши својот внук од сестра со ќерката на Велизар. Таа постојано му додеваше на девојчето, испраќајќи писма до нејзините родители. А тие беа против осватувањето и ја одложуваа свадбата до своето пристигнување. Кога императорката испраила да ги повикаат во Византион, тие се извинуваат дека ситуацијата во Италија ги задржала. Но таа се стремеше да го направи својот внук од сестра господар на богатството на Велизар,зашто добро знаеше дека ќерка му е единствениот негов наследник, тој немаше други деца. А и Теодора воопшто не можеше да смета на согласноста на Антонина, напротив, се плашеше дека таа нема да му остане верна на нејзиниот двор по нејзината смрт, иако беше наишла на човечки однос во тешките мигови, и дека ќе го прекрши дадениот збор.Затоа се реши на безбожна постапка-спротивно на секој закон, ја натерала девојката да биде со момчето. Велат дека тајно ја принудила девојката да му се подаде, па со одземањето на нејзината невиност, да се изврши и бракот, така што императорот веќе да не може да го спречи стореното. Меѓутоа, по тој настан, Анастасиј и девојката биле обземени со огнена љубов еден кон друг и, така, живееле заедно цели осум месеци. Но по смртта на императорката, кога Антонина се врати во Византион, свесно го заборави сето она што и го направи Теодора и не сообразувајќи се со тоа дека девојката може да се најде во положба на блудница ако му ја понуди на друг, таа ја раздело од нејзиниот сакан маж. Таа постапка на Антонина луѓето ја

---

[24] НИКОГАШ СО РИМ НЕ ВЛАДЕЕЛЕ БИЛО КАКВИ ВИЗАНТИЈЦИ, ОТИ ТАКВИ НЕМАЛО.

[25] НИКОГАШ ВИЗАНТИСКА ВОЈСКА НЕ СТАПНАЛА НЕКАДЕ НА ИТАЛИЈАНСКО ТЛО.

[26] "За преземањето на Перузија (денешна Перуџа) Прокопиј раскажува во Историја на војните, VII, 35, 2". Не Перузија, туку Перусија=п ерусија=е русија, како Прусија=п русија. Секаде е само Русија.

[27] Италија била илирска и венетска, што било со Русите.Според Нестор (11-12 век), тие потекнале од Илирија. Русија била Венетија, со својот Перун.Истоветно било и со Етрурците, кои го создале Рим. Како што Русите и Етрурците го имале Перун, него го имале и жителите на Арапскиот Полуостров. Кога Русите пишеле со рецки, биле "роцки" народ. А кога тие го превзеле словото, се изјаснале Словени. За ова пишел цариградскиот патријарх Фотиј. И Етрурците пишеле со венетско писмо, рецки= руни. Според Стефан Византиски (6 век),Етрурците биле Словени.Значи,Склавини не биле Словени.

сметаа за многу нечовечка; и покрај тоа, таа лесно успеа, по враќањето на нејзиниот маж, да го убеди да се согласи со неа. Така, сите можеа да ја видат неговата бескарактерност. Иако пред тоа тој веќе ги беше погазил своите клетви дадени на Фотиј и на некои други роднини, сите го оправдуваа затоа што неговата недосредност му ја припишуваа на стравот од императорката, а не на потчинувањето на волјата на жена му. А кога Теодора умре, Велизар воопшто не помислуваше ниту на Фотиј ниту на некој роднина. Уште поочигледно од порано, негова господарка беше жена му, а негов господар, управителот на деворот, Калигон. Тогаш веќе сите се откажаа од него и отворено се потсмеваа со него нарекувајќи го глупак. Такви беа грешките на Велизар, ако може отворено да се зборува за тоа.

А за злосторствата на Сергиј, синот на Вакх, во Либија,[28]раскажував подробно на соодветните места во своите творби. Тој беше главниот виновник за поразот на Византијците (Римјаните, Р.И.) таму, зашто ја погази клетвата дадена на Леватите пред Евангелијата и без причини ги уби нивните осумдесетмина пратеници.[29] Сега треба да го додадам и тоа дека тие луѓе не беа дојдени кај Сергеј со лоша мисла, ниту му беа дале повод за сомнение. А тој подмолно ги покани на пир и најжестоко ги уби. Ете каде дојде уништувањето на Соломон, на византиската војска и на сите Африканци. Сергиј беше виновен за тоа што, по смртта на Соломон, како што веќе споменав, и воените старешини и војниците не сакаа да се изложуваат на воена опасност. Пред се, Јован, синот на Сисиниол, се држеше настрана поради својата омраза кон него, додека Ареобинд пристигна во Либија. Тој Сергиј беше мекушав и невоинствен човек, незрел по карактер и по возраст, а со сите се однесуваше непријателски и надмено. Живееше во раскош и беше горделив. Но бидејќи беше свршен за внуката на Антонина, жената за Велизар, императорката не сакаше да му побара одговорност или да му ја одземе должноста, иако многу добро гледаше како Либија се опустошува. Таа и императорот го оставија неказнет дури и Соломон, братот на Сергиј, кој беше виновен за убиството на Пегазиј. А сега ќе ги раскажам околностите во кои се случи таа работа.

Кога Пегазиј го откупил Соломон од Леватите и варварите си отишле, Соломон тргнал на пат кон Картагина, заедно со својот ослободител и со неколкумина војници. Патем, Пегазиј му споменал на Соломон за неговите предходни злосторства и му рекол секогаш да има на ум дека самиот бог тукушто го спасил од непријателите.А тој се разгневил што го укоруваат како оруженосец, и на место го убил. Таква му била отплатата кон човекот кој го спасил. Кога Соломон пристигна во Византион, императорот не го прогласи за виновен за убиството, бидејќи убил еден предавник на византиската држава. Му даде и документ кој го докажуваше тоа. Така Соломон ја избегна одмаздата и радосен се упати кон Исток, да ги види родниот град и своите блиски. Не го стигнала божјата казна и тој умрел на пат. Таков беше крајот на историјата со Соломон и Пегазгиј.

---

[28] Феникијците имале пелазгиски богови. Тн.словенски богови имале Египтјаните, Персијците итн.

[29] "Леватите се мавританско население во Африка". Поимот левати=левати е само пелазгиски=тн. словенски, од леан=налеа Леантот=Левантот, Леван=Лебан, Ливан=Либан до Либија. Таму Белците опстојувале во ледено доба преку 500.000 години, и тоа јужно од 35-та паралела, јужно од островот Крит,со својот Минос, мина=луѓе, осумдесетмина...Таму се одгледувале домашни животни, каде поради чумата на говедото и грипот на свињата се дошло до маласипаница и грип на Белците. Следи да се создаде крвната група А на вегеријанци. Токму поради заразата животниската храна е одбојна.

ГЛАВА VI

Сега ќе раскажам какви луѓе беа Јустинијан и Теодора и на кој начин ја распарчија државата на Византијците. Кога императорот Лав[30] управуваше во Византион, тројца млади селани, по потекло Илирци[31]: Зимарк, Дитивист и Јустин од Ведеријана,[32] откако долго се бореле со сиромаштијата во својата татковина, решиле да служат како војници. Тргнале пеш кон Византион, со кожени торби на рамо, во кои носеле само сув леб. Пристигнале во градот и се запишале во воените списоци, а императорот ги избрал во дворската стража, зашто сите тројца имале убава надворешност. По извесно време, кога власта ја презеде Анастасиј, избувнува војна меѓу Исаврите кои се кренаа со оружје против императорот. Тој испратил против нив значителна војска на чело со Јован, наречен Киртос. Тој Јован го затворил Јустин во темница за некакво провидение и имал намера следниот ден да го ликвидира, но во меѓувреме, еден сон го попречил тоа. Стратегот раскажал дека на сон видел еден многу крупен маж, со натчовечки изглед. Тој маж му наредил да го ослободи човекот што го затворил истиот ден. А Јован, кога се разбудил, заклучил дека сонот е бесмислен и не му обрнал внимание. Ноќта, на сон, тој одново ги слушнал истите зборови, но повторно не сакал да ја исполни наредбата. Кога истиот сон му се јавил по трет пат, крупниот маж му се заканил дека, доколу не го изврши нареденото, во иднина, ќе си го навлече страшниот гнев на Јустин и на неговите роднини.

Се случило така што Јустин преживеал и, со текот на времето, достигна голема власт. Зашто императорот Анастасиј ги направи началник на дворската стража. А кога императорот си заминал на оној свет, Јустин стана император благодарение на моќта на својата власт, иако старец, со едната нога в гроб, и иако неписмен.[33]Такво нешто никогаш дотогаш не им се имаше случено на Византијците. Вообичаено е императорот да ги потпишува документите што ги издава, но Јустин ниту објавуваше некакви закони, ниту беше способен да разбере нешто од она што се прави.[34] Неговиот помошник, по име Прокол, со т.н. должност квестор, самиот ги вршеше сите работи.[35] А за да имаат сведоштво од царската рака, оние на кои им била доверена таа работа, го измислиле следново: на мал, специјално изработена даска, врежале четири букви кои можат да се читаат на латински и, натопувајќи го перцето со мастилото со кое пишуваат императорите, му ја давале даската на императорот.[36] Кога ја поставувале даската врз документите, ја фаќале раката на императорот и ја воделе, заедно со перцето, по трагите од четирите букви. Така ги обиколувале сите линии на четирите букви и го добивале императорскиот потпис.

---

[30] "Импараторот Лав I (457-474)". Меѓутоа, тој како и сите други биле само едно: РОМЕЈЦИ,од Ром.
[31] ИЛИРЦИ БИЛЕ РУСИТЕ:СПОРЕД НЕСТОР (11-12 ВЕК), РУСИТЕ ПОТЕКНАЛЕ ОД ИЛИРИЈА.
[32] "Јустинијан I го наследува на престолот својот чичко, императорот Јустин I (518-527). Како што се гледа од овој текст, семејството на Јустинијан било од диоецезот Илирик. Самата Ведеријана се определува различно. Можда се наоѓала во Ќустендил (денешно село Таваличево) или во областа на Ниш. Јустин и Јустинијан, како и посочените Зимарк, Дативост и др., имале веројатно тракиско потекло". Таткото на Јустинијан се викал Исток, тн.словенско име. Според авторите, Константин Велики и Јустинијан ги учеле латинскиот и коине, а нивни мајчин јазик бил пелазгиски=тн.словенски.
[33] Бидејќи Јустин не бил писмен, не ги учел латински и коине, а со мајчин пелазгиски=тн.словенски.
[34] Неписмен човек без латински ништо не правел, а на пелазгиски=тн.словенски јазик не се пишело.
[35] "Квесторот бил началник на империската канцеларија, главен правник во империјата...". Тој го познавал службениот латински јазик, на кого се пишувало...Црковен јазик бил македонскиот коине.
[36] Па латински не бил народен, туку пелазгиски=тн.словенски, а ваков бил венетски=илирски јазик.

Така стојат византиските (римските, Р.И.) работи за време на Јустин. Тој живееше со една жена по име Лупикина. Робинка и варварка,откако ја купил некогаш, таа му станала наложница. И таа, заедно со Јустин, доби царска власт при крајот на својот живот.[37]

Јустин за своите поданици не можеше да направи ниту нешто лошо, ниту пак нешто добро. Беше многу наивен, беше сосема неспособен да зборува и зборуваше селски.[38]Неговиот внук, уште млад, ја управуваше целата држава. Тој им причини толку многу несреќа на Византијците за какви порано никој немаше чуено. Многу лесно се впушташе во неправедни убиства и во грабеж на туѓ имот. За него не беше тешко да се испратат на оној свет десетици илјади луѓе, макар и да не се виновни за ништо. Јустинијан не сакаше да зачува ништо од веќе востановеното, сакаше постојано да менува нешто, со еден збор, беше најголемиот разурнувач на востановениот ред. Од чумата, иако таа беснееше низ целата земја, како што раскажував во своите претходни книги, преживееја барем толку луѓе колку што и умреа. Преживеаните или воопшто не беа заразени од болеста или беа заразени и се спасија, а од тој човек не успеа да се спаси ниту еден Римјанин,[39] небаре некакво друго небесно проклетие беше паднато врз целиот човечки род и не остави никого незасегнат. Тој убиваше луѓе без никаква причина, а живите ги доведе до просјачки стап и ги направи понесреќни од умрените.Тие се молеа да ги снајде најтешка смрт, за да ги спаси од таквата положба. На некои, Јустинијан им го одзеде животот заедно со нивното богатство. Бидејќи за него беше ништо да ја опустоши само византиската (ромејската, Р.И.) држава, тој ги потчини и Либија и Италија[40]- и тоа не за друго, туку за да може да ги уништи на истиот начин и тамошните жители, исто како своите поданици. Не беа поминати ни десет дена откако дојде на власт, заедно со неколкуцина други, тој го уби и Амантиј, началникот на дворските евнуси. Единственото обвинение против него беше што кажал дрски зборови против Јован, патријархот на градот.[41] Оттогаш, Јустинијан стана страшилиште за сите луѓе. Веднаш прати да се повика узурпаторот Виталијан, кому претходно му даде гаранција за неговата безбедност, споделувајќи ги со него светите тајни за христијаните. Но наскоро потоа, тој ги разубеди неговите сменија и, без никаква причина, го уби во дворецот, заедно со неговите блиски луѓе. Така, тој не водеше сметка и за најстрашните клетви.

ГЛАВА VII

Како што веќе раскажував порано, народот одамна беше разделен на две партии. Едната од нив, на венетите,[42] која уште пред тоа беше поврзана со Јустинијан,

---

[37] Лупикина=Лупкина=Лупка, која била варварка, од народот, и со варварски=пелазгиски јазик.
[38] Јазик селски, варварски=пелазгиски=тн.словенски, кој бил народен јазик, не службен латински.
[39] СЕ РАБОТИ САМО ЗА РИМЈАНИ (РОМЕЈЦИ). ГРЦИ И ВИЗАНТИЈЦИ НИКОГАШ НЕМАЛО.
[40] Тој беше последниот римски (ромејски) цар кој сакаше да биде заедно целото Римско Царство.
[41] "Патријархот Јован II Кападокиски (518-520)" не бил само на градот, туку на целото православие.
[42] "Во рана Византија, освен сталешката поделба на населението, имало и поделба на реони или квартови во градовите, особено во Цариград. Тоа е античка традиција која добива ново значење во периодот што го разгледуваме. Димите имале свои началници кои поседувале имоти и имале адимистративни, како и некои црковни и воени обврски. Поделбата на дими е во тесна врска со поделбата на партии- некои дими формирале една партија. Во V и во VI век најпознати биле партијата на вене-

тој ја привлече сосема на своја страна и сакаше да уништи се. И со тоа, тој на натера византиската држава да падне на колена пред него. Се разбира, сите венети[43] не беа готови да и се покорат на волјата на тој човек, туку само на најбунтовните меѓу нив. А кога злото се развиори, тие беа сметани за најчесни луѓе, зашто правеа најмалку гревови во споредба со властодршците. И бунтовниците меѓу прасните не можеа да бидат мирни. Напротив, и тие даваа повод за обвинувања секогаш кога можеа, иако постојано беа поединечно казнувани. А тоа ги поттикнуваше кон уште поголема дрскост бидејќи онеправданите се втурнувале кон безумија. Тогаш Јустинијан го потпалуваше огнот и отворено ги поттикнуваше венетите и целата Византиска Империја се тресеше небаре е зафатена од силен земјотрес или од потоп, или како целиот град да беше заземен од непријателите.[44] Се беше буквално превртено со главата удолу и веќе ништо не си беше на свое место, а законите и државното уредување, среде настанатиот смут, стигна до своите спротивности.

Најнапред, бунтовниците со ги променија фризурите. Тие не си ги пострижуваа косите како другите Византијци- не ги бричеа мустаците и брадите, туку сакаа да ги носат по персиски манир. Предниот дел од косите го отсекуваа до слепоочниците, а одзади, без причина, останаа да им висат премногу долги коси, како кај Масагетите.[45] Затоа и ја нарекуваа таа фризура 'хунска'.

Освен тоа, сакаа да блескаат со своите облеки и се перчеа со алишта што не им одговараа на нивната положба. Такви облеки си набавуваа со незаконски стекнати пари. Ракавите на нивните хитони беа сосема тесни на китките, а оттаму се ширеа кон рамото. Кога ќе ја кренеа раката во театар или во хиподром, им оставаа впечаток на глупавите дека нивната облека е толку убава и сугестивна што и тие треба да се облечат така. Притоа, се разбира, не сфаќаа дека широката и слободна облека уште повеќе ја истакнува одбивноста на нивното тело. Нивните наметки и панталони, како и повеќето видови обувки, имаа хунски имиња и хунска кројка.[46]

тите ('сини') и партијата на прасините ('зелени'), според своите карактеристични симболи. Партиите ги организирале игрите на хиподром, каде честопати политичките страсти се претвориле во остри конфликти. Раководителите на енетите биле главно од средината на крупните земјопоседници и на сенатори. Прасините, пак, биле раководени од богати трговци и занаетчии'. Значи, в + енети = венети. Венетите биле земјоделци,чии производи ако на време не бидат продадени венет=венат,се венат, овенат. Следи на равниците, како што била Равена, а и низ континентот со своите равници,од Балканот биле преселени селани=венети, чиј венетски јазик бил пелазгиски=тн.словенски. Ваква била Русија, Венеа, чии Варези биле Викинзи со симболот роговите на балканското говедо со мали рогови, а вакво е најмасовното говедо во Европа и Америка фризиското, холштајнфризиен, Фриза=Бриза= Брига.Бидејќи Венетите биле тн.Словени,а тие живееле на Македонија...Далмација, поимот Словени станал политички,само на берлинско-виенската школа.И Германците биле само Венети=тн.Словени.

[43] БИДЕЈЌИ АНТИТЕ И ВЕНЕТИТЕ ИМАЛЕ БАЛКАНСКО ПОТЕКЛО,ТИЕ НЕ БИЛЕ СЛОВЕНИ.

[44] РОМЕЈСКОТО ЦАРСТВО СО СВОИ ВЕНЕТИ СЕ ПРОТЕГАЛО ДО ДУНАВ СО ЦРНО МОРЕ...

[45] "Масагетите се турска племенска група која влегува во хунскиот племенски сојуз. Прокопиј името го употребува најопшто, за означување на 'Хуни' ". Бидејќи тие навлегувале преку Кавказ, покрај Црно Море и Дунав, која била граница на Белците и Монголите, од монголските простори на југ навлегувале Монголи(Хуни=Скити),а од југ Белците на монголските простори.За да се потврди различното генетско-географско подрачје на Монголи и Белци доказ е пчелата: север на просторите на темните Монголи живеела темна пчела,а јужно од Дунав какоБелците светла пчела.Белците биле одгледувачи на домашни животни и растенија,Монголите само ловци и рибари,со коноп,свила,црн чај ...Токму затоа од монголските простори да потекнале Белци,тн.Словени,е најголем фалсификат. Секој оној кој пронајди материјален доказ,наод...,дека на Балканот дошле Белци,е за Нобелова награда.

[46] СЕ ГОВОРИ ЗА СЕВЕРНИ "ХУНСКИ ИМИЊА И ХУНСКА КРОЈКА", НИКАДЕ СЛОВЕНСКО.

Во почетокот, речиси сите носеа оружје само ноќе, а во текот на денот, до бедрата, под алиштата, криеја двострани ками. Штом ќе самнеше, се собираа во банди, ги ограбуваа чесните луѓе низ целиот пазар и по тесните улички, одземајќи од жртвите алишта, појаси, златен накит и воопшто се што беше вредно на нив. А некои не само што ги ограбуваа, туку ги убиваа, за да не ги издадат. Сите чесни венети се огорчуваа од таквите дејствија, зашто и тие не останаа поштедени поради нив.[47] Од тие причини, повеќето луѓе носеа бакарни појаси и украси и, воопшто, алишта кои не им одговараа на позициите, за да не останат жртви на страста кон блескот на тие престапници, и уште пред залезот на сонцето, се прибираа дома и се криеја. Бидејќи ваквото зло траеше долго, без никаква казна за злосторниците од страна на оплономоштените органи на демосот, дрскоста на тие банди постојано растеше. Зашто неказнетиот престап се шири до бескрај штом, дури и како казнетиот, не може да биде искористен- човечка природа лесно паѓа во гревови.

Така стоеја работите со венетите.[48] А некои од нивните противници преминаа на нивна страна, водени од желбата да вршат насилства неказнето. А другите, со бегство се скрија во туѓи земји. Мнозина од нив беа фаќани и ја наоѓаа својата смрт таму, казнувани од раката на своите непријатели или од тамошните владетели. А и многу други млади луѓе влегоа во таа криминална банда, без да имале претходно со неа, туку беа доведени дотаму со принуда. Најнапред, венетите[49] ги ликвидирале своите противници од другата партија, а потоа- и луѓе кои не им беа виновни за ништо. Мнозина ги поткупуваа со пари бандидтите и им ги кажуваа своите непријатели, кои насилниците ги убиваа прогласувајќи ги за прасини и, така, убиваа луѓе кои им беа сосема непознати. И сето тоа не се правеше во темница и тајно, туку среде бел ден, во целиот град, а во некои случаеви и пред очите на највидните луѓа. Бидејќи тие не се плашеа од казни, не се трудеа да ги прикриваат своите злосторства, туку убивањето на незаштитената жртва го сметаа дури и за прашање на честа и на својата машкост. Веќе никој не беше сигурен дека ќе преживее среде таквите секојдневни опасности. Обземени од паника, сите ја гледаа смртта пред своите очи и за нив немаше ниту едно заштитено место, ниту еден сигурен миг. Луѓето беа безмилосно убивани дури и среде најпочитуваните светини, среде божјите служби. Изчезна довербата дури и кон пријателите и кон роднините, бидејќи мнозина загинаа од подлоста на своите најблиски.

Впрочем, не се вршеше никаква истрага за таквите случаеви. Несреќата паѓаше најнеочекувано врз секого. Никој не ги заштитуваше жртвите. Законите и договорите немаа никаква моќ. Се се испомеша, вовлечено во насилството, државата

---

[47] Авторите од 19 и 20 век се најдрски и најневоспитани,оти Антите и Венетите ги нарекле Словени.

[48] Бидејќи Венетите како Балканци со балкански домашни животни и растенија го населувале ненаселениот и недонаселениот континент, Континталците биле Балканци. Бидејќи нема ниедно домашно животно кое преминало на Балканот, а преселбите биле со нив, немало чартер летови, сите Континеталци биле само Балканци. Бидејќи без говедо и свиња не може да се создаде крвната група А, а Континталците како Индијанците од маласипаница и грип преку 90%не изумреле,тие биле Балканци

[49] Фениките имале пелазгиски богови, а тие имале светилиште на Херакле Мелкарт, кој бил на Викизите, значи на Венетите. Следи на вазните се гледа како на врвот на бродовите е поставена глава на нерез, чии заби стрчат надвор, а пената е како морска пена. На врвот на лаѓите на Викинзите била поставена глава од лав на тело од змија. Лавот бил од Солунско, од каде глаголицата со симболот лав била пренесена во Далмација и Венеција, а змијата била бригиска=брзјачка. Токму од Бригија= Брзјакија била пренесена кирилицата во Истра. Во Истра бригискиот=брзјачкиот прч станал симбол.

целосно заличи на тиранија, но не стабилна, туку таква којашто се менуваше секојдневно и постојано почнуваше од почеток. Решенијата на раководителите изгледаа како да се диктирани од страв, нивниот ум беше заробен од ужасот пред еден човек, судиити не ги решаваа спорните прашања според законите и според правото, туку според волјата или омразата на секого од бунтовниците. Оној судија кој не се сообразуваше со нивните наредби, беше однапред осуден на смрт.

И многу кредитори, под силен притисок, беа принудени да им ги вратат квитанциите на своите должници, без да добијат ништо од нивниот долг. Мнозина, против своја волја, се ослободија од своите робови. Се зборува дека и некои жени биле изнудени од сопстените робови за многу работи кои тие самите не ги сакале. Синовите на видни луѓе се задржуваа со тие бандити и ги принудуваа своите татковци да им ги дадат своите пари. Многу момчиња, против сопствената волја, мораа да ги споделат нечистите постели на бунтовниците, и тоа со знаење на нивните сопствени татковци. На сличен начин страдаа и омажените жени. Раскажуваат дека една жена, изнакитена со разни украси, пловела со својот маж кон некакво предградие на спротивниот брег. Ги пресретнале бунтовниците и, со закани, неа ја одделиле од мажот. Ја качиле во својот чун, но таа успеала да му потшепне на својот маж да не се грижи и да не се плаши, дека нема да и се случи ништо лошо, дека нема да биде осрамотена. И додека мажот уште гледал по нив, потонат во длабоката тага, таа се фрлила во морето и таму ја нашла својата смрт.

Такви работи правеа бунтовниците на Византион. Но нивните жртви беа помалку измачувани од нив отколку од грешките на Јустинијан во неговото владеење. Кога законите и власта дозволуваат секогаш да се очекува одмазда, таа надеж значително ја олеснува маката и на најтешко настраданите. Зашто луѓето, кога имаат надеж во иднината, полесно и побезболно го поднесуваат денешното страдање. Но кога ќе видат дека трпат насилство од државните власти, се разбира, уште повеќе стрдаат поради несреќите што ги снашле и залудното очекување на казната ги фрла во најголем очај. Јустинијан не грешеше само со тоа што воопшто не сакаше да им помогне на онеправданите, туку и затоа што не сметаше дека е недостојно јавно да се покажува како покровител на злосторниците; зашто тој им даваше многу пари на тие млади луѓе и држеше околу себе мнозина од нив, па дури најде и неколкумина за соодветни да бидат поставени на високи позиции и да им бидат дадени други достоинства.

ГЛАВА VIII

Тоа се правеше во Византион и во сите други градови. Почнувајќи оттаму, злото, како зараза, го зафати секое катче на државата. Императорот воопшто не се грижеше поради тоа што се прави и не забележуваше ништо, иако секојдневно гледаше, со сопствените очи, што се случува по хиподромите. Беше целосен глупак, личеше најмногу на тапоглаво магаре способно само да ги следи оној којшто го влечи за јажето, постојано мрдајќи со ушите. Тоа беше се што правеше Јустинијан, кој преврте се во земјата. Веднаш штом ја презеде власта од својот чичко, почна да ги расфрла општествените пари, бидејќи веќе им беше господар. На Хуните,[50] кои

[50] Вајганд пиши: "татарски Хуни", а Вајгал говори за преку Дунав: "Скити или Татари". Се потврдува, Хуни=Скити=Готи=Татари=Бугари... биле Монголи со темен тен, закосени очи...и со богот Асен.

постојано се навртуваа,им даваше купишта пари за да ја остават земјата безбедна;[51] поради тоа, византиската земја се изложи на чести напади. Штом еднаш го вкусија богатството на Византијците, варварите веќе не сакаа да се одделат од патот што водеше кон него.

Јустинијан потроши многу пари и за и за некои крајбрежни постројки, за да ги запре постојаните бури.[52] Од брегот, правеше камени брани против струите откај Понта.Со моќта на своето богатство, како да се впушташе во соперништво со моќта на морето. Ја собра кај себе византиската приватна сопственост од целата земја, некого обвинувајќи за ненаправени грешки, а за друг изнаоѓајќи начин да му препушти се како подарок. Мнозина, пак, фатени во убиство или во други слични престапи, му го предаваа целиот свој имот и така се ослободуваа од заслужената казна. Се случуваше некои кои, без право, спореа за земја со своите соседи, не можејќи да наведат никакви докази против своите противници бидејќи законот беше против нив, му ја подаруваа спорната земја на императорот; со тој незначителен подарок, од една страна, си обезбедуваа углед кај него, а од друга страна, успеваа, на незаконски начин, да им се наметнат на своите соперници.

Ми се чини дека е време да му го опишам изгледот на тој човек. По раст, тој не беше ниту многу висок ниту многу низок, ниту пак беше слаб. Лицето му беше тркалесто и воопшто не беше грдо, и по два дена постоење, тоа беше уште розово. Со еден збор, неговиот лик му беше сличен на Домицијан, синот на Веспазијан, чии злостортства против Римјаните[53] стигнале дотаму што не можело да го стишат гневот против него дури и откако го исекле на парчиња и, со сенатска одлука, решиле името на тој император да биде ибришано од натписите, а неговиот лик да биде уништен насекаде. Во сите натписи во Рим и во сите други места каде што било испишано неговото име, може да се види дека е избришано, а низ целата римска држава се наоѓа само еден негов споменик од бакар, и тоа поради следнава причина: Домицијан имал благородна и воопшто мошне достојна жена која никогаш никому не му сторила зло, ниту пак ги одобрувала активностите на својот сопруг. Затоа била многу сакана и Сенатот пратил да ја повикаат и побарал да им каже една своја желба. Таа замолила да и дозволат да го погребат телото на Домицијан и да може да постави една негова статуа од бакар, таму каде што ќе посака. Сенатот се согласил. Жената сакала да остави спомен за идните времиња кој ќе потсеќа на нечовечката суровост на убијците на маж и. Ги собрала пачињата од трупот, грижливо ги средила и го сошила целото тело. Им го покажала на скулпторите и им пора-

---

[51] "Како и повеќето византиски автори, Прокопиј ги сака архаизмите. Поимот 'Хуни' кај него има многу широко значење. Под 'Хуни' тој подразбира различни групи турски племиња". Меѓутоа, кај него нема архаизми за историскиот фалсификат Словени, дело на континенталните автори од 19 и 20 век. А фалсификстот се гледа преку доказот, дека не е можно Хуни=Скити=Готи=Татари=Бугари со Асен и Словените со Перун=Св.Илија=Зевс да потекнуваат од исти простори, северно од Дунав со Црно Море и Кавказ. Зошто царот не му давал "купишта пари" на Словените, како што им давал на Хуните ? Ромејските извори ги запишале сите кои го поминале Дунав, Готи, Авари, Бугари..., но никако Словените. Сите кои поминале преку понтонски мостови, сите си платиле. Такво нешто не било познато од живисуштества на две нозе Словени. Дунав бил непроминлив, никако со трска, која покрај Дунав ја нема. Ова е затоашто трската бара длабина до 0,5 метар, за да прима воздух, а таму насекаде е предлабоко, многу метри...Се што таму е пронајдено, е скитско=хунско, никако на Белци.

[52] Се потврдува, брегот на Дунав бил ромејски, што важело и од двата брега, меѓу кои Ромејците ги имале поставено понтонските мостови, и само преку нив се минувало. Морнари не биле Монголите.

[53] Како што Римјаните се наведени како Византијци, исто тоа важи и за Склавини само во Словени.

чала да го престават неговото страдање во бакарна статуа.Мајсторите веднаш ја извршиле нарачката. Жената ја зела и ја поставила на улицата која води угоре кон Капитолот, од десната страна на патот кој доаѓа од Форумот. Таа и до денес ги покажува ликот и судбината на Домицијан. Човек би помислил дека тоа е вториот лик и второто тело на Веспазијан, според фигурата, според очите и цртите на лицето.

Таков беше императорот според надворешниот изглед; но неговиот карактер не би успеал точно да го опишам. Зашто тој беше злосторник и лекомислен човек- луѓето таквите ги нарекуваат злоќудни глупаци. Во разговорите, не кажуваше ниту еден вистински збор, секогаш и се кажуваше и правеше со подла замисла, но лесно се подведуваше по измамниците. Во него беше развиена необична мешавина од безумност и од лошотија. Можеби на тоа мислел еден филозоф-перипатетик[54] изјавувајќи еднаш одамна дека, како при мешањето на цветовите, така и во човечката природа можат да се соберат и наспротиставените црти. Сега пишувам за работи кои порано ми беше невозможно да ги изложам. Значи, тој император беше итар, измамник, таинствен, неосновано гневен, дволичен- страшлив човек, совршен актер кој го крие своето мислење. Тој не лееше солзи од радост или од жал, туку ги пишуваше во секој миг кога беше нужно. Лажеше со секој свој збор, но, се разбира, не непромислено, туку дури даваше и писмени изјави и најстрашни клетви по договореното- и сето тоа пред сопствените поданици. Но и ненадејно ги погазуваше своите договори и клетви, како најдолните робови кои, плашејќи се од мачењата што ги очекуваат, и покрај законите што и ги дале, признаваат се што се бара од нив. Јустинијан беше несигурен пријател, непомирлив непријател, страсен љубител на убиствата и на парите, голем кавгаџија, променлив во своите одлуки, нерасположен за добар совет, остроумен во измислувањето и во спроведувањето на злосторствата, човек кој не сака да слушне ништо добро. Како би можел човек со зборови да го опише Јустинијановиот карактер ? Тој ги поседуваше, во натчовечка мера, сите тие и многу други слични лошотии, небаре природата ги одзела од сите други луѓе и ги поставила во душата на тој човек. Освен тоа, тој беше мошне наклонет кон клевети и беше брз во казнувањата. Никогаш не судеше по спроведување истрага, туку решението го донесуваше веднаш откако ќе ги ислушаше обвиненијата на клевтеникот.Без размислување, даваше неосновани наредби што се однесуваа на уништување на населени места, на палежи на градови, на заробување цели народи. Ако некој посака да ги процени сите несреќи што Византијците ги претрпеле од него, и да ги спореди со опишаните, ми се чини дека ќе дојде до заклучок дека луѓето претрпеле повеќе убиства од Јустинијан отколку во кое и да е друго време. Јустинијан не познаваше никакви ограничувања кога си присвојуваше туѓ имот; не сметаше дури и дека е неопходно да изрази некаков благ правен мотив за своите недостојни плачкања. Кога ќе стекнеше нешто, во своето безумно честољубие, беше готов да го презре и, без секаква причина, да им го препушти на варварите. Со еден

[54] "Станува збор за т.н. школа на перипатетици, основана од Аристотел, во Атина, во 330 г.пр.н.е. Зборот 'перипатетици' означува луѓе кои шетаат, зашто Аристотеловите ученици разменувале мисли шетајќи низ квартот наречен 'Лицеј' ". Посејдон бил Патодавател=пато давател, патетеик=патет е ик..., а овде перипатетик=пери патет ик; за ова да се потврди е името: Пацифик=Pativik=Пативик= пат тивик=тивок; Амала=а мала; Амал=а мал;Аристотел=арис тот ел: Арис=Арес=Јарес=Јарец, прч, бригиски=брзјачки симбол (денес во Охрид е "аре што правиш", во Битола "але шо праиш", побоже што правиш=чиниш); тот=Тот богот мудрецот творец на писмо броеви; ел=тн.македонски завршеток (молител, тужител=тужит ел...);Лицеј=лице,од лице,улица=влица=в лица,патот в лице на куќите.

збор, ниту тој самиот поседуваше пари, ниту на друг му дозволуваше да има, небаре беше освоен не толку од алчност колку од завист кон парите што се поседуваа. Јустинијан најлекомислено го прогони богатството од византиската земја и им донесе сиромаштија на сите.

ГЛАВА IX

Таков беше карактерот на Јустинијан, колку што можевме да го опишеме. Тој имаше и жена, за која ќе раскажам какви и беа потеклото, воспитувањето, како стапи во брак со тој човек, како ја уништи од темели државата на Византијците. Имало во Византион еден Акакиј, чувар на циркуските sверови- таквите ги нарекуваат и мечкари- од партијата на прасините. Тој човек умрел од болест кога императорската власт беше во рацете на Анастасиј. Оставил три девојчиња- Комито, Теодора и Анастасија, од кои најголемото немало ни седум години. Вдовицата се прибрала кај друг маж кој, според неа, требало да се грижи за домот и да ја преземе службата на нејзиниот предходен сопруг. Но циркускиот танчер на прасините, по име Астериј, бил поткупен од друг, ги избркал набрзо и двајцата од службата и ги заменил со оние што му дале повисок поткуп- тогаш на танчерите им било дозволено да ги решаваа тие прашања по своја волја. Кога жената ќе видела дека целиот народ оди во циркусот, им ги преврзувале главите и рацете на девојчињата и ги оставале да молат за помош. Но прасините воопшто не погледнувале во нив, а венетите[55] им ја дале истата служба зашто и нивниот чувар умрел во тоа време. Како што девојчината изразнувале, мајката веднаш ги испраќала на сцената бидејќи сите имале убава надворешност; но не сите одеднаш, туку секоја штом ќе станела доволно возрасна за тоа. Првата, Комито, веќе блескала меѓу своите другарки; а Теодора, втората, носела кратка облека со долги ракави, како на робовите, ја следела сестра си во се, како слугинка, и насекаде го носела врз рамениците пиедесталот врз кој сестра и седнувала на претставите. Уште извесно време била незрела за да биде со маж и не можела да се однесува како жена; но таа не се воздржувала од тие работи и се оддавала на срамен полов акт на машки начин, со пропаднати момчиња, а тоа го правела дури и со робови кои ги придружувале своите господари во театарот, користејќи го згодниот случај, покрај другото,да ја завршат и таа срамна работа. Теодора поминала долго време во јавната куќа, оддавајќи си го телото на такви неприродни занимања. Веднаш штом пораснала и стигнала до зрелост, отишла меѓу актерките и станала обична хетера, од оние кои старите ги нарекуваат уличарки.[56] Бидејќи не знаела да свири ниту на флејта ниту на харфа, ниту пак била обучена за танчерка, таа требало постојано да со ги продава телото и своите убавини на првиот којшто ќе го сретне. Потоа учествувала во мимички престави, дури станала и актерка во театарот,[57] секогаш играјќи со шутови во непристрасни сцени.[58] Била особено префинета и остроумна и веднаш предизвикала општо внимание. Таа не знаела за срам и никој никогаш не ја видел засрамена, без двоумење вршела најсрамни

---

[55] АКО ВЕНЕТИТЕ СЕ СЛОВЕНИ, ВЕНЕЦИЈА Е VENETIA, И ВЕНЕЦИЈАНЦИТЕ СЕ СЛОВЕНИ.

[56] Хетера=х етера=е тера, која се тера;на атински момче (курос) и девојка (кора, како=ко ора=меша).

[57] Театар/театер=те атер; актер=а к тер: а како=ко=к тер=тера атер; Медитаран=меди (меѓи) теран-а. Секако, земја не е тера, туку само геа=зеа=зема=земја, од која потерува живот...следи, од неа тера...

[58] Сцена=с цена; акцент=а к ценет; мецена=ме цена. Секаде цената е вредност, назначување, наглас.

услуги. Дури и кога ја тепале и ја исипувале со навреди и со шлаканици, таа весело се шегувала и громко се смеела. Се разголувала однапред и не случајно присутните им го покажувале отворено она што треба да биде скриено и невидливо за мажите.

Теодора се подбивала со своите љубовници,правејќи се наивна. Била недостижна во изнаоѓањето нови начини за љубовни односи и со тоа успевала трајно да ги освои душите на развратниците. Никогаш не оставала таа да биде освоена, напротив, со прималмлива насмевка и со ласкање, со заводливо одење, ги намамувала своите жртви, особено голобрадите. Ниту една друга жена не била толку моќна во слаострастието.Често одела на организирани пирови со десет и повеќе момчиња, на врвот од машката сила и искусни во разврат, и ноќта ја минувала со сите нив. А кога тие зе изморувале од таа работа, таа одела кај нивните робови, понекогаш трисетина на број, и имала односи со секој од нив, без да се засити од таа срамна работа. (Таа во потполност се терала со момчиња, како да имало потера/чопор, Р.И.)

Еднаш Теодора отишла во домот на еден виден човек и, како што раскажуваат, скокнала на работ на масата, пред погледот на сите присутни на пирот, ги кренала безобразно алиштата од нозете нагоре и не се засрамила отворено да ја покаже својата бесрамност. Таа го вршела својот занает со своите три дупки, но пак била незадоволна и ја укорувала природата што не ги проширила доволно и оние на нејзините гради, за да може да измисли и за нив некој нов вид однос. Многупати забременувала, но речиси веднаш успевала да пометне, со вештачки средства.

Теодора често се соблекувала дури и во театарор и застанувала гола на сцената, пред сите гледачи, само со по една лента околу срамните делови и околу задникот, и тоа не затоа што се срамела да ги покаже и нив, туку затоа што таму никому не му е дозволено да се покаже сосема гол, туку треба да има барем лента околу задникот. Во таквата облека, легнувала на подот на грб. Неколку слуги, на кои им била наложена таа работа, фрлале јачмен по нејзините срамни делови. Потоа пуштале гуски кои ги колвале зрната. Теодора не само што не се вцрвенувала, туку изгледала дека се гордее со онаа своја престава. Таа не била само бесрамна, туку на најгрозен начин ги развратувала и другите. Често застанувала соблечена на сцената со испакнат стомак и со воврени задни делови и се перчела како искусен борец меѓу своите поклоници и пред оние кои уште не ја познавале доволно. Толку развратно го срамела своето тело што изгледало дека нејзините срамни делови не се наоѓале на нормално место како кај другите жени, туку на лицето. Изгледало дека оние што имаат врски со неа практикуваат противприродни односи. Кога чесните луѓе ќе ја сретнеле среде плоштадот, се враќале назад и се оддалечувале, за да не остават впечаток дека се извалкале од допирот со нејзините алишта. Се сметало за лош знак ако човек ја сретне рано наутро. Теодора секогаш била лоша како скорпија[59] кон другите актерки во театарот, зашто била обземена од голема завист.

По извесно време, Теодора го придружувала новоназначениот управител на Пентапол,[60] Хекабол од Тир, за да му врши најсрамни услуги, но се скарале за не-

---

[59] Скорпија=скорпи=с корпи; крокодил=к роко дил: роко=рака дил=тил; рептил=реп (опаш) тил... Дека вака била правени именките најдобар доказ е гуштер=гуш-а тер-а. Да се знае: с=тн.словенско.

[60] "Буквално 'Петоградие' во Киренајка, Северна Африка, западно од Египет. Во тоа 'Петоградие' влегувале градовите Арсиноја, Кирена, Апогонија, Береника и Птоломеида". Само Пентапол=пента пол: пента без н пет-а, до денес пет,и пол=пол, Полска, а град цитадел=ѕидател=ѕидат ел, City=ѕиди; Киренајка=киренајка, Африка=а фрика=прика=пирика, Арсиноја=арсиноја, Кирена=кирена, Апого-

што и таа избегала од него. Поради тоа, паднала во крајна беда и повторно била принудена да се издржува продавајќи го своето тело, како што веќе била навикната. Најпрвин отишла во Александрија, а потоа го пребродила цел Исток и се вратила во Византион, вршејќи го својот занает во секој град.

Така била родена и воспитана таа жена што станала најпозната меѓу јавни жени и меѓу сите луѓе. По нејзиното враќање во Византион, во неа се вљуби Јустинијан, со необична силна љубов. Најнапред ја направи своја љубовница, а потоа и додели патрициско достинство. Со тоа, Теодора одеднаш се крена многу високо и доби многу пари. Зашто за Јустинијан најслаткото нешто беше да и угодува на својата љубовница и штедро да ја осипува со пари- што често се случува со силно вљубените. Но и управувањето на државата уште повеќе ја распали таа љубов. Јустинијан, во сојуз со Теодора, веќе почна да го развратува народот, не само во Византион, туку и низ целата Византиска Империја. И двајцата, многу одамна, и припаѓаа на партијата на венетите[61] и им овозможија на тие бунтовници да се мешаат во државните работи. Дури по многу години, големо зло се изрази на овој начин.

Се случи така што Јустинијан беше болен долго време и неговата болест се влоши толку многу што почна да се зборува дека умре; но бунтовниците вршеа насилства и, среде бел ден, во црквата Света Софија убија еден Ипатиј, познат човек. Набрзо, веста за тоа убуство стигна и до императорот. Секој од неговите блиски луѓа, бидејќи го користеа Јустинијановото отсуство, се трудеше да ја истакне својата одвратност кон стореното и му набројуваа се што се случило, дотогаш. Тогаш императорот му наложи на градскиот перфект да ги казни виновниците за сите злосторства. А префектот се викаше Теодот, а го прекаруваа Тикварник. И тој, грижливо испитувајќи го слученото, успеа да фати мнозина злосторници и да ги казни според законот. Се разбира, мнозина од нив се скрија и си ги спасија животите, но и покрај тоа, и тие требаше да загинат заради византиските работи. Меѓутоа, сосема неочекувано, Јустинијан оздрави и ненадејно се зафати да го убие Теодот како трујач и маѓосник. Но бидејќи немаше мотив за да го уништи, подложи на жестоки мачења неколку од неговите блиски луѓе и ги натера да искажат најбезумни обвинија против него. Сите се откажаа од Теодот, само квесторот Прокол тврдеше дека човекот е невин и дека воопшто не ја заслужува смртната казна. Затоа и Теодот, со императорско решение, беше заточен во Ерусалим. А кога дозна дека таму пристигаат убијци за да ги погубуваат, тој цело време се криеше во манастир и така живееше до крајот на својот живот.

Таква беше судбината на Теодот. Оттогаш, бунтовниците станаа многу поразумни. Тие веќе не се осмелуваа да вршат слични злосторства, иако им беше дозволено да го водат својот криминален живот. А доказ за тоа е следново: подоцна, неколкумина се осмелија да го прават истото и воопшто не беа казнети за тоа. Овие кои секогаш ја имаа власта да ги казнат, на извршителите на тие страшни злосторства им овозможија да се скријат и, со таа своја отстапка, ги поттикнуваа да ги прекршуваат законите.[62]

нија=а по гонија (Антигона=анти гона, гони, гонади, гон=ѓон, Егнација (Игнација)=е(и) гнаци=гнати, гонати Македонците низ ненаселениот континент), Береника=береника, б=в, Птоломеида=п то ...

[61] Авторите на старата ера Венетите ги споменуваат на Балканот, а само во новата ера северно од Дунав.Токму затоа балканските Анти и Венети тек во новата ера се преселуваат и северно од Дунав.

[62] Закон=за кон=коин, бил општ, заеднички, за сите; коине=кои не, кој не: кој дојде ? кој не дојде, сите дојдоа.

Додека старата императорка беше уште жива, за Јустинијан беше сосема невозможно да ја направи Теодора своја законска сопруга. Зашто таа му приговоруваше само за тоа, иако за се друго воопшто не му се спротиставуваше. Навистина, таа жена воопшто не беше лоша, но си беше селанка и варварка по раѓање,[63] како што веќе споменав. Немаше никакви способности и до крајот на својот живот остана неопитна во државните работи. Таа не можеше да влезе во императоркиот дворец дури ни со соптвеното име зашто звучеше смешно, па се нарече Ефимија.[64] По извесно време, императорката почина. А Јустин, слабоумен и сосема остарен, им служеше за потсмев на своите поданици и, бидејќи не разбираше ништо од она што се правеше, сите го одминуваа, со пренабрегнување, а трепера од страв пред Јустинијан.Тој постојано растеруваше и средуваше се и, најпосле, го уништи целиот ред. Во тоа време, Јустинијан реши да се сврши со Теодора. Бидејќи беше невозможно маж со сенаторска положба да се ожени за хетера- најстарите закони отсекогаш го забранувале тоа-[65] тој го принуди императорот да ги смени со нов закон и, оттогаш, почна да живее со Тодорка како со своја законска сопруга. Овозможи и сите други да можат да се женат за хетери. Вистински узурпатор, тој веднаш ги презеде императорските почести под измисленото објаснување дека добива искуство, прикривајќи го со тоа своето насилство. И навистина, сите значајни луѓе го прогласија за император, заедно со вујко му,[66] поттикнати кон тоа решение од страв. Јустинијан и Теодора го примија императорското достоинство три дена пред велигднскиот празник, токму кога не е дозволено ниту да се прими пријател, ниту пак некој да се поздрави. По кратко време, Јустин почина од болест, откако раководеше девет години, а Јустинијан, заедно со Теодора, го зачува императорското достоинство.

ГЛАВА X

Како што раскажав, со такво потекло, воспитување и образование, Теодора без пречки стигна до императорската положба.[67] На нејзиниот сопруг не му падна ни на ум каков срамен чекор правеше, иако можеше да си ја одбере за сопруга, од сите жени на Византиската Империја, најблагодарната, највопспитаната,[68] која би имала чуство за срам, притоа благоразумна, со заслепувачка убавина, чиста девица. А Јустинијан не сметаше дека е недостојно да ја направи своја онаа која беше срам за сите луѓе, без да навлезе во веќе раскажаните подробности, и да се ожени за

---

[63] Тој кажа: "селанка и варварка". Таа била од народот, селаните,а не од царско семејство. Следи, самиот поим варварски означувал народен, варварски, а Македонците биле Варвари. Токму затоа во Елада се говорел само варварски,што било и за во Македонија:варварски=пелазгиски=тн.словенски.

[64] "Нејзиното вистинско име, Лупикина, а деминутив од лупа- волчица, а оттаму- јавна жена. Затоа, тоа било заменето со Ефимија, т.е. жена со добро име". Наведеното нема ништо зедничко со вистината, а таа мора да е само истогласно: Лупикина=Лупкина, лупа=луба=Љуба; Ефимија=е фимија, пи мија=миа. Се истакна за јустин=ј устин=уст ин, ист ин, ин=тн.словенски завршеток за припадност. За потврда дека не смее да им се верува на сите оние кои не одгонетнуваат истогласно е доказот со Булгароктон=булгар октон=окт он, а он=ан е тн.словенско:окт-о=окото окати,оковадење.Следи булгар=вулгар=волгар=волг ар, волг=волк=Volk=народ, полк=полка=народна, булг=бург=Бургас. И за Вавилонската кула, чие име била Небокатница=небо катница, како Небо планина=рид во Палестина.

[65] И традиција на Источното Ромејско Царство, никаков брак на благородник со варварка,и обратно.

[66] Веројатно овде е грешка, се говори за вујко, Јустин му бил чичко, што се гледа и во фуснотата- 32.

[67] Таа како необразована не ги знаела латински и коине, таа говорела само на варварски=пелазгиски.

[68] А сопруга можела да биде "најблагородната, највоспитаната" која ги познавала латински и коине.

жена извалкана не само со сите опишани страшни престапи, туку и со детеубиство, преку своите многубројни намерни пометнувања. Ми се чини дека повеќе не е неопоходно да раскажувам за карактерот на тој човек. За да се истакнат душевните изопачености на Јустинијан, доволно сведоштво би бил тој брак- толкувач, сведок и хроничар на неговиот карактер. Зашто оној кој ќе го презре срамот од своите дела, тој не смета дека е недостојно да биде засрамен пред сите, за него ќе нема недостапна патека кон беззаконието, дрскоста, ниту еден сенатор не се осмелил да ја изрази својата огорченост гледајќи ја државата извалкана од таквиот срам, ниту пак да ги спречи таквите дела;[69] напротив, сите тие сакаа да ја изразат својата лојалност како пред бог.[70] Но дури и свештениците не покажаа дека негодуваат, туку сакаа да и се обраќаат на таа жена со 'господарке'. А народот, кој порано и беше публика, веднаш прифати дека е праведно, на најгрд начин, да стане нејзин роб и да биде нарекуван така од неа. Ниту еден војник не се разгневи кога требаше да ги поднесува опасностите во воените логори за делата на Теодора, ниту пак и се спротистави некој друг, туку ми се чини дека сите и препуштија на случајноста да ги решава работите по своја волја. Дозволија да се врши тој срам небаре случајноста би посакала да си ја покаже силата и дека таа, всушност, ги раководи сите човечки дела и дека воопшто не и е грижа дали настаните се праведни и дали ќе им изгледаат необични на луѓето. Од неразумни пориви, таа ненадејно крева некого до голема височина, и тоа човек пред кого изгледа дека се испреплетени многубројни пречки, но, сепак, неа ништо не може да ја спречи тоа. Со сите средства, ги доведува работите таму каде што решила претходно, а сите подготовки остапуваат и и прават пат на случајноста. Но нека се случува и нека се опишува тоа како што му е угодно на бога.

Впрочем, Теодора имале убаво лице и воопшто беше многу привлечна, со ситна фигура и не многу румена, туку повеќе бледа.[71] Нејзиниот поглед секогаш беше див и остар. Ако човек посака да раскаже се што преживеала таа во театарот, не би му била доволна цела вечност. Во своите претходни раскажувања, избрав неколку примери за карактерот на таа жена и ми се чини дека тоа би било доволно за да го открие пред идните поколенија. А сега накратко ќе ги раскажам нејзините и делата на нејзиниот сопруг, бидејќи тие двајцата не направија ништо одделно додека беа живи. На мнозина им се чинеше дека тие, во мислите и во дејствијата, следат спротивни насоки, но подоцна, се разбира, стана јасно дека намерно создавале таков впечаток, за да не се кренат нивните поданици против двајцата и за да ги разделат сите спротивноставени мислења.

Најнапред ги раздвоија христијаните така што во споровите со нив, секој заземаше различен став. Така предизвика општ расцеп, како што ќе биде понатаму кажано. А потоа ги раздвоија бутновниците. Теодора се препираше дека со сите си-

---

[69] А со необразована императорка победувал народниот јазик: варварски=пелазгиски=тн.словенски.

[70] На бог му се служело на арамејски, а потоа коине и латински. Не се прифаќал тн.старословенски. Ова било затоашто тој како народен=варварски=пелазгиски=тн.словенски не бил во божја употреба

[71] "Познатата слика на Јустинијан и на Теодора врз мозаикот во црквата Сан Витале во Равена потсетува на портретот што Прокопиј го црта овде. Тој мозаик е направен во 545., а изградбата на црквата почнала во 540 г". Бидејќи Теодора била необразована, на кој јазик таа со тамошниот народ во Равена разговарала ? Само на венетски=тн.словенски, кој бил варварски=пелазгиски. На таков јазик биле Равена=равен а, Витале=в итале, Италија=итал хитал=х итал...Латинскиот останал мртов јазик. Ова за народот било и во 17, 18 и 19 век, кога од еден вулгаренлатински се создал италијански јазик.

ли ги подржуваше венетите[72] и им даваше целосна можност да вршат најжестоки злосторства и најужасни насилства против своите противници. Јустинијан, пак, создаваше впечаток дека тајно негодува и дека се лути поради тоа, но дека не е во состојба да им се спротистави на заповедите на жена си. Често ги менуваа ставовите за власта и тргнуваа по спротивните патишта.Зашто Јустинијан изјавуваше дека сака да ги казни венетите[73] за нивните постапки,а Теодора, на зборови,беснееше и негодуваше дека, и против својата волја,била принудувана да остапи пред својот маж.

Впрочем, бунтовниците во средината на венетите,[74] како што веќе споменав, се покажаа сосема разумни. Не решија да ги користат можностите за насилство над своите сограѓани, иако ги нема. Во споровите за процесите, секој од владетелите создаваше заблуди дека заштитува една од спротивните страни, но, се разбира, победата задолжително одеше на страна на застапникот на неправедната кауза. Така, тие успеваа да го заграбат поголемиот дел од оспоруваните суми. Мнозина од опкружувањето на самиот император имаа можност да вршат насилства и противдржавни престапи кога ќе посакаат, но кога ќе се забележе дека стекнале огромни богатства, веднаш си ја навлекувале омразата на императорката. Во почетокот, Јустинијан не им ја откажуваше својата великодушна заштита, но потоа се откажа од наклонетоста кон тие луѓе и неговата грижа за нив престана. Тогаш жена му се впушташе во најжестоки насилства над нив, а тој се преправаше дека не знае ништо за направеното и на најбесрамен начин си го приствојуваше целиот нивен имот. Со такви интриги, усогласувани меѓу нив двајцата, додека пред луѓето се преправаа дека си се спротиставуваат, тие двајцата најсигирно успеваа да ги поделат своите поданици и да си ја зацврстат насилната власт.

ГЛАВА XI

Штом Јустинијан ја доби императорската власт, тој успеа да го наруши целиот востановен ред. Го воведуваше во државата она што порано беше забрането со закон, а уништуваше се што беше прифатено, небаре царското достоинство го носеше само за да ги менува сите работи. Укинуваше постојни служби, а создаваше нови, незначајни за раководење на државата. На ист начин постапи и со законите, и со воените списоци, не затоа што остапуваа од праведноста, ниту пак затоа што тој беше поттикнат на тоа од идната полза, туку за да биде се ново и да носи негово име. А ако во даден момент не можеше да смени ништо, барем му го даваше своето име.

Јустинијан никогаш не се засити од грабежи и од убиства. Само што ќе оплачкаше безброј домови на имашните луѓе, почнуваше да бара нови, откако набрзина ќе ги потрошеше средствата од својата претходна пљачка за разни варвари или за бесмислени градби.[75] Откако без причини ќе погубеше десетици илјади луѓе, веднаш кроеше заговор против други, уште побројни. Бидејќи Византијците живее-

---

[72] Поимот Венети, а континентот бил венетски, посебно германските простори, е доказ, сé е лага.
[73] За тн.Словени биле користени четири поими: Анти, Венети, Склавини=области и Словени=слово.
[74] Бидејќи Херодот...Прокопиј...Венетите не ги нарекуваат Словени,авторите од 19 и 20 век се дрски
[75] Според историските извори, Ромејците од двете страни на Дунав населувале луѓе, а и таму граделе свои гранични објекти, цркви итн. Тогаш било времето кога од легии се преминало на граничари. Со тоа поуспешно се чувала границата. Во прво време, таму имало само граничари, без своите семејства, потоа и нив ги понеле. Доказ се домашните животни: во прво време такви немале, и донеле.

ја во мир со сите луѓе и императорот немаше можност да ги задоволува ненаситно своите желби за убиство, ги подбуцнуваше сите варвари[76] едни против други, уште побројни. Бидејќи Византијците живееа во мир со сите луѓе и императорот немаше можност да ги задоволи ненаситно своите желби за убиство, ги подбуцнуваше сите варвари[77] едни против други.[78] Без каква и да е причина, ги свикуваше водачите на Хуните и, поради безумна штедрост, им даваше огромни суму, правејќи го тоа божем како залог за нивното пријателство. Се зборуваше дека тој го правел тоа и за време на владеењето на Јустин. А водачите, одејќи си со свои пари, испраќаа и други, заедно со нивната свита, да навлезат во императорската земја и да можат да му продат мир на оној кој безусловно сакаше да го купи.[79] И некои од нив почнаа да ја поробуваат византиската држава и од императорот добија не помалку отколку првите. А по нив, трети се втурнаа да ги ограбуваат измачените Византијци и по пљачката, како награда за нападот, ја добија императорската штедрост. Така, накратко кажано, врварите, еден по друг, не пропуштаа случај да пљачкаат и да се богатат. И бидејќи тие варвари имаа многу водачи, постојано се одложуваше војната предизвикана од непромисленото расипништво на Јустинијан. Таа немаше крај. Ниту едно место, ни планина, ни пештера, ниту едно катче од византиската земја не остана неопустошено во тоа време, а многу области беа освојувани по пет пати, па и повеќе. А што се претрпевме од Мидијците, од Сарацените, од Словените, од Антите[80] и од други варвари,[81] јас опишав во други свои дела. Но тука морав да го опи-

---

[76] Ромејците на граничните простори говореле со варварски=пелазгиски јазик. Еден бил дури цар, Фока, кој бил од династијата на Јустинијан. Едниот родител му бил варварин, другиот благородник.

[77] Острогорски пиши за Фока (602 година): "Побунетите војници го дигнале на штит и го прогласиле за цар, подофицерот од полуварварско потекло и напуштајќи ги своите позиции, тргнале кон Цариград". Едниот родител ми бил царско потекло од Јустинијан, а вториот од народот. Значи, вториот имал варварско потекло. Се гледа дека тогаш Склавините северно од Дунав биле со потекло од Мала Азија со Балканот. Па Балканот и северно од Дунав со Црно Море биле простори на Траките, што се гледа кај Херодот. А токму на Балканот со двете страни на реката Дунав биле само ромејски.

[78] "Тука станува збор за познатата политика на Јустинијан да се служи со 'федерати' (нарекувани и 'сојузници' од VI век наваму). Се работи за разни племенски групи кои биле населувани, заедно со своите водачи, во пограничните реони, кои имале задача да обезбедуваа. Јустинијан засилено ја спроведувал политиката 'разели и владеј' меѓу своите 'сојузници' (на пример, меѓу Утигурите и Кутригурите). Во други случаи, богато ги дарувал своите неверни 'сојузници', за сметка на провинциското население на империјата, кое страдало од грабежите на тие 'сојузници' ". Значи, област на латински била провинција, на коине тема а на варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик склавина=с клав ин-а=глав ин-а..., со свој намесник=главник=клавник, кој се клава, клаи=клај...Токму затоа се совпаѓа наводот: "Тука станува збор за познатата политика на Јустинијан да се служи со 'федерати' (нарекувани и 'сојузници' од VI век наваму). Се работи за разни племенски групи кои биле населувани, заедно со своите водачи, во пограничните реони, кои имале задача да обезбедуваа": со Белци.

[79] Се потврдува, Хуните=Скитите=Готите=Татарите организирано навлегувале, а без наод за Белци.

[80] Се потврдува, страдањата биле од нападите на населението од Мала Азија, Арапите и балканските Склавини со Анти. Со тоа што овде стои Словени и Анти, а и Антите биле тн.Словени, се Склавини.

[81] "Се смета дека Антите се Словени од источната група кои живееле на бреговите на Црно Море и на сливовите на реката Дњестра и Дњепар. Според описите од VI век, меѓу Словените и Антите нема разлика во верата, во јазикот и во обичаите. Заедно со Словените, или самостојно, тие ја напаѓале Византија". Кај Херодот се чита дека Траките со својот Зевс=Св.Илија=Перун се населувале на скитските=татарските простори со богот Асен.Тие таму ги однеле своите домашни животни и растенија со крвната група А на Белци, спротивно на темните Монголи како ловци и рибари само со првобитната крвна група 0 на ловци и рибари. Следи Склавините и Антите, што важело за Венетите, да се со иста вера, ист јазик (варварски=пелазгиски=тн.словенски) и со исти обичаи. Значи, народ Белци.

шам она што го ветив во почетокот на книгава- да ја окријам причината за настаните.[82] (Следи книгата на Прокопиј во потполност ја пренесувам, Р.И.)

Јустинијан потроши огромна сума кентенарии за да постигне мир со Хозрој. Меѓутоа, без причина, стана најголемиот виновник за прекршување на договорот, стремејќи се, по секоја цена, да ги привлече на своја страна како пријатели Аламундар и Хуните, сојузници на Персијците;[83] мислам дека за тоа пишував сосема отворено во своите дела. Иако, со безредијата и со војните, Јустинијан донесе и распали многу лошитиии за Византијците, со единствена цел земјата да се напои со човечка крв и тој самиот да ограби што повеќе пари, тој најде и друг начин за масовно погубување на своите поданици, а како еве:

Во целата византиска држава постојат множесто презрени христијански верувања кои обично ги нарекуваат ереси- оние на монтанитите, на сабатјаните и други, кои го водат човечкиот разум во заблуда. Јустинијан им нареди на сите тие луѓе да ја сменат својата дотогашна вера, а на непокорените им се закани, покрај другото, и со тоа дека нивниот имот воопшто нема да можен да биде наследуван од нивните деца и од нивните родители.[84] А црквите на еретиците, особено на аријаните, поседуваа нечуено богаство. Ниту целиот сенат, ниту која и да е друга виша општествена група не можеше да се споредува со нив во благостојбата на тие храмови. Тие поседуваа огромни, неброени скривници со злато, сребро и скапоцени камења. Освен тоа, имаа и многу куќи, населби, големи земјишни имоти низ целата

---

[82] Склавини имало до реката Рајна, денес германски простори. Нив ги покатоличувал Бонифациус (8 век). А според него, тие биле најгадна и најодрватна раса. Нивните традиции и обичаи биле како на Траките. Херодот вели, Траките биле најмоќен народ, кои биле населени северно од Дунав, зад Карпатите...Тој наведува и, дека северно од Дунав и Прицрноморието и многу понасевер, на скитските =татарските простори, се селеле луѓе од персиските простори со Мала Азија и Балканот. Бидејќи денес во Украина, Русија...се говори само варварски=пелазгиски=тн.словенски, тој бил јазик на Белци.

[83] "Во 539-540 г. Персијците одбиле да плаќаат данок од 110 кентенарии (околу 5.600 кг злато), кои секоја година и ја давале на империјата. Така започнуваат воените дејствија на Северното Црноморие, до Египет и Либија. И во тој случај, Јустинијан се служел со својата двојна политика во однос на 'варварските' племиња, кои ги подбуцнува против Персијците. Прокопиј пишува за тоа во Историја на војните". ЗНАЧИ, ПЕРСИЈЦИТЕ БИЛЕ НА НАВЕДЕНИТЕ ПРОСТОРИ.Затоа е ист јазик.

[84] "Јустинијан бил приврзаник на официјалната политика на Цариградската црква, според догмите определени на Никејскиот собор (325 г.). Учењето на монтанитите, кои се одликувале со својот аскетизам, биле проширени во Фригија (Мала Азија). Сабатјаните (според името на својот водач, Сабатиј) ја празнувале Пасха по еврејскиот календар. Самаритјаните, кои се споменуваат понатаму, биле јудејска секта. Манихеите (според името на основачот на сектата- Персиецот Манис) се појавиле уште во III век, во Селевкија. Тие биле дуалисти и ги проповедале двата принципа во природата- принципот на доброто (светлината) и принципот на злото (темнината). Со името 'политеисти' и 'елини' Прокопиј ги означува многубожците, имајќи ги предвид главно остатоците од следбениците на античката филозофија. Како што се гледа од овој текст, педерастијата била општа појава, како и верувањата поврзани со астралогијата. Во законодавството на Јустинијан наоѓаат одраз мерките што биле преземани против сите застранувања од официјалната црква. Види, на пр., Новели, 115, 12,9, 45, 77, Јустинијановиот кодекс, I, 5/12 и I, 5/17, како и За градбите, V, 7/22". Бригите од Бригија (Европа) ја создале Фригија, а по Александар Македонски според Селеук=селе ук, никако Селевк, Селеукија. Политеисти биле Х-елените (-елините), а вакви биле и Евреите, кои во Александрија го прифатиле повеќебожниот-хеленски јазик коине, кој станал и христијански. Следи жителите во Елада, кои не го прифатиле христијанството, зашто Јустинијан ја затворил Неоплатонската академија, да се наречени Хелени. Исто така, и Русите повеќебожци Хелени. По 1830 година, кога за прв пат била создадена Елада, жителите во Мала Азија и во Елада не биле ни Хелени, ниту Грци, туку само Ромејци, што го потврдил Фергусон и други. Селото Атина до 1767 година било под Охрид, а во 1836 година и под соборната црква Свети Димитрија во Битола. Па никогаш немало хеленски народ.

држава и воопшто се што луѓето го сметаа за богатство.И ниту еден цар кој владеел дотогаш, не посегнал по тоа богаство. Мнозина, и тоа со чиста вера, на кои тоа им беше служба, го добиваа оттаму својот постојан животен доход. Императорот Јустинијан ги одзеде најпрвин сите богатства од тие цркви. Оттогаш, на мнозина им беше скратено животното прехранување.

Веднаш се здадоа пратеници кои ги принудуваа сите сретнати да ја променат татковата вера. Но бидејќи за селаните тоа беше светогрдие, сите решија да им се спротистават. И така, мнозина беа испотепани од војниците, а мнозина се самоубија- во својата заблуда, тие тогаш сметаа дека вршет богоугодно дело- а најголемиот дел избегаа напуштајќи ја родната земја. Монтанитите, пак, кои ја населуваа Фригија, се заклучија во своите храмови, ги запалија и изгореа внатре, во нив. Тогаш целата Римска Империја се исполни со убиства и со прогонства.[85]

Набрзо потоа, беше издаден сличен закон и за самаритјаните и Палестина беше обземена од истиот смут. Жителите на мојата Кесарија[86] и на другите градови сметаа дека е невидена глупост човек да биде прогонуван поради бесмислена догма и се нарекоа христијани; со таа итроштина, тие успеаја да се извлечат од опасностите што им ги носеше законот. Мнозинството, се разбира, огорчено што доброволно туку со принуда на законот ја сменило татковата вера, веднаш се сврте кон манихеите и кон т.н. политеисти. А селаните се здружија и решија да се кренат со оружје против императорот, истакнувајќи за свој император еден разбојник, некој си Јулијан,[87] син на Савар. Извесно време, тие ги победуваа војниците во битките гради в гради, но потоа беа жестоко поразени, заедно со нивниот водач. Раскажуваат дека во таа несреќа загинале сто илјади луѓе и, оттогаш, добрата и плодна земја опусте. На земјопоседниците-христијаните тој настан им донесе големо зло. Зашто мораа, иако не добиваа никакви доходи од својата земја, да му го плаќаат годишниот данок на императорот, а тоа беше значителна сума. Така немилосрдно беше спроведена таа работа.

Потоа, Јустинијан спроведе прогонство против т.н. елинци, со телесни казни и со освојување на нивниот имот. Но и меѓу нив, оние кои на збор го прифатија името христијани и ја избегнаа надвиснатата опасност, по кратко време беа фатени како ги вршат своите жртвувања и другите нечестиви дела. А пак она што се случи со христијаните, ќе го опишам во своето понатамошно раскажување.

Потоа императорот, со закон, ја забрани педерастијата. Ги казнуваше не само оние кои го прекршуваа законот по неговото влегување, туку и оние кои беа фатени пред неговото излегување. Беа казнувани спротивно на секаков правен ред, зашто нивното прогонување се водеше дури и без обвинител, за доволен доказ се сметаше само укажувањето на некој маж или на некое дете, па дури и на некој роб кој, под принуда, сведочеше против својот господар. На виновните им беа отсекуани срамните делови и така ги шетаа низ улицата. Во почетокот, тоа не ги засегна

---

[85] ЗНАЧИ, СЕ БИЛО САМО ЕДНО: РИМСКАТА ИМПЕРИЈА,НИКАКВА ВИЗАНТИЈА И ГРЦИЈА.

[86] "Кесарија е родното место на Прокопиј". Да не се изуми: к=ц, с=з. Имало дотерување на поими.

[87] "Во движењето на самаритјаните, раководени од Јулијан, наоѓа одраз незадоволството на ситните селски сопственици, како и на робовите и сл. Тоа востание, избувнало во Палестина, во 529 г., било жестоко задушено, Јулијан бил обезглавен, а неговата глава била однесена во Цариград". Со повеќебожци=Хелени имало ...светски чуда, парна машина.А со еднобожеството се изгуби два милениуми. Ова се потврдува и со парната машина. Таа следела дури по два милениуми години и комјутер во 20 век. Во старата ера било развиено лечењето со разни треви...,а останало во Мала Азија со Балканот...

сите, туку само прасините или луѓето кои очигледно поседуваа големо богатство или пак кои со нешто ја предизвикале омразата на насилниците.

А потоа владетелите почнаа да ги малтретираат[88] и ѕвездочатците. Службата за кражби, без да има друга основа, ги подложи на мачење и, по страшно тепање, ги качи врз камили и ги шеташе низ целиот град-нив, стари и воопшто доблести луѓе-со единствено обвинение дека стекнале знаење за ѕвездите. И така, многу луѓе бегаа, и тоа не само кај варварите, туку и кај Византијците кои живееја далеку. Во секоја земја и во секој град можеа да се видат многубројни бегалци. На набрзо можен начин, секој ја заменуваше татковата земја со туѓа, за да се скрие, небаре татковината беше преземена од непријатели. Токму на тој начин, Јустинијан и Теодора ги ограбија богатствата на заможните луѓе надвор од сенатот, во Византион и во сите други градови.А како успеаја да си го присвојат и целокупниот имот на сенаторите, ќе ви раскажам сега.

ГЛАВА XII

Во Византион имаше еден човек по име Зенон, внук на оној Антемиј кој, на времето, беше облечен во император во императорска власт на Запад.Тој човек властодршците намерно го испратија за управител во Египет. Зенон го наполни својот брод со најголемо богатство и се подготви да отплови. А тој поседуваше неброени ризници со сребро, со златен накит, украсен со смарагди и со бисери и други скапоцени камења. Јустинијан и Теодора поткупија неколкумина од оние кои му беа најверни служители, колку што можат најбрзо да ги извадат богатствата и да го запалат бродот. Заповедано им било да му кажат на Зенон дека бродот се запалил самиот од себе и дека богатствата се уништени. Кратко време по тој настан, Зенон умре, а императорот и императорката веднаш се покажаа како сопственици на неговиот имот, како негови наследници. Покажуваа некакво завештание за кое, се разбира, се раскажуваше дека не било составено од него.

На истиот начин, двајцата се поставија за наследници и на Татијан и на Демостен- првенци од византискиот сенат- како и на Илара.А нечии богатства успеаја да приграбат и само со писмо. Така станаа наследници на Дионисиј, кој живеел во Ливан, а исто така и на Јован, синот на Василиј, највиден меѓу сите жители на Едеса кој, всушност, беше насила предаден од Велизар како заложник на Персијците, како што раскажував порано. А пак Хозрој веќе го ослободи Јован, пререкувајќи им на Византијците дека ги пренебрегнале сите договори според кои заложникот му беше предаден од Велизар, и сакаше да ги врати во услови кои му одговараат на еден воен заробеник. Од своја страна, бабата на тој Јован- која беше уште жива- понуди откуп од цели две илјади килограми сребро и се надеваше дека ќе го откупи својот внук со нив. Но кога тој откуп дојде до Дарас, императорот дозна дека византиското богатство не треба да попадне во рацете на варварите. Наскоро, Јован се разболе и умре, а градскиот управник состави едно лажно писмо и изјави дека, кратко време пред тоа, Јован му пишал како на пријател дека сакал неговиот имот да биде наследен од императорот. Не би можел да ги набројам имињата на сите останати на кои императорот и императорката им се проголасија за наследници.

---

[88] Малтретир=малтретир=мал третир=теретир=теретил, р=л. За тој него да го терети,оптеретува,тормози... Бидејќи нашите говори им припаѓаат на белата раса, со нив е можно истогласно толкување.

До востанието наречено Ника, тие сметаа дека ќе можат да се дограбат до богатствата на сите богати граѓани. Но кога тоа избувна, како што веќе раскажував, властодршците ги конфискуваа имотите на речиси сите сенатори, посегнаа по целата нивна покуќнина и по најубавите имоти, а се откажаа од оние кои подлежеа на најжесток и најтежок данок и, божем од ловечкољубие, им ги вратија на нивните претходни сопственици. Затоа, несреќниците беа се повеќе притиснати од собирачите на данок, од постојано растечките лихви и долгови и беа приинудени да живеат во очајна борба за преживување.[89] Поради сето тоа, Јустинијан и Теодора никогаш не ни изгледале, мене и на мнозина од нас, како луѓе, туку такви кои се поонати во крв или, како што велат поетите, човекојадни демони. Тие најнапред се советуваа меѓу себе како најлесно и најбрзо можат да го уништат целиот човечи лик и, претворени во луѓе-демони, ја растресуваа целата населена Земја. Човек би можел да заклучи тоа е според многу други знаци, а исто така, и според наобичната моќ на нивните дела. Според многу белези, тие демонски се разликуваа од човечкото. Се разбира, во сите епохи имало многу луѓе кои станале мошне страшни по силата на судбината или по својата природа, некои од нив уништувале градови, други –цели земји, или пак вршеле нешто што одговарало на нивното време, но освен Јустинијан и Теодора, никој не успеал да му навлече гибел на целото човештво и несреќа на целото населена Земја. А изгледа дека со нив се беше осојузила и судбината, за да го помогне заедничкото уништување. Како што ќе раскажам сега, во тоа време загина најмногу свет од земјотреси, од епидемии и од поплави. Така, двајцата ги вршеа своите злосторства не како со човечка, туку како со некаква натприродна сила.

Раскажуваат дека мајката на Јустинијан кажала еднаш пред своите блиски луѓе дека нејзиниот син не е ниту од Саватиј, нејзиниот сопруг, ниту пак од некој друг човек. Поточно. Кога таа требало да го зачне, неа ја посетувал некаков невидлив демон, таа чуствувала дека тој врши однос со неа како маж со жена, а потоа изчезнувал како во сновидение.

На неколкумина од ноќните послуги на Јустинијан во дворецот, луѓе со чиста душа, им се сторило дека, место него, виделе некаков непознат призрак. Еден од тие слуги раскажуваше дека властодржецот ненадејно станал од императорскиот трон и шетал наоколу- тој не беше навикнат да седи долго време на едно место. Веднаш потоа, главата на Јустинијан изчезнала, а изгледало како другиот дел од телото да прави долги обиколки напред-назад. Оваа глетка го натерала очевидецот да не им верува на своите очи и тој застанал како втренчен, во недоумица што да прави. А потоа, како што му се сторило, главата се вратила на своето место врз телото, така што изгледало дека неочекувано се надополнува она што претходно недостигало. Друг слуга раскажуваше дека стоел до седнатиот Јустинијан и ненадејно, неговото лице му заличело на бесформно парче месо- ниту веѓите, ниту очите си стоеле на претходното место, ниту пак се распознавало некоја друга црта на лицето. По извесно време, видел дека лицето одново ги вратило своите црти. Ова го опишувам без да сум го видел самиот, но сум го чул од луѓе кои тврдеа дека биле очевидни на сето тоа.

---

[89] Востанието наречено Ника било многу поголемо во однос на побуните на населината во областите=склавините на Балканот. Нивниот број се зголемувал кога од латински се преоѓало на коине. Ама кога како службен јазик во секој поглед бил коине,во Македонија изчезнувале склавините од темите

Исто така, раскажуваат и дека некој монах, многу богоугоден, бил испратен во Византион од своите собраќа пустинци за да донесе олеснување на своите соседи кои трпеле неподнесливи неправди. Кога пристигнал, бил примен кај императорот. Кога посакал да влезе внатре кај него, стапнал со една нога на прагот, но веднаш ја повлекол и се вратил назад. Евнухот кој стоел на портите и сите присутни настојувале тој да продолжи напред, но тој дури и не размислувал, туку веднаш, како избезумен, се устремил кон собата во која престојувал. На прашањето на неговите придружнци зошто постапил така, монахот отворено одговорил дека видел како водачот на демоните седи на тронот во дворецот и дека не сака ниту да се среќава со него, ниту да го моли за нешто. Како можеше да не е тој човек некаков зол демон штом ниту пиеше, ниту јадеше, ниту спиеше до наситка, туку само вкусуваше одозгора од послуженото јадење и в зора шеташе низ дворецот, иако беше особено пристрасен кон љубовните наслади ?

Исто така, и неколку љубовници на Теодора раскажуваат дека уште во времето кога таа била во театарот, некаков демон и наредил да излезе од собата во која тие ја минувале ноќта со неа. Венетите во Антиохија имаа една танчерка по име Македонија.[90] Таа беше многу влијателна. Таа му пишуваше писма на Јустинијан уште додека Јустин ја раководеше империјата и така, по свој избор, без труд, уништуваше видни луѓе од Исток, а нивните богатства бидуваа конфискувани за државната благајна. Тие раскажуваат дека еднаш, таа Македонија ја примила најсрдечно Теодора при нејзиното враќање од Египет и Либија и, кога ја видела толку измачена и разнебитена, бидејќи била посрамена од Хекебол и изгубила многу пари на патот, таа ја утешила и ја охрабрила; и рекла дека судбината повторно може да и пушти многу пари во скутот. А Теодора одговорила дека пред некоја ноќ и се јавило сновидение и и порачало веќе да не се грижи за богатство. Тоа и кажало дека, кога ќе стигне во Византион, во нејзиниот кревет ќе дошол водачот на демоните и дека таа секако треба да стане негова сопруга. Со тоа, таа ќе ги стекнела сите богатства.

ГЛАВА XIII

Повеќето луѓе го делеле тоа мислење. Инаку, по карактер, Јустинијан беше таков каков што го опишав, но беше достапен и расположен кон секого. Никому не му го оневозможи пристапот до себе и воопшто не им се лутеше на оние кои стоеја пред него или кои не зборуваа според протоколот. Но тоа не му попречи никогаш да не се вцрви засрамен пред некоја своја жртва. Ниту еднаш не покажа ни трага од гнев или од избувнување пред лицата што ја навлекоја неговата омраза. Напротив, со благ израз, со наведнат поглед и со тивок глас, наредуваше да се убиваат безброј невини луѓе, да се уништуваат градови, а неброени богатства да се конфискуваат за државната каса. Од таквото негово однесување, човек би помислил дека е кроток како јагне. Но ако некој, со плачливи молби, се осмелеше да го моли за милост кон оние што згрешиле, тогаш Јустинијан стануваше како ѕвер, се полнеше со зол подбив и никој од неговите блиски никогаш не се надеваше дека ќе го измоли за нешто.

Јустинијан изгледаше дека има цврста вера во Христос, но и тоа дека беше само за гибел на неговите поданици. Им дозволуваше на свештениците неказнето

[90] Овде стојат тн.Словени Анти и Венети со Македонија. Никаде ги нема Склавините и Словените.

да вршат насилства над своите блиски,се радуваше кога тие го ограбуваа имотот на соседите, сметаше дека тоа е богоугодно дело. Ги сметаше за праведно решени процесите во кои некој заграбуваше туѓ имот божем како црковен и, згора на тоа, излегуваше победник. Мислеше дека е праведно тоа кога свештениците ги победуваат своите противници. Самиот Јустинијан незаконски си присвојуваше имоти и на живи и мртви и веднаш и ги подаруваше на некоја црква, со лажно благочестие, за да не се случи некогаш имотот да им се врати на ограбените. Изврши безброј убиства стремејќи се да ги собере сите под единствената Христова вера, без причини ги уби луѓето под покритие на своето благочестие. Зашто тој не сметаше дека врши човекоубиство штом жртвите не беа од неговата вера. Така Јустинијан се беше насочил кон уништувањето на луѓето и не прекина, заедно со сопругата, да измислува нови поводи за тоа. Зашто стремежите и на двајцата им беа исти- иако карактерите им се разликуваа, секој за себе беше опасен, а таму каде што се појавуваа најголеми противречности меѓу нив, носеа гибел за своите поданици. Јустинијановите решенија беа полесни од правта, тој тргуваше насекаде каде што ќе го подведеа, доволно беше делото да не води кон човечкољубива постапка или кон некаква полза. Секогаш беше најдостапен за ласкави зборови. Полтроните лесно успеваа да го убедат дека се возвишил и дека чекори во небесата.

Еднаш Трибонијан, седејќи до императорот, му рече дека мошне се плаши тој, во своето благочастие, да не се крене во небесата и да се изгуби. Таквите пофалби, а всушност, подбивања, Јустинијан долго ги паметеше. Но можеше да се случи и тоа тој долго да се восхитува од доблестите на некого, а наскоро потоа, да го навредува како никаквец. Или, откако ќе навредеше некој поданик, веднаш се менуваше, без никаков повод, па го креваше со пофални слова.[91] Зашто неговата мисла течеше во насока спротивна на неговите зборови и на впеачатокот што сакаше да го остави. А каков беше императорскиот карактер во пријателство и во омраза, веќе споменав, земајќи ги за најсилни докази неговите дела. Значи, Јустинијан беше непоколеблив непријател, а за пријателите беше сосема несигурен. Тој погуби многу од своите блиски, а никогаш не му стана пријател на некого од своите непријатели. Кој беше многу виден или му беше близок, императорот и го препушташе на сопругата или на некој друг, за да биде погубен, иако сфаќаше дека таквите луѓе гинат единствено поради својата лојалност кон него. Јустинијан беше неверен во се, само неговата нечовечност и неговото среброљубие беа очигледни. Никој не успеа да го отргне од нив. А во она што жена му не успеваше да го убеди, таа му даваше надеж дека од тоа ќе паднат многу пари и, така, го вовлекуваше својот маж, против неговата волја, во она што таа го сакаше. Императорот никогаш не одби, заради недостојна заработка, да воведе нови закони, а потоа повторно да ги укине.

Јустинијан не судеше според законите кои самиот ги беше донел, туку според тоа како ќе се појавеше поголема можност за стекнување пари. Воопшто не му се чинеше дека е срамно да им го одзема имотот на своите поданици со ситни кражби, штом под некаков изговор не ќе успееше да ограби се одеднаш- или со неосновано обвинување или според силата на непостоен тестамент. За време на неговото владеење над Византијците не останаа трајни ниту довербата кон бога, ниту верата во него, ниту непогазен закон, ниту сигурна работа, никаков договор не остана во сила. Кога некои негови блиски луѓе добиваат задача од него и при нај-

[91] Словени според слово, а имало Божјо Слово, и Логос=Слово. Божјото Слово било во Евангелието.

зиното извршување даваа многу жртви и беше обезбедена богата пљачка, веднаш се гледаше дека тие стануваат љубимци на императорот и се оценуваше дека тие точно ја извршиле наредбата; ако пак се вртеа кај него откако покажале некаква поштеда кон луѓето, тие ја губеа неговата наклонетост и му стануваа омразени. Тој ги отфрлаше тие луѓе како старомодни души и се откажуваше од нивните услуги. Така, мнозина се трудеа да му се прикажат како лоши, иако карактерот не им беше таков.Често, откако им беше ветил нешто на некои луѓе и тоа ветување го имаше поткрепено со клетва или писмено, веднаш, смислено, го фрлаше тоа во заборав, мислејќи дека таа постапка ќе го прослави.И Јустинијан постапуваше така не само кон своите поданици, туку и кон мнозина непријатели, како што раскажував порано.

Него, така да се каже, сон не го фаќаше, тој никогаш не јадеше и не пиеше до наситка, туку одвај пробувајќи со врвовите на прстите, веднаш се повлекуваше. Небаре мораше да постапува така, како да беше принуден да врши некаква необична природна неопходност, дури и често остануваше без храна по два дена и по две ноќи, а така го поминуваше и времето пред велигденскиот празник. Тогаш, по два дена, не јадеше ништо, само пиеше вода и земаше некакви диви растенија. Понекогаш спиеше само по еден час, а остатокот од ноќта го поминуваше во шетање низ дворецот. А ако Јустинијан сакаше да го употреби тоа време за добри дела, државните работи ќе достигнеа голем успех. Но целата своја природна сила, тој ја користеше за да им нанесува штета на Византијците и успеа да ја разурне од темел нивната држава. Долгото бдеење и самоизмачувањата тој ги користеше само за да смислува се понови и пострашни несреќи за своите поданици. Како што веќе реков, императорот беше особено инвентивен во изнаоѓањето на безбожни дела и беше брз во нивното извршување, така што и неговите природни предимства се претвораа во гибел за неговите поданици.

ГЛАВА XIV

И така, настанаа лоши времиња за се, а во вообичаеното не остана ништо. Ќе раскажам само малку за тоа, а останатото ќе го премолчам, за мојот опис да не биде предолг. Најнапред, Јустинијан немаше ништо соодветно за императорско достоинство, ниту пак се стремеше да го чува. И неговиот јазик, и неговата надворешност, и неговата мисла, издаваа варвар.[92] Подготвувањето на овие работи кои имаше намера да ги напише, тој не му го наложуваше на квесторот, како што беше вообичаено, туку сакаша повеќето од нив да ги подготвува сам, и покрај своите скромни познавања на јазикот.[93] Притоа, се опкружуваше со голема толпа блиски, така што онеправданите не знаеја кому да му се пожалат. Таканаречени асикрити немаа задача само да ги пишуваат тајните работи[94] на императорот, каква што беше нивната намена отсекогаш, туку тој, така да се рече, пишуваше се, та дури и кога сакаша да испрати наредба до судиите во градот за тоа каква да биде нивната од-

[92] Тој не бил Благородник, туку Варвар. Благородникот говорел латински и коине, или латински тек потоа коине,а Варварот на варварски=пелазгиски,што пишел Херодот и други.На ваков јазик творел Платон...Ова опстоило дури и 19 век, кога била создадена нова држава Елада со вулгарен=булгарен (народен) коине на Кораис,еладски.Овој станал службен 1868 година.Во Македонија бил варварски.
[93] СЕ ПОТВРДУВА,ТОЈ ИМАЛ "СКРОМНИ ПОЗНАВАЊА НА ЈАЗИКОТ" ЛАТИНСКИ: ВАРВАР.
[94] Асикрите=а си крити=тајни работи,сикрит=секрет, секретар/ка.Асикритите биле лични секретари.

лука. Јустинијан не дозволуваше никому во Византиската Империја да издава самостојна пресуда, туку своеволно, во некакво непромислено самоволие, ги истакнуваше идните решенија според информациите добиени од некого од противниците и веднаш, без никаква истрага, донесуваше готова пресуда. Тоа не го правеше воден од некаков закон или од некакво право, туку отворено подведуван од своето срамно сребролубие. Императорот воопшто не сметаше дека му е под достоинство да прима поткупи- неговата ненаситност му имаше одземено секаков срам.

Често, при расправи, сенатот и императорот имаа различни мислења. Но сенаторите отстапуваа, не го заштитуваа своето решение, не се стремеа да постигнат ништо добро. Сенатот се собираше само формално, според барањето на стариот закон, зашто воопшто никому од присутните не му беше дозволено да прозбори ни збор, а императорот и неговата сопруга често се правеа дека застапуваат различни ставови, иако претходно се имаа договорено. А кога некој победник не се чуствуваше доволно сигурен во својата незаконска победа, му потфрлаше уште злато на императорот и веднаш постигнуваше издавања на нов закон, сосем спротивен на претходниот.Меѓутоа, штом некој друг ќе побараше враќање на стариот закон, властодржецот воопшто не се колебаше повторно да го врати во сила. И ништо не беше стабилно, тасовите постојано се колебаа де на едната де на другата страна, во зависност од тоа кој натежнуваше со злато.Пресудите на импетарскиот двор се продаваа на јавниот пазар, таму не се продаваше само судење, туку и законодавство.

За т.н. референдарии веќе не беше доволно да ги носат до императорот писмата на молителите, туку само да им соопштат на соодветните власти што решил тој за секој молител, што беше вообичаено, но отсекогаш му носеа на Јустинијан лажни информации и го мамеа со подведувачки изјави, бидејќи тој по природа беше достапен за такви интриги. А веднаш штом ќе излезеа надвор, тие ги притиснуваа наведените и, без никакаква истрага и без некој да им пречи во тоа, им земаа толку пари колку што ќе посакаа. И војниците од дворската стража се вклучија во императорската колонада против судиите и делеа правда со свои тупаници. Никој не се интересираше за општествената положба и тргнуваше кон власта по патишта кои дотогаш биле забранети или недостапни. Така, се тргна по погрешна насока, сите работи го загубија своето сопствено име, а државата почна да личи на царство на деца кои си играа. А сето друго ќе го премолчам, како што веќе забележав на почетокот на оваа книга, туку ќе раскажам за човекот кој прв го натера императорот да прими поткуп за судењето.

Имаше еден Лав, Киликиец по раѓање, нечовечки алчен. Тој Лав ги надмина сите според својата ласкавост и успеваше да им ги наметне своите идеи на науките. Зашто неговиот збор поседуваше голема убедливост и тој го користеше пред глупоста на тиранот за гибел на луѓето. Тој човек прв го убеди Јустинијан да продава судски решенија за пари. И откако реши да краде на опишаниот начин, не се ограничи на тоа, туку злото тргна по својот пат и доби огромни размери. Секој кој ќе се нафатеше да добие неправеден процес против некој виден човек, се упатуваше кај Лав и му ветуваше извесен дел од сумата што ќе ја добиеше од поразениот и така веднаш можеше да си замине како победник. Така, Лав заработи купишта пари, стана господар на големи земјишми имоти и беше првата причина за византиската држава да падне на колена. Немаше никаква заштита против таквиот развој на работите-ниту закон, ниту заклетва, ниту писмена изјава, ниту цврсто утврдена казна,

воопшто ништо друго не беше важно освен да им се дава поткуп на Лав и на императорот. Но и тоа не беше сигурно за решението на Лав, зашто тој не се срамеше да прими поткуп и од спротивната страна. Да краде и од двете страни кои се осмелиле да му понудат поткуп, да ги погази своите ветувања и да постапи токму на обратниот начин- тој на тоа воопшто не гледаше како на срамно дело. Ништо не му се чинеше срамно на тој дволичник, штом носеше печалба.

ГЛАВА XV

Така беше Јустинијан. А свеста на Теодора беше, очигледно, сосема закоравена од жестокост. Таа никогаш не направи ништо по туѓо убедување или под принуда, туку самата се трудеше, со сите свои сили, да го постигне науменото, и никој не се осмелуваше да измоли милост за нејзината жртва. Зашто ништо не можеше да ја натера да го смири својот гнев- ниту поминатото време, ниту извршувањето на одмаздата, ни влијанието на огромната молба, ни смртната закана која би можела да го снајде целиот човечки род. Со еден збор, никој никогаш не ја видел Теодора помирена со некој свој непријател. Дури и кога непријателот не беше веќе жив, неговиот син ја наследуваше омразата на императорката, како татково наследство, до третото колено. Нејзиниот дух беше широко отворен за човечко уништување, но не беше достапен за помирување.

Теодора се грижеше за своето тело повеќе од неопходното, но помалку отколку што би сакала таа. Долго се задржуваше во бањата, а по излегувањето од таму, седнуваше да појадува. Потоа, се одмораше. На ручек и на вечера пробуваше најразлични видови јадења и пијалоци. Секогаш спиеше многу долго, дење- до смрачување, а ноќе- до изгревот на сонцето.И иако им се имаше оддадено на различни неумерености, сметаше дека, во малку останатото време од денот, ќе успее да ја раководи целата Римска Империја.[95] Ако императорот му наложеше некому задача против нејзината волја, судбината на тој човек се знаеше- наскоро, тој срамно ја губеше својата позиција и загинуваше на недостоен начин.

За Јустинијан, сите дела беа лесна работа, и тоа не толку поради неговите умствени способности, туку зашто речиси воопшто не спиеше, како што споменав, и му дозволуваше пристап до себе на секој заинтерсиран. Сосема обични и незначителни луѓе имаа можност не само да се сретнат со тој тиран, туку и да разговараат со него и тајно да престојуваат кај него. Напротив, кај императорката, дури и виден човек можеше да влезе дури по долго време и со големи напори, чекајќи како роб, во мала и задушна просторија. Зашто за некој на позиција веројатноста да не биде пуштен беше неподнослива. И така, тие долго стоеја на прсти, секој го протегаше вратот над другиот до себе, за да можат да го видат евнусите што излегуваа откај неа. По многу денови, некои великодостојници беа повикувани, влегуваа кај неа со голем трепет и колку што може побрзо си заминуваа, со тоа што успеале само да се фрлат ничкум пред неа и да ги допрат обувките со своите усни. Зашто не можеше да стане ни збор за тоа некој да прозбори или да ја замоли за нешто, без таа да го дозволи тоа. Така државата стигна до ропска судбина, а Теодора беше најзиниот скротител, и така се уриваше византиската власт, со што тиранот изгледаше

[95] ЗНАЧИ, САМО РИМСКА ИМПЕРИЈА, АНТИ, ВЕНЕТИ И СКЛАВИНИ, НИКАКО СЛОВЕНИ.

премногу добродушен, а Теодора- непријатна и сосема недостапна. Зад добродушноста се криеше несигурност, а зад недостапноста- немоќ.

Во мислењето и во начинот на живот на двајцата се истакнуваа разлики, но алчноста, страста кон убиства и неискреноста без нивни заеднички црти. И двајцата беа способни само за лаги. Ако се дознаеше дека некој Теодорин непријател згрешил со нешто сосема незначително и недостојно за споменување, таа веднаш измислуваше најневеројатни обвинувања против него и ги преувеличуваше работите небаре тој извршил нешто ужасно. Се слушаа куп обвинувања, се одржуваше процес за државно предавство и за грабеж, Теодора ги собираше судиите кои се натпреварувaа меѓу себе кој ќе ја стекне нејзината наклонетост со суровоста на својот предлог. Така, таа веднаш го конфискуваше имотот на својот противник и, откако најбезмислосно ќе го изложеше на срам, дури и тој да му припаѓаше на стар патрициски род, без да размислува, го казнуваше или со заточение или со смрт. А кога некој од нејзините миленици ќе беше уапсен за убиство или за некое друго страшно недело, Теодора се потсмеваше и се подбиваше со ревноста на обвинителите и ги принудуваше да ги премолчуваат аргументите.

Дури и најважните дела се претвораа во комедија штом Теодора ќе го посакаше тоа, небаре си играше на сцената во театарот. Така, еден возрасен патриций со долгогодишна служба, чие име ми е добро познато, но нема да го кажам за да не му навлечам бескрајна омраза, беше задолжил со огромна сума еден службеник на императорката. И бидејќи патрицијот не успеа да си ги врати парите, отиде кај неа да ја моли да му помогне да го истера правото. Меѓутоа, кога ја дознала неговата намера, Теодора им наредила да го обиколат патрицијот веднаш кога тој ќе влезе кај неа, и да ја слушаат што зборува, кажувајќи им ги зборовите што тие треба да ги кажуваат како одговор. Кога патрицијот влегол кај неа, и се фрлил пред нозете, како што вообичаено и се клањале, и почнал да зборува низ солзи: ‘Господарке, тешко е за еден патриций да биде во парична неволја. Зашто она што на друг му носи снисходливост и сожалување, е навреда за човек со ваква позиција. Па на секој друг, кога е во неволја, му е дозволено да ја каже вистината пред своите кредитори и да се ослободи веднаш од понатамошни грижи, а кога патрицијот не е во состојба да набави средства за да ги плати долговите, тој би бил бескрајно посрамен од таква изјава, а и да го каже тоа, не би можел никого да убеди дека сиромаштијата живее под еден покрив со него. А дури и да биде убедлив, ќе се покрие со неизлечлив срам и со навреди. Бидејќи, господарке, јас имам работа со луѓе од кои едните ми се кредитори, а другите- мои должници. Јас не би можел да ги одбијам инсистирањата на моите кредитори поради својата задолженост, но бидејќи моите должници не се патриции, тие користат недостојни начини за да се извлечат. Затоа и на колена те молам да ми помогнеш да ја добијам правдата и да се ослободам од своите сегашни несреќи !’ Такви биле неговите зборови. А импетаторката одговорила наместено: ‘Ај ти, патрицију !’, на што хорот од евнуси подготвено возвратил: ‘Имаш голема мака !’ Човекот повторно ја искажал својата молба, со слични зборови, а на тоа Тодора одвратила со истите зборови и хорот повторносе вклучил на истиот начин, додека несреќниот не се откажал од молењето, и се поклонил на вообичаениот начин и си отишол.

Во поголемиот дел од годината, Теодора престојуваше во крајморските предградија, најчесто во таканареченото Херејон.Тоа предизвикуваше големи страда-

ња за нејзината свита. Тие мораа да обезбедуваа резерви, се изложуваа на морски опасности- се случуваа бури, ги напаѓаа морски чудовишта. Но и за двајцата владетели, човечките несреќи не беа ништо, важно беше само тие да живеат во раскош. А сега ќе раскажам каква беше Теодора кон своите непријатели, се разбира, потсетувајќи се на неколку подробности, за да не изгледа дека се зафаќам за некаква бескрајна работа.[96]

ГЛАВА XVI

Кога Амаласунта,[97] откако ги напушти Готите, реши да го промени својот живот и да се пресели во Византион, како што раскажував порано, Теодора заклучи дека таа жена има благородно потекло, дека е кралица, дека има многу убава надворешност и дека е бескрајно решителна во исполнувањето на своите намери. Затоа, готската кралица ги поттикна сомневањата на Теодора со нејзиниот величествен лик и особено со својот машки карактер. Освен тоа, императорката се плашела од непостојаност на својата сопруг. Таа воопшто не се воздржа во својата љубомора и реши да ја следи Амаласунта до нејзината смрт. Така, веднаш го убеди својот маж да го испрати Петар сам во Италија, со важна мисија. При неговото заминување, императорот му ги даде своите наредби што веќе ги споменував во соодветните раскази. Но, се разбира, таму јас не можев, поради својот страв од императорката, да ја кажам вистината за тие постапки. Теодора му нареди само една работа- колку што може најбрзо да ја острани таа жена, намамувајќи го со надеж дека ќе добие големо богатство во случај на успех. И кога пратеникот пристигна во Италија- човечката природа не се колеба многу пред да се впушти во злосторничко убиство штом постои надеж за власт за многу пари- не знам со каква стапица, го убеди Теодат да ја ликвидира Амаласунта. На тој начин, Петар доби позиција на магистар и огромна власт- се разбира, и општа омраза.

Таков беше крајот на Амаласунта. Јустинијан имаше еден писмоносец по име Приск, Пафлагонец и никаквец, кој имаше таков карактер за да му се допаѓа на својот покровител. Приск му беше бескрајно лојален и се надеваше на таков однос и од императорот. Така, набрзо, сосема неосновано, тој стана сопственик на голем имот. Теодора го наклевети тој човек пред својот сопруг: дека премногу се воз-

---

[96] ПА НА ВАКВИ БЕЗЗАКОНИЈА СКЛАВИНИТЕ=ОБЛАСНИЦИТЕ СЕ БУНЕЛЕ И БОРЕЛЕ.

[97] "Амаласунта е ќерка на Теодорих Велики, кралот на Остроготите, жена на Еутархих. Владееле до полнолетство на својот син Аталарих (526-534). Била задавена по наредба на својот втор маж Теодат (534). Таа била привржаник на провизантиската партија и станала жртва на династичките кавги по смрта на Теодорих. По нејзиното убиство, власта на Готите ја добил Теодат- претставник на т.н. готска партија (534-536). По изговор дека сака да и се одмазди на Амаласунта, Јустинијан го испратил Велизар со војска, која навлегувала во Сицилија во 534 г., а друга војска влегува, преку Далмација, во северна Италија. Види Историја на војните, V, 2-4". Готите биле Монголи со својот бог Асен. Тие биле од родот Амал=а мал, оти тие биле мали, темни со дебели влакна на косата. Тие своите владетели ги закопувале заедно со своите коњи, што било случај и во Далмација. Бидејќи тие навлегувале остро биле наречени Остроготи, а поимот Булгар=болгар=волгар означувал народ, а само така биле наречени. Поимот Монгол=мон гол, човек со гола глава, бил понов поим. Бидејќи немало етнички=етносни=едносни народи, туку само верски се доказ Готите. Тие како припадници на верскиот правец од Цариград, биле негов аријански народ. Во Фредегеровата хроника (7 век) пиши за Теодорих Велики (493-526) дека родителите му биле Македонци и дека тој е "Natione Macedonum" и "Ex genere Macedum". Се наведе и име Македонија. Значи името Македонија никогаш не било изгубено.

гордеал и дека дури се обидувал да му се спротистави на својот покровител. Во почетокот, таа не презеде ништо против него, но наскоро потоа, среде зима, го качи на брод, го испрати на определено место, го пострижи и го принуди да стане свештеник. Императорот оставаше впечаток дека не знае ништо за оваа работа. Ниту се расправаше каде може да е Приск, ниту пак го споменуваше во иднина, туку го обвитка во молк и во целосен заборав. Впрочем, му ги собра и малкуте останати пари.

Еднаш се прошири сомневањето дека Теодора се вљубила во еден свој роб по име Ареобинд,убаво момче од варварско потекло,[98] кого го беше направила благајник. И бидејќи не сакаше да се прошири тоа, иако, како што раскажуваат, била лудо вљубена во тој човек, реши тој да биде жестоко измачуван, без никакве причина. Оттогаш, не се дозна ништо за несреќникот, ниту пак некој го виде повторно. Зашто, штом императорката ќе решеше да скрие некое свое дело, тоа остануваше од никого неспоменувано и незапамтено, ниту пак му беше дозволено на оној што знаеше да им кажува за тоа на своите блиски, ниту заинтересираниот можеше да дознае нешто, колку и да се трудеше. Навистина, откако постои светот, немало таков ужас кај некој тиранин- не постоеше противник на Теодора кој успеа да се спаси од неа. Таа располагаше со банди од шпиони кои и пренесуваа што се зборува и што се прави на плоштадот и по домовите. Но кога не сакаше да се дознае казната на некој нејзин противник, постапуваше вака: го повикуваше човекот кај себе, ако беше некоја видна личност, и самата го предаваше во рацете на некој свој слуга, наредувајќи несреќникот да се однесе во најзафрленото катче на византиската држава. И слугата, ноќе, го качуваше на брод, завиткан и врзан, го придружуваше до местото што таа го одредила, таму најтајно го придаваше на тамошниот чувар, наредувајќи му да го чува човекот и да не кажува никому за него, додека императорката не се сожали над него или додека тој не го најде својот крај таму, борејќи се со мизерните услови, измачен до смрт.

Бесот на Теодора падна и врз Васијан, видно момче од прасините, зашто ја навредил. Васијан разбра за нејзиниот гнев и побара засолниште во храмот на архангел Михаил. Таа веднаш ги испрати по него луѓето што се грижеа за градската безбедност, но не со обвинение за навреда на величеството, туку за педерастија. И тие го извлекоа момчето од црквата и го положија на жестока казна. Но штом целиот народ виде дека еден слободен човек е подложен на такви мачења, ги заборави своите страдања и почна да вика заедно со момчето, бидејќи го сакаше. А Теодора го подложи на уште посурови измачувања. Без никакви докази, нареди да му се отсечат срамните делови и потоа да биде умртвен, а имотот да му биде конфискуван за државната каса. Кога ќе се разбеснеше, ниту закрилата на храмот, ниту забраната на законот, ниту молбата на цел град не можеше да ја ослободи жртвата од таа жена, неа ништо не можеше да ја спречи во нејзините намери.

Нејзиниот гнев се истури и врз еден Диоген, бидејќи беше приврзаник на прасините. Тој беше префинет човек, општ миленик, дури и на самиот император, но, и покрај тоа, таа пушти клетва против него, дека - ни помалку ни повеќе - одр-

---

[98] Се говори за Приск и за варварски јазик. Историчарот Приски (5 век), кој го опишувал пратеништвото од Константинопол кај Атила 448 година, напишал: (Жителите во Панонска низина, Р.И.) "мешајќи се со разните народи го научиле готскиот, хунскиот и латински, а меѓу себе го говореле својот варварски јазик". Народот Белци говорел на народен варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

жувал односи со мажи. Теодора привлече на своја страна двајца негови робови и ги престави како обвинители и како сведоци против нивниот господар. Тој случај не беше разгледуван кришум и во целосна тајна, како обично, туку јавно. Освен тоа, беа избрани и многу видни судии, бидејќи Диоген беше познат човек. Но при внимателното разгледување на случајот, судиите стигнаа до заклучокот дека аргументите на робовите- впрочем, тие беа мали момчиња – не се доволно за пресуда. Тогаш таа го затвори Теодор, близок човек на Диоген, во една од вообичаените соби. Се обиде, најпрвин со многубројни ласкања, а потоа и со најразлични мачења, да го натера да зборува според нејзината волја. Но кога не успеа, нареди да му ја обвиткуваат главата со воловски[99] жили преку ушите и потоа да ја стегаат жилата. На Теодор му се чинело дека очите ќе му испрснат, но сепак не се согласил да сведочи лажно. Така, судиите го отфрлија обвинението против Диоген, бидејќи не се најде сведок, а тоа предизвика сенародна прослава во градот.

ГЛАВА XVII

Таков беше крајот на таа историја. А во почетокот на оваа книга, раскажав што им направи Теодора на Велизар, на Фотиј и на Бузес. Двајца бунтовници венети,[100] Киликијци по потекло, со голема врева се нафрлија врз Калиник на Втора Киликија,и започнаа насилства.[101] Го убија неговиот коњушар во мигот кога тој застана пред својот господар, за да го заштити. Тоа се случи пред неговите и пред очите на целиот народ. Калиник нареди двајцата бунтовници да бидат судени и егзекутирани за тоа убиство, а и за многу други нивни гревови. Императорката дозна за тоа и сакајќи да ја покаже својата наколонетост кон венетите,[102]натера без причина

---

[99] Кастрирањето на бикови било познато уште во Стариот Завет. Говедата им припаѓале на Белците. Истото важело и за коњите. Но, кога Белците во централна Азија ги однеле коњите, нив ги прифатиле и Монголите. Така тие постанале и монголски. Оттаму потекнува крвната група В на Монголите, која на Запад кон Европа ја донеле Монголите. Со мешањето со крвната група А на Белците се создала "мешаната" крвна група АВ, која е најнова. Питер-Витни пишат: "Не постои доказ за постоење на оваа крвна група постара од 900 или 1000 години, кога имало западна миграција на источните народи. Крвната група АВ ретко се наоѓа во европските гробови пред 900 г.н.е. Испитувањата на ископини на предисториски гробници во Унгарија покажуваат изразит недостаток на оваа крвна група во лонгобардискиот период (4 до 7 век н.е.)". Се потврдува, Белците на север помасовно почнале да се селат со своето говедо, коза, овца, свиња...од 6 век, со создавање на гранични единици и градежи од Јустинијан, што го пишел Прокопиј. Меѓутоа, мешањето на Белците со Монголите било можно само многу потоа. Токму затоа Белците се селеле северно од Дунав со Црно Море, а Монголите на југ, на Балканот. Нема ниедено домашно животно кое преминало на југ. Ова било затоашто Монголите биле само ловци и рибари со првобитната крвна група 0. Токму затоа сите домашни животни северно од реката Дунав биле само балкански. Бидејќи до 20 век немало чартер летови, немало никаква преселба на Белци на Балканот, туку преселбите отсекогаш биле обратни. ЗНАЧИ, СЕКОЈ ОНОЈ КОЈ ПРОНАЈДЕ МАТЕРИЈАЛЕН ДОКАЗ ДЕКА ИМАЛО ПРЕСЕЛБИ НА БЕЛЦИ НА БАЛКАНОТ, ТОЈ НАЈИТНО ТРЕБА ДА ЈА ДОБИЕ НОБЕЛОВАТА НАГРАДА: НЕМА СЛОВЕНИ.

[100] Анти=а н ти, како претходници...; Венети=в енети=ене ти... е можно само на тн.словенски јазици.

[101] Нешто за имињата:Дионис=пионис=пианис=пианиш; Диоген=дио (дво) ген=жен, Генет=Женет...; Велизар=вели зар (цар) или Велисар=велисар=велишар; Фоти-ј=поти-ј; Калиник=калин ик тн.словенски, како што бил и Константин=кон стант ин: кон и ин се тн.словенски, а и стант=станат=вечен...

[102] За да се потврди дека Венетите не биле посебен народ, е доказот, тие имале ист јазик со Антите и Склавините, кои меѓусебно се разбирале, што го пишел и Прокопиј. Тој и ниеден друг автор не пишат за некаква етничка припадност на било кој, кога сите биле едно исто. За доказ се следните примери: Бригите=Брзјаците го однеле дативното у во Индија, Кина, Јапонија и Америка; ова важи за

да го распнат Калиник на крст врз гробот на убијците, и тоа пред да истече неговата служба. А императорот се преправаше дека божем жали за несреќникот. Кажуваше страшни закани против злосторниците, но не презеде ништо, а не сметаше дека му е под достоинството да го заграби имотот на убиениот.

Теодора се трудеше да измислува казни и за оние кои згрешиле со своето тело. Имено, таа собра повеќе од петстотини блудници кои среде плоштадот се продаваа за евтини пари, колку за да преживеат, ги испрати на спротивниот брег и ги затвори во манастирот наречен 'Покајание'- со тоа, ги принуди да го сменат својот начин на живот. Некои од тие блудници се фрлаа ноќе од ридот и така се избавуваа од принудната промена.

Во Византион живееја две девојчина, сестри, кои беа од конзулски род три поколенија наназад, а одамна, по крв, му припаѓаа на сенаторскиот сталеж.[103] Се случи така што, само што се омажија, сопрузите им умреа и двете останаа вдовици. Теодора веднаш се погрижи да им избере двајца прости, одбивни мажи и со сите сили се нафати да ги омажи за нив, обвинувајќи ги и двете дека не живеат чесно. Жеите се исплашија да не ја изврши својата намера и избегаа во црквата Света Софија, се втурнаа кон кршталницата и се фатија за неа. Но императорката се погрижи со сите сили да изврши над нив таков притисок што сестрите, на крајот, решија да го прифатат бракот за да се ослободат од нејзините мачења. Така, таа не остави ниту едно неизвалкано и неприкосновено место. Жените беа насилно поврзани со своите сопрузи-просјаци, далеку под нивниот ранг, иако и двете имаа на располагање благородни кандидати. Мајка им, и самата вдовица, присуствуваше на нивната свадба и не се осмелуваше ниту да плаче ниту да жали над нивната судбина. Подоцна, Теодора се погрижи да им го намали срамот и реши да ги утеши со јавни успеси. Ги крена и двајцата сопрузи на ранг управници, но тоа не им донесе олеснување на младите жени, а пак нивните мажи им носеа понижувачки и неподносливи маки на речиси сите поданици, како ќе раскажам понатаму. Теодора воопшто не обраќаше внимание на ранг или на општествено достоинство, важно беше само да се исполни нејзината желба.

Кога уште била на сцената, зачнала со еден свој љубовник. Подоцна дознала за тоа, се обидела на сите можни начини да пометне, но не успеала да го умртви зародишот, зашто тој веќе бил развиен. Бидејќи ништо не дало резултат, таа се откажала од понатамошните напори и морала да роди. Таткото на детето видел дека таа се наоѓа во безизлезна ситуација и дека е очајна бидејќи, како мајка, не би можела да го врши веќе својот стар занает со своето тело. Кога дознал дека таа навистина ќе го убие детенцето, тој го зел- било момче- и го крстил Јован. Потоа го од-

---

кратката јакна, без н јака, во Кина; традициите на градежи, писма..., а и обичаи. Ведите биле Белци. Следи тие ги гореле мртовците како Траките...Исто така, тие не го јаделе говедското млеко и месо, затоашто говедото било свето, бикот бил Зевс, в=б, с=генетив во у=датив, Зебу говедо во Индија. До денес ние не јадеме коњско месо а и млеко, оти Коњ=Посејдон. Јадењето на говедско и коњско било на Монголите, што го прифативме за говедото,а но уште не за коњското. И секаде, каде биле Готите и денес се јаде коњско месо, крв во крвавици, недопечено месо татарбифстек и други диви животни: кучиња, мачки...Монголи имале повисоко учество крвна група В,што се гледа кај Бојт...низ Европа...

[103] Кога Рим беше преместен во Византион, сиот сенаторски сталеж и многу Римјани се преселија во Вториот и Новиот Рим, Константинопол. Бидејќи во Константинопол никогаш не се говорел латински како народен, во Рим се говорел само варварски=пелазгиски=тн.словенски, кој бил венетски или илирски. Бидејќи Рим бил создаден од Етрурците, чиј јазик бил тн.словенски, Рим бил тн.словенски.

вел со себе во Арабија, каде што отпатувал. На смртната постела, татко му му ја раскажал на својот син Јован, веќе пораснат, целата историја за мајка му. Јован го испратил својот покоен татко како што е редот и подоцна дошол во Византион. Таму им ја раскажал целата работа на луѓето кои го обезбедувале приемот кај мајка му. Тие не се ни посомневале дека таа може да измисли некоја нечовечка постапка против него и и соопштиле на мајката дека дошол Јован, нејзиниот син. А жената се исплашила дека тоа може да стигне до нејзиниот сопруг и наредила момчето да влезе кај неа. Таа го погледнала кога влегол и му го препуштила на еден од своите луѓе, кому секогаш му наложувала такви задачи. И јас не можам да известам на каков начин несреќното момче го напуштило овој свет, но никој не го видел повеќе, дури и по смртта на императорката.

Во тоа време,се развратија карактерите на речиси сите жени.Тие сосема слободно си дозволуваа секакви гревови кон своите сопрузи, без да крие некакви опасности или непријатности за нив. Зашто и тие што ќе беа фатени во прељуба, беа ослободувани без никаква казна. Веднаш одеа кај императорката, ја извртуваа приказната и ги подведуваа своите мажи под најразлични лажни обвинувања. И тие требаше да го враќаат во двоен износ добиен од жените, без да биде докажана нивната вина. Згора на тоа, најчесто беа камшикувани и фрлани во затвор. А нивните прељубнички се разубавуваа и без страв се одаваа на разврат со своите заводници. А мнозина од тие заводници, со таа своја активност, добиваа и дополнителна должност. Затоа, оттогаш натаму, повеќето мажи доброволно си молчеа за грешните дела на своите сопруги, за да не се најдат под императорскиот камшик. Им даваа неограничена слобода на своите жени, за да не бидат разобличени.

Теодора сакаше се во државата да решава по свое. Даваше служби, ракоположуваше свештеници, внимаваше единствено на тоа човекот што го добил достоинството да не биде некој добар и чесен човек кој, подоцна, ќе биде во состојба да ги одбива нејзините наредби. Таа дури ги средуваше и сите бракови, небаре со некаква божја власт. Тогаш никој не можеше да се сврши по свој избор. Одеднаш, секој добиваше жена не затоа што таа му се допаѓаше- нешто што се почитува дури и кај варварите- туку затоа што таква била волјата на Теодора. Истото го поднесува и девојките за мажење- тие беа принудени да се свршуваат за мажи кои не им беа при срце.Дури и без никаква причина, императорката често ја извлекуваше невестата од брачната соба и го оставаше младоженецот без жена, велејќи злобно само дека не и се допаѓа. Така таа постапи со мнозина, а исто така и со Лав, кој имаше чин референдариј, како и со Сатурнин, синот на Хермоген. Тој Сатурнин беше свршен со една девојка, негова втора братучеда, слободно родена и убава. Татко и Кирил ја имаше свршено за него кога Хермоген беше веќе починат. Нивната брачна соба била веќе подготвена кога Теодора го затворила и го одвела во друга брачна соба, во која, со плачење и со преколнување, тој бил принуден да се ожени за ќерката на Хрисомало.[104] А таа Хрисомало некогаш била танчерка, исто така и хетера. Тогаш таа живееше во дворецот, заедно со една друга Хрисомало и се една Индаро. Наместо своите занимања и забави во театарот, тие сега ги уредуваав работите на императорката. Но штом Сатурнин преспал со невестата и утврдил дека таа не е невина, му се доверил на еден свој близок дека не се оженил за девица. Кога овие негови

[104] Хермоген=х ермо ген; Хрисомало, всушност Хрисомала=х рисо мала; Лав=лав: лео + в = лево= лаво; Сатурнин=сатурн ин;Се́ само на тн.словенски, како Константинопол, без да биде кај Прокопиј.

зборови стигнале до Теодора, таа наредила, бидејќи тој се возгордеал и се надул, нешто што не му доликувало: да и да го нагостат убаво со стап по грбот, за да не му текне другпат да дрдори глупости.

Што се случи со Јован Кападокиски,[105] веќе раскажував. А за тоа дека Теодора постапи така со тој човек не е гнев поради неговите злосторства против државата, ги приведувам следниот доказ: никој од оние кои подоцна извршија дури и пострашни злосторства против своите потчинети, не страдаше толку. Причината, всушност, беше во тоа што Јован се осмели и во друго да и се спротистави на императорката и толку ја наклевети пред императорот што малку фалеше таа да влезе во отворено непријателство со својот маж. Како што веќе реков, тука треба да ги изложам најточните причини. Поточно, кога по сите мачења што ги опишав, таа го затвори во Египет, нејзината жед за одмазда кон тој човек не се намали; таа постојано бараше лажни сведоци против него. По четири години, меѓу бунтовниците во Кизик успеа да најде двајца прасини за кои се зборуваше дека биле противници на епископот. Императорката ги опсипа со ласкања, со ветувања и со закани, се додека едниот од нив, од страв и намамен од ветувањата, не го обвини Јован за овратно убиство. Меѓутоа, другиот не сакаше да се објави против вистината, иако со мачење го беа дотерале пред смрт. Затоа и таа не успеа на тој начин да го уништи Јован, но натера да им ги отсечат десните раце и на двете момчиња- на едниот затоа што не сакаше да сведочи лажно, а на другиот- за да не излезе заговорот на бел свет. И додека сето тоа се одвиваше сосема јавно на плоштадот,[106] Јустинијан се правеше дека не забележува ништо од извршеното.

ГЛАВА XVIII

А како доказ за тоа дека Јустинијан не беше човек, туку некаков демон во човечки лик, како што веќе спомнав, може да послужи и набројувањето на злосторствата што ми ги донесе на човештвото. Зашто моќта на извршителот се гледа од неговите ужасни дела. Ми се чини дека не би било според силите на никого, освен на бога, да го каже точниот број луѓе погубени од императорот. Човек би можел да ги изброи побрзо сите зрнца песок низ светот, отколку бројот на жртвите на императорот.Ако треба да одредам во која земја уништи најмногу жители,ќе кажам дека загинаа безброј илјади лица. На пример, така ја опустоши опширната, густо населена Либија што човек може да оди долго додека да сретне еден човек, и тоа е значаен настан. Сепак, пред почетокот на нивната борба, таму живееја осумдесет илјади Вандали, а кој би можел да ги изброи нивните жени, деца робови ? И кој човек би можел да ги преброи огромниот број луѓе кои живееја некогаш во градовите на Либија, кои се занимаваа со земјоделство и со поморски работи ? Јас сум ги видел со сопствени очи. А уште побројни од нив беа Маврузијците[107]- и тие беа погубени, заедно со нивните жени и деца. Земјата покри и мнозина византиски војници, заедно со нивната свита од Византион. Така што, ако некој наведе број од пет милиони загинати во Либија, ми се чини дека би посочил недоволен број. Причината ле-

---

[105] Кападок=капа док. На капа капи капка, следи капија. Врата=врта, која се врти. Пак, док=док-от.
[106] Плоштад=плоштат, плоштет, по плоштен=плочен; плоштад=плошт ад, како поплочен дел=земја...
[107] "Маврузијци (Мавританци) биле наречени Берберите во Северозападна Африка, и особено племињата кои живееле јужно од Мавританија Тигитана, по сверната падина на Атлас". Атлас=а тлас.

жи во тоа што, веднаш по поразот на Вандалите, Јустинијан ниту се погрижил како да ја држи потчинета земјата, ниту пак предвиди како, со наклонетоста на своите поданици, да го зачува поседувањето на тамошните богатства, туку без да размислува,веднаш го отповика Велизар, обвинувајќи го лажно за тиранија, за да може тој самиот потоа самоволно да ја раководи Либија и да го голтне целиот плен од неа.

Тој итно испрати таму проценувачи на земјата и наложи крајно жестоки даноци, какви што немало никогаш. Императорот си ги присвои најдобрите имоти. Им ги забрани обредите на аријаните.[108] Беше претерано бавен во исплаќањето на војничките надници и воопшто се однесуваше лошо со војниците. Оттука се појавија и бунтовите што завршија со сеопшти гибел. Впрочем, тој никогаш не се задржа на нешто утврдено, туку се измешуваше и превртуваше.[109]

---

[108] "Вандалите, како и другите германски народности, го имале примено аријанството. Настаните се однесуваат на 540 г. Види Историја на војните, VII, 14/7". Берлинско-виенската школа не говори за Константинпол, туку за Византион, спроведувајќи ја римската политика, Источното Римско Царство да го истовети со град Византион во Византиска Империја, како Рим во Римска Империја. Дека таа школа не се служи со вистина е следниот пример, кој говори за "германски народности". Всушност, Белци кои како Склавини=тн.Словени живееле источно од реката Рајна, што не било само до и по Бонифациус (8 век), кој ги покатоличувал, тоа опстоило и многу векови потоа, кога во Македонија, по 9 век, повеќе немало Склавини=тн.Словени. Оттогаш црковен јазик станал тн.старословенски, со кого Франките во Ремс ги устоличувале своите кралеви со преводот на Библијата тн.старословенски јазик на Методиј Солунски,што опстоило и по 15 век.Тогаш франковниот јазик станал битен,кој бил службен во Европа, ...Англија...Прусија, а после што следат германскиот=Лутеровиот како официјален јазик во 19 век, што важело и со англискиот.Следи западно од Германија да се говорат дворасни јазици на Белци (Пелазги) и Црнци (Семити), а источно од Франција трорасни јазици, дополнително уште монголски, готски, а таков употребувал Лутер. Поимов ништо на германски незначи, што важи за балканските имиња Герман и Теут=Деут до Deut=Deutscher. Фуснотата е под број 84, а во фуснота под број 4 за Велизар стои: "Полководец за време на управувањето на Јустинијан, по потекло од Германија, денешна Сепарева Бања". Полк=Volk=народ, Сепарева=се парева, БЕЗ ГЕРМАНСКО.

[109] Истото се случи во неговата гранична Склавина, покрај Дунав. Оболенски пиши: "некој си Хилвуд, словенски поглавар со извонредни способности кој бил наговрен да стапи во служба на Византија во 530 година, бил назначен за главен заповедник на Дунав и неколку години успешно го бранел". Видливо е дека пограничните Склавини биле само ромејски, за време на Јустинијан I (527-565), кој дошол на власт по неговиот чичко Јустин I (518-527). Следи прва Склавина била Јустинијанова во Подунавјето. За ова Антолјак вели: "Но, за време на Јустиновиот наследник Јустинијан I (527-565) значително повеќе се зачестиле нападите од Словените (Склавините, Р.И.) и Антите...Иако Јустинијан ги преземал сите можни мерки за да им го попречи преминот преку Дунав...Иако било притоа поразени, нова голема словенска војска повторно го преминала Дунав и непречено допира секаде ограбувајќи и заробувајќи дури до Драч (548). Во 549 година околу 3.000 Словени без отпор (кога тие биле само тн.Византијци, Р.И.) пак го минуваат Дунав, па преку реката Марица влегуваат во Илирија и Тракија. Таму ја разбиле бројно поголемата византиска војска и непрестајно ограбувајќи стигнале до Егејско Море". Па 548 и 549 година биле Јустинијанови, кога тој лошо управувал, со семејните самоволија... Истото важи и за 580 година. Тогаш во Македонија се појавуваат области=склавини, кои се побунивале поради нивниот тешки живот. Според Хетерингон-Форман, Фокас (602-610) припаѓал на династијата Јустинијан. Острогорски пиши: "Во војската дисциплината мошне опаднала и често доаѓало до отворени манифестации на незадоволства, дотолку повеќе што владата,принудена да штеди, често им ја задржувала платата на војниците. Кога 602 година војската добила наредба повторно да презимува од онаа страна на Дунав, избувнала буна. Побунетите војници го дигнале на штит и го прогласиле за цар, подофицерот од полуварварско потекло и напуштајќи ги своите позиции, тргнале кон Цариград. Тогаш и во самата престолнина пламнало востание. Ривалските странки на сините и зелените се обединале во борба против царската влада. Маврикиј е соборен, а Фока со согласност на сенатот е крунисан цар". Острогорски во фуснотата 129 наведува: "(М. В.Левченко, Венети и прасини во Византија в 5-7 в.)"..."Меѓутоа, помалку е значајно дали зелените

Италија, која е барем трипати поголема од Либија, опусте од луѓе уште повеќе од неа. Затоа и посочениот број на тамошни жртви ќе биде приближен. Впрочем, јас веќе порано ја изложив причината за настаните во Италија. Јустинијан и таму ги изврши истите злостора како и во Либија. А тој, згора на се, ги испрати во земјата и т.н. логотети и веднаш предизвика сопшта збрка и гибел. Пред таа војна, готската држава се протегаше од Галија до границата на Дакија, каде што е градот Сирмиум.[110]Кога византиската војска пристигна во Италија, Германците[111] го зазедоа поголемиот дел од Галија и од Венетија. А Гепидите го освоија Сирмиум и неговата околина, накратко, сосема ненаселена територија. Зашто едните ги уништуваше војната, а другите- болест и глад, нејзините постаојани сопатници. А пак Илирија и цела Тракија- од Јонско Море до предградието на Византион, а исто така и Елада и Херсонес- откако Јустинијан ја презеде власта над Византијците, речиси секоја година беа напаѓани од Хуни,[112] од Словени и од Анти[113] и тамошните луѓе

раскинале со Фока во 603 или 609 г., важно е што токму зелените одиграле улога во паѓањето на Фока". Се гледа дека тогаш Склавините северно од Дунав биле со потекло од Мала Азија со Балканот.Покрај Дунав со Црно Море и северно од нив се селеле Траки, што се чита кај Херодот (5 век п.н.е.). Значи, Траки=Склавини, а вакви биле Антите и Венетите. Се ова говори, сé било само ромејско. Да не се изуми, кога употребата на латинскиот опаѓала, се додека коине земал превласт со своите теми, земале замав склавините. Со Ираклиј (610-641) бил службен само коине, само со теми, а без склавини. Антолјак, на стр. 126, истакнува: "Македонските Склавини се споменуваат само до 836-7 година кога во изворите им изчезнува секоја трага".Македонија од 837 година е без Склавини. Значи, во Македонија областите биле наречени склавини, а од 838 година имало само теми, Темани.

[110] "Сирмиум, денешна Сремска Митровица, на Дунав. Тогаш овој град влегувала во диоцезата Дакија, во провинцијата Долна Панонија". Подунавјето било населено од Белци со варварски јазик.

[111] "Со 'Германци' Прокопиј ги означува Франките кои, за време на војните со Готите, ја преземаат Венетската област. Според Историја на војните, VII, 33/7. Гепидите, пак, се сместиле во Сирмиум и во неговата околина".СЛЕДИ ДЕНЕШНИТЕ ГЕРМАНЦИ,ИСТОЧНО ОД РЕКА РАЈНА, БИЛЕ САМО ВЕНЕТИ, СО ТРАКИСКИ ТРАДИЦИИ, КОИ ЗА БОНИФАЦИУС ВО 8 ВЕК СЕ СКЛАВИНИ.

[112] Острогорски пиши: "хунско- онугорско племе Булгари"..."јужно руските Татари": Хуни=Скити.

[113] "Ова познато искажување на Прокопиј може да се спореде со следниот израз што го среќаваме кај Јорданес, Гот по потекло и роден веројатно во Тракија или во Мизија: 'Тоа се несреќите што ги претрпе римската држава, освен секојдневните напади од Бугари, Анти и Словени'. Јорданес пишува околу средината на VI век, на латински. Види Iordanis, Getica et Romana, rec. Th. Mommsen, Monumenta Germania historica, V, 1, AA, p, 52. Под Илирија и Тракија Прокопиј веројатно ја подразбира големата административна поделба на диоцези. Диоцезата Илирија ги опфаќала западните територии на Балканскиот Полустров, а Тракија- источните". Следи "скитска пустиња", а Скити=Хуни= Татари=Готи=Бугари. На тие монголски простори Белците дошле двојако: како бегалци или војници без домашни животни и војници=граничари со свои семејства а потоа и преселници со свои домашни животни. Следи домашните животни се најголемиот доказ. Псевдо- Цезариј, во почетокот на 5 век, пиши: Склавините и Фисонците живееле негде во близината на Дунав и поради тоа се нарекувале Подунавци. Склавините " се диви, слободни и беспоглавари, бидејќи своите водачи и старешни постојано ги убиваат било на гозба било на пат, и се хранат со лисици, диви мачки и меѓу себно се довикуваат како волци кои завиваат". Со наводов се потврдува, во нивно време уште немало преселби на семејства со домашни животни. Затоа во оваа време имало само легии. Овие пристигале до реката Дунав, ги протерувале Скитите преку Дунав, наследство уште од времето на Филип и Александар Македонски, и се враќале назад, на своите одредишта. На тамошните сурови климатски услови луѓето морале да се борат да опстојат.Бидејќи тие немале домашни животни, тие морале да се хранат со диви животни и да се однесуваат како тамошните луѓе- Скитите. За да се потврди дека во време на Јустинијан и потоа имало промена на името за област во склавина се наведува наводот на Острогорски.Според него,"византискиот Балкан се распаднал на редици 'склавини'.Така оттогаш ги викале самите Византијци областите, кои им припаѓале на Словените и во кои византиската власт фактички не функционирала".Значи, се извршила само едно-промена на името за област, ништо друго.

трпеа ужасни страдања. Ми се чини дека погубените и заробените Византијци беа над двеста илјада, така што таа земја почна да личи на скитска пустиња.

Толку за настаните во војните во Либија и во Европа. А за целото тоа време, Сарацените постојано навлегуваа во источните византиски територии од Египет до границата на Персија и толку ги пистошеа што тие области останаа без луѓе и човек воопшто не би можел да ги пресмета тамошните жртви. Освен тоа, Персијците и Хозрој четири пати[114] навлегуваа и во другите византиски територии, уништуваа градови, а заробениците во освоените градови и области ги убиваа или ги земаа со себе, а нападнатите земји ги пустошеа. Откако навлегоа пак и во Колхида, и денес таму гинат Колхидијци, Лизијци и Византијци.[115]

Впрочем, ниту Персијците, Сарацените, Хуните, ниту словенското племе и други варвари, можеа да ја напуштат неповредена византиската земја. Зашто при нивните напади, а уште повеќе при опсадите и при судирите, наидуваа на силен отпор и беа не помалку убивани, па така, не само Византијците, туку и сите варвари беа засегнати од крвожедноста на Јустинијан. И самиот Хозрој имаше лош карактер, како што веќе раскажував на соодветните места, но и императорот му даваше поводи за војна. Зашто тој не ги сообразуваше своите дејства со ситуацијата: во мир и со склучени договори, неговиот подол ум постојано им даваше основа за војна на соседите. А кога ќе дојдеше војната, без причина стануваше колеблив во подготовките за неа, поради својата алчност. И наместо да се труди во тие работи, тој се интересираше за надземното, го интересираше прашањето за божјата природа и ниту ја прекратуваше војната, зашто беше убиец извалкан во крв, ниту пак успеваше да се надметне над непријателот. Тоа се должеше на неговата ситничавост, која му пречеше да ги преземе потребните мерки. На тој начин, во времето на неговото владеење. Целата земја беше постојана натопена со човечка крв, како византиската, така и земјите на сите варвари.

Со еден збор, во тоа време, тие работи можеше да се изложат за војните низ целата византиска земја. А ако ги споменам и другите бунтови во Византион и во сите други градови, мислам дека тие донесоа не помалку убиства од војните. Зашто правото и праведното казнување воопшто не се применуваа, туку напротив, императорот ја подржуваше едната од двете партии, поради што и двете беа неспокојни: едната поради своите загуби, а другата добиваше прекумерна дрскост. Тоа ги поттикнуваше спорните страни ту кон очај ту кон безумство, и тие се тепаа меѓу себе, или масовно, или во мали групи, или пак напаѓаа некого сам, од заседа. Тоа траеше триесет и две години без прекин. Во тој период, тие најужасно се навредуваа, а мнозина беа егзекуитирани од префектите на демосот.[116] При тоа, многу повеќе казни за своите недела поднесоа прасините. Освен се наброено, византиската држава беше преплавена од убиства со казнувањето на самарјаните и на т.н. еретици. Тоа сега ќе го споменам воопштено, зашто малку погоре го опишав подробно.

Сетоа тоа го снајде човештвото откако демонот зел човечки лик и се најде меѓу луѓето и, како император, ги предизвикуваше нивните несреќи. Сега ќе ги

---

[114] "Во некои од ракописите стои 'три пати' ". Значи, имало променувања, дотерувања...

[115] "Персијците навлегувале во кавкаските области во 541 г. Во Историја на војните, VII-VIII, Прокопиј исто така зборува за војните против Словени, Анти и 'Хуни', како и за настаните на Исток". Тој не говори за некакви живисуштества Словени,туку само Склавини,постари од оние на Балканот.

[116] "Оваа должност, prafectus plebis, поврзана со полицијата во Цариград, била создадена во 535 г".

опишам и несреќите на народот, предизвикани од неговата тајна сила и од неговата демонска природа. За време на неговото раководење, на Византијците им се случија многу настани и други катастрофи за кои едни тврдеа дека биле предизвикани од присуството и од дејствијата на злиот демон, а други- дека божеството се откажало од византиската држава и дека и ја препуштило на волјата на нечестиви демони, а тоа се појави на следниот начин. На пример, реката Скиртос ја поплави Едеса и им донесе илјадници несреќи на тамошнмите жители, како што ќе раскажам подоцна. А водите на Нил, по нивното вообичаено покачување, не се повлекоа во предвиденото време и им донесоа огромни штети на некои од жителите, како што раскажував порано. Реката Киднос, пак, која тече речиси низ целиот Тарс, го поплави градот и не се повлече со денови, предизвикувајќи огромни несреќи. Земјотреси ги уништија Антиохија, првиот град на Исток, и соседната Селевкија, како и Аназарвон, најблескавиот град во Киликија. И кој би можел да ги изброи загинатите луѓе ? Би можеле да се додадат и Ивора, и Амасија, првиот град на Понта, Поливот во Фригија и Филомидис, наречен така од Пизидијците, како и Лихнида[117] во Епир и Коринт- кои отсекогаш биле едни од најнаселените градови. Сите тие беа разурнати тогаш од земјотрес, а речиси сите нивни жители загинаа во нив. А како што споменав и порано, на тоа се додаде и чумата, која ги однесе животите на околу половина од преживаните. Та настана погибија на толку многу луѓе, додека Јустинијан најпрвин ја управуваше византиската држава, а потоа- додека имаше императорска власт.

ГЛАВА XIX

Сакам уште да раскажам како Јустинијан си ги присвојуваше сите можни пари, но најнапред ќе кажам за сонот што му се јавил на еден виден Византиец во почетокот на Јустинијановото владеење. Човекот раскажуваше дека му се сонило како стои во Византион, на брегот на морото, спроти Халкедон и го здогледал Јустинијан среде протокот. И потоа видел како тој најпрвин ја испил целата вода од морето, та изгледало како морето веќе да изчезнало и тој стои на копно, а потоа, од двете страни, од одводните канали, бликнала друга вода, полна со нечистотија и со ѓубре, се кренала до двата брега, а Јустинијан ја проголтал и неа и протокот одново станал сув.

Таков бил сонот. А споменатиот Јустинијан, кога вујко му Јустин ја наследил императорската власт, најде полна државна каса. Зашто Анастиј беше најпредвидливиот, најдобриот стопан од сите властодршци и од страв- тогаш се случуваа и такви работи- неговиот наследник да не западне во парични проблеми па до ограбува своите поданици, пред да умре, ги имаше наполнето сите ризници. А Јустинијан, набрзо, ги потроши сите, или бесмислени градби во морето, или за своето пријателство со варварите, иако човек можеше да си помисли дека тие пари биле

[117] "Градот Аназарвон (Аназарва) се наоѓа во североисточниот дел на Киликија. Ивора бил град во Хелеспонт, а Амасија- град во Понт. Градот Поливот во Фригија се наоѓал на местото на денешен Афион-Карахисар, недалеку од Бруса; Филомидис, или Филомелион, се наоѓал во Пизидија. Лихдинт или Лихнида е денешниот град Охрид, кој тогаш спаѓал во провинцијата Нов Епир". Значи, имало провинции, а не склавини. Ваква имало во Подунавјето, каде Јустинијан градел утврдувања, цркви.... Во претходната фуснота 94: "Види За градбите...". Мноштво варварски=пелагиски=тн. словенски поими: ...Поливот...Афион=апион=опион=опиум=опи ум, како и во стариот Египет на Белци.

доволни за сто години и за најрасипаниот император. Навистина, настојниците на ризниците, на касите и на сите други императорски пари, тврдеа дека Анастасиј, во своето дваесет и седумгодишно владеење, оставил во државната каса три илјади и двеста кентенарии злато. А во деветте императорски години на Јустин, за кои Јустинијан донесе неред во државата, спротивно на секакво право, во државната каса биле внесени четири илјади кентанарии и ништо не останало од нив, напротив, уште додека Јустин беше жив, беа трошени од тој човек на начин што го опишав во своите претходни раскажувања. А за каква цел, цело време, Јустинијан присвојуваше богатства и ги трошеше, нема начин што ќе успее да ги истакне неговата причина, основа или размери. Зашто тој, како непресушна река, секојдневно ги ограбуваше и ги опустошуваше своите поданици, а потоа веднаш ги трошеше парите на варварите или за некакви поморски градби.[118]

Откако Јустинијан толку брзо ја испразни државната каса, го упати погледот кон своите поданици и веднаш почна да им ги одзема имотите, грабејќи и вршејќи насилства без никаква основа. Покренуваше нечуени обвиненија против сите имотни луѓе во Византион, а и во секој друг град.[119]Едни обвинуваше за многубожество, други за ерес против вистинската христијанска вера, трети- за педерастија, четврти за љубовни врски со свети жени или за некакви други недозволени односи; некои ги обвинуваше за поттикнување кон преврат, за пристрасност кон партијата на прасините, за обид за убиство против него самиот или за каков и да е друг грев. И Јустинијан веднаш стануваше наследник на мртвите или на оние што умираа, небаре тие го имаа посинето, и тоа беа неговите најславни дела. А пред малку раскажував како, по задушувањето на востанието наречено Ника, кренато против него, тој веднаш стана наследник на сите сенатори едеднаш, на истиот начин на кој, и пред востанието, им ги одземаше имотите еден по еден.[120]

Јустинијан не препушташе случај да надари богато секакви варвари,на исток и запад, на север и на југ, та дури и оние кои живееја во Британија,[121] и какви ли не народи по целата земја за кои порано дури и не бевме слушнале, а сега за прв пат ги гледавме и потоа го дознававме името на нивното племе. Тие самите, дознавајќи го карактерот на тој човек, доаѓаа од целата земја кај него, во Византион. Тој, пак, без никакво колебање, туку дури и радосен од тоа, сметајќи го за успех тоа да ги исцрпува византиските богатства, да ги троши за варварите или за некакви поморски работи,[122]секојдневно испраќајќи некого од нив дарувајќи ги штедро. На тој начин, сите варвари станаа господари на византиското богатство, или заминувајќи си со пари подарени од императорот или оплачкувајќи ја византиската држава, или

---

[118] Јустинијан како Варварин со варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик ги користеше парите за Варварите, како и за градби. Па вакви биле и подунавските, каде веќе во 5 век имало Склавини. Тие таму веќе во 5 век говореле варварски. Таков бил и јазикот на Траките.Тие биле дури и Заткарпати...

[119] Јустинијан бил против благородниците=племството,а за народот како Варвари со варварски јазик

[120] Спротивно на народот (Варварите), наведеното можеле да го прават благородниците, сé е нивно.

[121] Константин Велики кога бегал кај својот татко, во Британија, а за да не биде достигнат, само менувајќи ги коњите..., се движел по течението на Вардар, Морава, Дунав, како што отсекогаш биле преселбите во ненаселениот континент, кој и денес се донаселува, никаде не забележал Склавини...

[122] Варвари и поморци биле Далматинците (Млечаните...), Венецијанците. Токму овие го оплачкаа и уништиле Источното Ромејско Царство.Ова се гледа од она што го пишувал последниот премиер во Цариград, Лука Нотарис, Венецијанците, Геновчаните...не ги интересирало христијанската вера, чие зло било на Рим од со Крстоносните војни.Следни плачкаши биле Португалците, Шпанците, Англичаните...Меѓутоа,Англичаните во 18 и 19 век ги потиснале Венецијанците...Јустинијан бил во право.

продавајќи ги заробениците, или барајќи откуп за мирот. А сонот што го споменав порано, стана реалност за сонувачот. Јустинијан успеа да најде и други начини за да ги ограбува своите поданици- за тоа, доколку можам, ќе раскажам подробно. Со нив, тој не одеднаш, туку постепено, го заграбуваше имотот на сите луѓа.

ГЛАВА XX

Најнапред, Јустинијан назначи во Византион еден префект на демосот кој требаше да го дели со трговците нивниот годишен приход и да им дозволува да ги продаваат своите стоки по цена што ќе ја посака.А луѓето беа принудени да си купуваат се што им беше неопходно по тројна цена, немајќи кому да му се пожалат за тоа. Таа мерка донесе огромни штети. Бидејќи императорската власт си присвојуваше дел од тие приходи, инстанцијата што се занимаваше со тоа сакаше да извлече што поголема печалба. Оттогаш натаму, службениците на власта, задолжени со таа срамна работа, како и сопствениците на продавници, ја користеа својата власт за да вршат беззаконија, и им донесоа страшни несреќи на граѓаните. Не само што продаваа по цени неколкупати повисоки од нормалните, туку и измислуваа необични измами со своите стоки.

Потоа Јустинијан создаде голем број т.н. монополи и богатството на своите поданици им го предаде на луѓе кои не одбија да го примат тој грев врз себе. А пак самиот тој, штом ќе си го земеше своето, им ги предаваше работите на своите помошноци, за да ги уредуваат како што сакаат. Таквите беззаконија се вршеа јавно и од сите други власти. Зашто, штом императорот ќе си го добиеше својот мал дел од украдената пљачка, службениците и чиновниците одговорни за тоа, без страв ги ограбуваа своите жртви. А бидејќи постојаните утврдени службени лица не му беа доволни за таа цел, Јустинијан воведе две нови служби во државата. Притоа, и дотогашната поставена власт предизвикуваше општа збрка. Знам дека тој ги измисли тие нови служби за да располага со што повеќе поткажувачи и за да може уште побрзо да ги подложува на мачења невините луѓе. Едната служба беше воведена под лажниот изговор дека божем била против крадците, и таа беше наречена претура на демосот. А за другата служба, императорот објави дека таа ќе ги казнува педерастијата, прељубничките и оние кои неправилно се однесуваат кон божјите работи, и ја нарече квестура. И така, кога преторот ќе најдеше нешто особено вредно при кражбите, тој го носеше кај императорот со зборовите дека сопствениците воопшто не можат да се откријат. На тој начин, императорот секогаш го добиваше најдрагоценото. А пак таканареченио квестор ги изнудуваше жртвите и му го даваше на императорот што тој ќе посакаше, а самиот тој, спротивно на секакво право, се збогатуваше од туѓото не помалку од императорот.Впрочем, службениците на тие власти ниту ангажираа обвинители, ниту преставуваа сведоци на злосторствата, туку постојано, во целосна тајност, ги убиваа луѓето и го заграбуваа нивниот имот, без обвинување, без истрага.

А потоа тој крвав убиец им нареди на тие власти, како и на префектот на демосот, да се зафатат истовремено со сите обвинувања, порачувајќи им да се натпреварува меѓу себе кој ќе успее да погуби повеќе луѓа за пократко време. Раскажуваат дека тогаш некој од нив го прашал чија ќе биде истрагата на случајот, ако некој биде обвинет истовремено и пред тројцата. Императорот одговорил дека таа ќе

му припадне на оној кој ќе биде побрз. Сосема непромислено, Јустинијан ја промени и квесторската должност.За неа особено многу се грижеа речиси сите претходни императори, за да им се доверува на одлични правници, искусни и мудри во однос на сите закони, а и непоткупливи. Зашто ако се без искуство или пак ако се поттикнувани од алчност, тоа би можело да доведе до погубни последици за државата. Тој император го назначи на таа должност најпрвин Трибонијан, за чии активности доволно опширно раскажував во своите претходни раскажувања. А кога Тробониј почина, уште во мигот на неговата смрт, Јустинијан си зеде дел од неговиот имот, иако тој остави син и рој внуци. Потоа императорот го постави на таа должност Јунил, Либиец по потекло. Тој човек немаше ни слушнато за закони, знаеше добро латински, но по елински немал посетувано дури ни почетен учител, па дури не можеше ни да зборува елински, а во своите обиди да го прави тоа, предизвикуваше смеа меѓу своите слуги.[123] Тој беше ѓаволски алчен и воопшто не се срамеше најотворено да продава императорски решенија. Воопшто не се колебаше да му подаде рака во знак на согласност на човек кој му дал само еден златник. И државата ја трпеше таа комедија цели седум години. А кога дојде крајот и на Јуниловите денови, Јустинијан го назначи за квестор Константин, млад и неопитен човек, без какво и да е судско искуство. Притоа, тој беше најкрадливиот и најсамобендисаниот човек на светот. Тој Константин му стана многу драг и пријатен на Јустинијан, зашто императорот не се откажуваше од неговата помош при кражбите и при процесите. Така, набрзо Константин стекна огромном богатство и почна да живее раскошно, чекореше небаре на небесата и ги презираше сите луѓе. И ако некој ќе посакаше да го поткупи за нешто со многу пари, им ги даваше парите на неговите довереници и така го постигнуваше и своето барање. А пак самиот Константин им беше сосема недостапен на луѓето, било за разговор за средба, зашто тој одеше кај императорот и се враќаше откај него не полека, туку забрзано, тивко, за да не го задржи некој во непотребен разговор кој не му носи никаква заработка.

ГЛАВА XXI

Така стоеше таа работа со императорот. А од преторијанскиот префект добиваше годишно по триесет кентенарии врз официјалните даноци. Таа уплата тој ја нарече ‘аерикон’;[124] според мене, тоа значеше дека тој не доаѓа од некој редовен и прифатен данок, туку како по некаква случајност, парите му паѓаа од воздух. И тоа треба да се смета како резултат од неговите нечесни дела. А раководителите на таа служба секогаш го користеа тој мотив за да извршат грабежи над поданиците. И

---

[123] “Како што се гледа од овој текст на Прокопиј, грчкиот јазик веќе се наметнувал во официјалните канцелариски служби,иако Јустинијан тврдел дека латинскиот му е ‘татков јазик’.Впрочем, Новелите на Јустинијан се издадени делумно на латински и делумно на грчки јазик“. Латински и коине биле службени, а народен, мајчин, јазик само варварски=пелазгиски=тн.словенски. Ова се потврдува и со доказот дека Константин Велики и Јустинијан латински и коине ги учеле во школите, а мајчиниот дома. Во прво време имал предност латински,а тек потоа коине останал единствен службен јазик. Според Ланге, во годината 425 бил основан Универзитетот во Константинопол, каде што предност имал грчкиот во однос на латинскиот. Латинскиот се одржал како официјален јазик до владеењето на Хераклеиос (610-641), кој би заменет со грчкиот јазик. Токму затоа татко му бил само Варварин.

[124] “Аериконот, или ‘воздушен данок’, всушност, постоел и порано. Тој е еден вид додатен данок, поврзан со поседување недвижен имот“. Следи аерикон=а ерик он: ерик + т = етерик + в = ветерик...

тие даноци му ги предаваа на императорот, а самите тие, без напор, си го присвојуваа императорското богатство.Јустинијан, пак,сметаше дека е природно да си ги затвори очите пред тоа. Тој само следеше кога тие ќе добијат огромни богатства, за да може да покрене некакво неосновано обвинение против нив и да им го одземе целиот имот. На истиот начин постапи и со Јован Кападокиски.Се разбира,сите кои во тоа време ја добиваа таа должност, за неколку дена стануваа неверојатно богати. А само двајца беа исклучок од тоа:Фокас, кого го споменав во своите претходни раскажувања како крајно ревносен приврзаник на правдата- тој човек остана на своја функција без да се бори за нечесни печалби- и Басос, кој подоцна дојде на таа служба.Ниту еден од двајцата не успеа да ја задржи функцијата речиси ни една година. За само неколку месеци, тие требаше да ја напуштат својата должност бидејќи беа непогодни и сосема несоодветни за случајот. И за да не биде мојот расказ бескраен доколку ги набројувам сите подробности, ќе одбележам само дека истото се правеше и на сите други служби во Византион.

Впрочем, Јустинијан низ целата византиска држава постапуваше вака: си ги одбираше најлошите луѓе, за да ги разврати, и им ги продаваше службите за големи пари. Зашто на никој чесен и барем малку разумен човек, не би му паднало на ум да ги дава сопствените пари за да ги ограбува луѓето кои не згрешиле со ништо. Си го прибираше златото од купувачите и им ја даваше власта, за да постапуваат своеволно со поданиците. А тие луѓе, природно, препочитаа да ги погубат сите потчинети територии и луѓе, само за да се збогатат. Оние, пак, кои ги купуваа градските служби со пари земени на заем од лихвари, со високи лихви, штом ќе му платеа на продавачот, со пристигнувањето во своите градови, вршеа најразлични злосторства над своите поданици, стремејќи се единствено да им го исплатат договореното на своите заемодавци и однапред да се вбројат меѓу најбогатите граѓани. Тие нивни постапки не носеа никаква опасност за нив,ниту пак ги покриваа со срам, напротив, им носеа дури и некаква слава, и тоа толку поголема колку што повеќе жртви ќе убијат и ќе усепееја да ограбат. Името ‘убиец’ и ‘ограбувач’ најмногу одговараше на нивната дејност. Се разбира, штом Јустинијан ќе видеше дека некое лице на должност стигнало на врвот на богатството, го вплеткуваше во своите лажни зборови и, набрзо, веднаш му го одземаше богатството.

Подоцна, императорот издаде закон според кој лицата кои стапуваат на должност требаше да се заколнат дека ќе бидат чисти од секакви кражби и дека нема да даваат, ниту пак да добиваат никакви пари за некоја служба. Притоа, тој ги додаде сите проклетства познати од најстари времиња, ако некој остапи од прописите на законот. Но не помина ни една година од неговото излегување, и самиот император ги пренабрегна прописите и проклетствата, без да помислува на срамот што си го навлекува, и почна да ги собира парите за службите- не тајно, туку сосема отворено, на пазарот. А пак купувачите на службите, без да обрнуваат внимание на дадената заклетва, грабеа повеќе од порано.

Подоцна, тој измисли една друга нечуена работа: реши да не ги продава повеќе службите во Византион и во другите градови кои ги сметаше за најважни, туку си бараше и си назначуваше наемници, одредувајќи им плата за да му го предаваат сето она што е украдено. А неговите наемници му го носеа назначеното и веќе без страв извлекуваа се од целата земја. И така, се пронесе наемничкото самоволие под покритие на некакви служби и ги опустошуваше поданиците. На тој начин, цело

време, императорот внимаваше да назначува такви луѓе на такви места кои, отворено кажано, беа најголемите никаквеци и, притоа, секогаш успеваше во своето барање.И кога тој ги назначи првите никаквеци и моќта на власта им го откри на јаве лошиот карактер, ние се чудевме од каде човечката природа успеала да собере толку пороци. Но кога нивните наследници доаѓаа на нивните функции и успеваа да ги надминат своите претходници, луѓето се чудеа како е можно оние, кои претходно им изгледаа како најниски никаквеци, сега да им се чинат сосема пристојни во споредба со следбениците. А пак третите на тие служби ги надминуваа вторите со своите злосторства, а по нив и другите, и така продолжуваше на истиот начин- новите лица назначени на должноста, со своите злосторства, им создаваа добро име на своите претходници. А штом злото се распространи, сите сфатија дека човечката лошотија може да се проширува бескрајно, потхранувајќи се од примерот на претходниците, и дека се поведува од можноста за произволно постапување над жртвите.Таа може да достигне дотаму до каде што се простираат претставите на оние кои трпат.

Така стоеја работите со византиските лица на должност. Често, воените началници во Тракија и во Илирија сакаа да ги нападнат непријателите Хуни кои влегуваа во византиската територија за да пљачкаат и да земаат заробеници, но требаше брзо да се откажат од тоа зашто ги гледаа писмените наредби на императорот Јустинијан кој им забрануваше напади против варварите зашто тие биле неопходни сојузници на Византијците против Готите, а и против некои други непријатели.[125] И оттогаш, тие варвари, како непријатели, ги пљачкаа и ги поробуваа византијците во тие области, а од друга страна, како пријатели и сојузници на Византијците, си ги носеа дома пљачките и заробениците.[126] Честопати, некои тамошни селани, поттикнати од страдањата на своите заробени деца и жени, се собираа во големи групи и убиваа мнозина варвари при нивното повлекување и им ги одземаа коњите, заедно со целиот плен.[127] Меѓутоа, со тоа, тие запаѓаа во тешка ситуација зашто пристигнуваа пратеници од Византион да ги измачуваат, да ги осакауваат телесно и без колебање да им наметнуваат парични глоби, додека не им ги предадат сите коњи од одземени од варварите.[128]

ГЛАВА XXII

Кога императорот и Теодора го сменија Јован Кападокиски посакаа на негово место да постават некој друг и ревносно бараа меѓу луѓето да ги најдат најнечесниот. Тие сакаа да најдат таков инструмент на тиранијата за да можат уше побрзо да ги погубуваат своите поданици. Во прво време, на тоа место го поставија Теодот, недобронамерен човек, но и не доволно способен за да им се допадне. Потоа продолжија со својата потрага низ целата земја.Сосема неочекувано, најдоа еден сараф по име Петар, Сириец по потекло,со прекар Варсим. Тој одамна седеше зад сарафаската маса и со тоа свое занимање си обезбедуваше големи и нечесни заработ-

---

[125] Се вели непријатели Хуни, значи, Татари, како Скитите=Готите. Никаде ги нема Склавините. Тие биле домородци,Белци, со потекло од Балканот со Мала Азија.Па тие се селеле на север кај Скитите.
[126] Досега ниеден автор не кажал, каде Склавините ги носеле своите пљачки и заробеници: дома ? !
[127] А БИДЕЈЌИ СЕ ГОВОРИ САМО ЗА КОЊИ, ТОА НЕ БИЛЕ ДОМОРОДЦИ, ТУКУ МОНГОЛИ.
[128] Белците се пренесувале со воловски коли. Монголите (Готите) со коњски, на понтонски мостови.

ки. Владееше совршено со кражбата на оболите и постојано мамеше клиентите со брзината на своите прсти. Итро најдрско, им ги собираше парите на своите жртви, а штом ќе го фатеа, умееше лажно и бесрамно да се заколни за да го прикрие своето злосторство. Поради тоа и беше избран меѓу епархиските војници и достигна до таква бесрамност што си ја стекна особената наклонетост на Теодора и сосема лесно и помагаше во извршувањето на нејзините недела. Затоа и веднаш го сменија Теодот од фунцијата на која го имаа поставено по смената на Јован Кападокиски и го назначија Петар. Тој правеше се според нивната желба. Не пример, ниту засрами, ниту се исплаши кога им ги одзеде платите на војниците. Ги направи должностите уште попоткупливи од кога и да било, а кога ги осрами уште повеќе, им ги продаваше на луѓе кои не се колебаа да ја вршат таа нечесна трговија. Петар им ги препушташе на оние кои ги купуваат со строга инструкција дека располагаат произволно со душите и со имотите на своите подвластени. Зашто нему самиот и на оној што ја купил службата веднаш им се даваше целосна власт за грабеж и за секакво опустошување. Така, трговијата со човечкиот живот проистекуваше од главата на државата, се исплаќаше полисата за уништување на градовите, а меѓу високите судски чиновници и среде плоштадот, сосема ‘законски’ се шеташе разбојникот кој, заштитен, ги собираше парите определени за службите. И немаше никаква надеж за казнување на престапниците. Од сите државни службеници, меѓу кои имаше множина почитувани мажи, Петар секогаш ги привлекуваше најлошите околу себе. Така, не паѓаше само тој во гревови, туку и сите оние кои, порано или подоцна, добиваат некаква должност.

Слични престапи се вршеа и во службата на т.н. магистар, како и на палатините, кои се занимаваа со државната ризница, со т.н. ‘лични и наследни’ дела на императорот, со еден збор, од сите служби во Византион и во другите градови. Зашто, откако тиранот ја раководеше државата, приходите што им се паѓаа на чиновниците во секоја служба, беа присвојувани или од него самиот или пак од началниците на таа служба, и тоа без никакво колебање, а потчинетите чиновници, кои запаѓаа во крајна беда, беа принудени сето време ропски да им служат.

Во Византион грижливо се внесуваше многу жито и иако поголемиот негов дел беше расипан и не чинеше за јадење, Јустинијан им го продаваше на сите источни градови, притоа, дури и не по цената на најдобрите сорти, туку значително поскапо. Купувачите, пак, беа принудени, откако би фрлиле многу пари заради високите цени, да го истурат житото или во морето или во некој истечен канал. Дури кога таму беше склкадирано големо количество ново и уште нерасипано зрно, императорот реши и него да им го продаде прескапо на градовите што имаа потреба од него. Притоа, тој земаше двојно повеќе отколку што државата им го плаќаше на своите даночни обврзници за истото жито. Кога пак, следната година, реколтата од житна храна не беше толку висока, нивниот транспорт во Византион стануваше недоволен и Петар не знаејќи што да прави во таа ситуација, решил да откупи поголеми количества жито во градовите на Витинија, на Фригија и на Тракија, а тамошните жители беа приудени, со голем труд, да го принесат товарот до морето и оттаму да го однесат во Византион, во едно патување полно со многу опасности. Згора на се, добиваа сосема ниска, симболична награда, зашто нивните штети беа толку големи што луѓето би препочитале некој да им нареди да и го подарат житото на државата, па дури и да платата за тоа. Тоа бреме беше наречено ‘синоне’. Но ко-

га еднаш не стигаше житото во Византион, мнозина му го соопштија тоа на императорот. Истовремено, војниците почнаа да негодуваат затоа што не ја имаа добиено својата вообичаена плата, та градот беше обземен од возбуда и од смрт. Петар веќе очигледно беше паднат во немилост кај императорот кој сакаше да го смени од функцијата поради се што е раскажано, а имаше и наслушнато дека украл ѓаволски многу пари од државата. Реално, работите стоеја токму така. Но Теодора не дозволи тој да биде сменет. Таа извонредно многу го ценеше Варсим, како што им се чини, поради неговата порочност и поради неговото изразено грубо однесување со поданиците. А и таа самата беше бескрајно сурова, исполнета со нечовелност, и сакаше нејзините помошници да имаат карактери слични на нејзиниот. Раскажуваат дури и дека императорката, против својата волја, била маѓепсана од Петар и затоа му била наклонета. Тој Варсим особено многу се интересираше за магии и за отровни средства, восхитувајќи им се на т.н. манихеи, и сметаше дека е сосема во ред отворенода ги заштитува. Иако императорката имаше слушнато за тоа, таа не ја загуби наклонетоста кон него туку, напротив, уште повеќе го штитеше и го почитуваше поради тие негови занимања. Впрочем, и таа самата, уште како дете, живееше среде маѓосниците и трујачите и бидејќи нејзините занимања ја поттикнуваа кон тие работи, во текот на целиот свој живот, таа веруваше во нив и им се доверуваше. Се зборува дека не го освоила Јустинијана толку со ласкање колку со моќта на демоните. Зашто тој човек не беше ниту праведен ниту пак постојан во доброто за да надвладее таква подлост, туку беше очигледно освоен од страста кон убиства и кон пари и мошне лесно им се поддаваше на измамниците и на ласкавците. Во најважните работи, без повод ги менуваше своите намери и личеше на виор од прав. Ниту еден негов близок или виден маж не можеше да има цврста доверба во него, бидејќи тој постојано ги менуваше своите мислења, за сите прашања. Така, Јустинијан, како што веќе споменав, беше сосема достапен за трујачите и Теодора, без никаков напор, го потчинуваше на својата волја. Од тие причини, Теодора особено многу го ценеше Петар, кој се разбираше од тие работи. Само што го смени Петар од неговата претходна служба, под притисок на Теодора, императорот веднаш го назначи за благајник, сменувајќи го Јован од таа функција. А Јован беше дојден на тоа место само неколку месеци порано. Тој беше Палестинец по потекло, беше многу умен и добар човек, кој не беше способен ниту да присвојува незаконски пари, ниту да навреди кого и да е. Се разбира, затоа и целиот народ го сакаше. А токму поради таа причина, тој воопшто не им се допаѓаше на Јустинијан и на неговата сопруга. Штом ќе видеа, спротивно на своите очекувања, некој добродетелен и благоразумен човек меѓу своите службеници, тие се сопнуваа од изненаденост, се огорчуваа и се трудеа, колку што можат побрзо, да го остранат.

Така Петар го замени Јован и, како благајник на императорската ризница, одново предизвика сеопшти катастрофи. Зашто тој откина поголем дел од парите кои секоја година доаѓаа кај императорот, а самиот се збогати недозволено од општествените средства прикажувајќи му само еден дел на императорот. Ограбените, пак, останувааа длабоко натажени, бидејќи Петар не ја зголеми вредноста на златната монета, како што беше вообичаено, туку ја намали- нешто невидено порано.

Така стоеја работите со императорот и со неговите чиновници. А сега сакам да раскажам како тој ги уништи замјоподседниците. Јас тукушто раскажав подробно за чиновниците испратени низ сите градови и за страдањата на нивните жите-

ли. Тие чиновници најнапред ги ограбуваа и ги малтретираа земјопоседниците. Другото ќе го раскажам сега.

ГЛАВА XXIII

Прво, многу одамна беше прифатено секој византиски владетел, многукратно, да им ги простува на своите поданици сите остатоци од даноци, за да не паднат во беда немајќи од каде да платат, постојано да бидат притиснати или пак да измислуваат лажни оправдувања пред собирачите на данок кои, пак, се обидуваа меѓу даночните обврзиници да ги вбројат и оние кои не должеа ништо. А Јустинијан, за триесет и две години, не направи ниту едно такво благородно дело. Поради тоа, сиромашните беа принудени да ја напуштаат својата земја и веќе никој не можеше да ги врати назад. Изнудувачите, пак, ги измачуваа имашните со заканувачко обвинение дека задоцниле со плаќањето на данокот, наложен на имотот од старо време. Навистина, несреќниците не се плашеа толку од новото собирање на данокот колку од тотално незаконското оданочување кое се правеше од пред неколку години. Впрочем, мнозина се ослободуваа од него со тоа што се откажуваа од своите имоти во полза на изнудувачите или во полза на државната каса. Потоа, Мидијците и Сарацените го опустошуваа поголемиот дел од Азија,[129] а Хуните, Словените и Антите[130]- цела Европа и некои градови беа срамнети со земјата, а на други- им беше со-

[129] "Се мисли на Мала Азија, а со 'Европа' се означуваат балканските поседи на империјата". Пак, Европа била Македонија, која била до Дунав,а што се променало со A.Zeune во 1809 година, од кога се дошло до Балкански Полуостров. Инаку во Европа била Троја. Стефан Византиски ("Историја на кавкаските Албанци" I Oxford University, 1961, London, превод Дорест), Тој во своето дело ја оспорува теоријата за локацијата на Троја во Италија и Шлимановата (подоцнежна) теорија за локацијата на Троја во Мала Азија. Во својот опис за уништување на Илиј и градењето на Рим, наведува "Илиј е завземен на следниот начин: градот бил во земјата на Ахајците, во соседство на Пелопонез, западно од Македонија, во земјата Европа...Во тоа време младичот, еден од градските принцови, отишол во градот Солун, кој се наоѓал на исток од Македонија, во потрага по забава, а градското благородништво убаво го примило...". Прајс пиши за големиот допринос на Илирите во Тројанската војна и запоставениот историчар Мојсија Хоренски. Овој запишувајќи го Илиј рекол дека градот лежи во земјата на Ахајците, во соседство на Пелопонез и ЗАПАДНО од Солун и од Македонија, во земјата Европа. Овој драгоцен податок на Мојсија Хоренски го користел и Стефан Византиски, кој бил црковен поглавар. Троја била западно во Македонија (Европа) поради тоа што споредувајќи ги наводите на Стефан Византиски со оние на Херодот таа требало да биде само во Горна Македонија. Ова се потврдува со наводот на Елијан (3 век н.е.). Тој пиши, скоро илијада и пол години после падот на Троја, дека овој јазик припаѓал на илирските Бриги. Кога јазикот бил на илирските Бриги, Троја морала да биде само на просторите на Брзјаците од каде потекнале Бригите. Стефан од Византија запишал дека Бригите биле македонско племе, што живеели во соседство на Илирите. Бидејќи Бригите биле македонско племе, Троја била во Македонија. Токму затоа Троја не можела да биде во Илирија.Според Гроте, Венетите биле ист народ со Илирите.Пак,Пелопонез никогаш не бил во Европа.

[130] Се говори за Хуни, кои биле Монголи,и Белци Склавини, Анти и Венети, но не Словени од Божјо Слово, а Логос=Слово. За да се потврди, дека Антите, Венетите, Склавините и Словените биле еден ист народ Белци со варварски=пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платонов=тн.словенски јазик е следниов пример: Фасмер истакнува дека "Велегезитаи, чија област во 12 и 13 век се викала Велегезас"..."чие образување воочливо се всогласува со името на Антите Тазиархос Доврагеас"..."Конечно од 15 век уште за понатамошниот живот на Словените на Тајгетос како сведок е местото од опишувањето на патувањето на Ласкарис Канонос за Deutschland и северните земји да се спомени, чие постанување (Buzeskul- Festschrift стр. 397фф) го поставил во 1412-1418 година. Таму Гркот (Ромеец, Р.И.) исто така го опишува опкружувањето на Либек и таа земја ја нарекува Stlavounia. Тој тогаш ја додал за-

бирана најстрога контрибуција. Луѓето, пак, беа заробувани заедно со нивните имоти. Сите земји, по секојдневните напади, останаа без жители. И покрај тоа, Јустинијан никого не ослободи од данок, освен преземените градови, и тоа на една година. А според мене, дури и да ги беше ослободил од данок преземените градови за седум години, како императорот Анастасиј, пак не би го направил потребното: зашто Кавад си одеше без да ги оштети ни најмалку градбите, а Хозрој палеше се по ред и срамнуваше се со земјата, предизвикувајќи им многу поголеми страдања на жителите. И за сите тие луѓе на кои им направил смешна отстапка во данокот, а и за сите други кои често ја поднесуваа мидиската војска на своите територии, додека и Хуните, и варварите и Сарацените постојано ги ограбуваа источните бласти, додека пак варварите во Европа го правеа истото со тамошните Византијци, тој император веднаш стана полош од сите варвари зашто непосредно по повлекувањето на непријателите, земјопоседниците беа опсипувани од синони, от т.н. 'епиболе' и 'дијаграфе'. А сека ќе раскажам какви се тие термини и што означуваат.

Земјопоседниците се задолжени да ја прехрануваат византиската војска според височината на данокот наложен врз секој од нив. Притоа, тие треба да ги плаќаат сумите не според моменталната потреба, туку според максималното можно, без да се прашува дали сопствениците на своите имоти располагаат со работите што се бараат од нив. Така, тие несреќници беа принудени да ги издржуваат војниците и нивните коњи, со се што им беше потребно, купувајќи се по многу високи цени, а во некој случај и да ги добиваат продуктите од далеку и да ги носат на местото каде што е поставен воениот логор. Таму им ги предава на воените началници, кои ги мереа не според општоприфатените мерки, туку како ќе им текне. Затоа, т.н. 'синони' ги истошти сите земојопоседници. Навистина, како што веќе раскажував, тие беа принудени да ја издржуваат војската, честоптати да доставуваат жито дури и од Византион и така да го исплаќаат својот данок не помалку од десеткратно. И не беше споменатиот Варсим единствениот кој се осмели да преземе врз себе таков грев, туку пред него и Кападокиецот,а потоа и наследниците на Варсим го правеа истото, заземајќи ја таа позиција.

Така стоеја работите околу синонето. Самиот збор 'епиболе' значи гибел невидена дотогаш која ги снајде земјопоседниците одземајќи им ја и последната надеж за живот. Сосема неразумно беа оданочувани запустени и неплодни имоти чии сопственици и земјоделци веќе беа или сосема уништени или пак ја напуштаа татковината и бегаа пред несреќите, продавајќи им го имотот на сопственици кои се уште не беа докрај пропаднати.[131]

Така стои прашањето со епиболето кое, во тоа време, доби особено големо значење. А околу распродажбите, сосема накратко, околностите се вакви: во тоа време, и градовите беа опсипани со многу несреќи во чии причини и подробности нема да навлегувам, за да не се оддложи моето раскажување. Поради тие несреќи, земјопоседниците беа принудувани да ги плаќаат сумите за данокот што се бараше од нив. Но дури и со тоа не заврши нивната трагедија. Кога чумата ја опфати целата земја, а со тоа и Византиската Империја, истреби поголем дел од селаните и, со

белешката за сродноста на либекските Словени со Зиготите на Пелопонез". Значи, Еладците, Македонците и тн.Германи говореле склавински=тн.словенски.Тоа било не само во 15 век,и многу потоа.

[131] Синон=синон=син он, наследник, наследници за данок; епиболе=а пи боле, со бол до гибел. Следи дијаграфе=дија графе: дија=два, за двојно, и графе=г рафе=рафе=рапе, рапни, драпни=драперај...

тоа, имотите опустеа. Но, и покрај тоа, императорот не им направи ни најмала остапка на нивните сопственици. Тој не само што го укина годишниот данок што беше задолжителен за сите, туку, напротив, им го наметна и делот од умрените соседи. Освен тоа, на несреќните земјопоседници им ги наметна и другите, тукушто споменати задолженија. И, на крајот, тие беа принудени да им служат на војниците, сместени во нивните најубави и скапи одаи, а самите, цело време, живееја во најлошите и најзапустени собички.[132]

За време на царувањето на Јустинијан и Теодора, целото човештво требаше да живее со тиа несреќи, зашто ниту војната престана барем за миг, ниту која и да е од другите страшни пакости. И бидејќи веќе споменав за куќите, не треба да го пропуштам и тоа дека сопствениците на куќи во Византион требаше да ослободат простории за околу седумдесетте илјади варвари кои престојуваа во градот и така, не само што немаа никаква полза од својот имот, туку беа навјасани и од други проблеми.

ГЛАВА XXIV

Не треба да се премолчува и вината на Јустинијан кон војниците. Тој им назначуваше за началници најпропаднати луѓе, со наредба да извлекуваат од нив колку што можат повеќе пари. Притоа, никаквеците знаеја дека им следува само една дванаесттина на пленот. Императорот ги нарече тие луѓе логотети. Тие, за секоја година, го измислија следново: според законот, војничките надници не се исти за сите- за младите, штотуку стапени на служба, платата е значително пониска; така се зголемува за оние со подолг стаж во службата и за оние кои стигнале до средината на скалата во војничкиот список. А пак наградата за остарените војници кои имаа намера да ја наспуштат војската, е многу позначителна, за тие да можат да располгаат со доволно средства во личниот живот и, кога ќе го напуштат, да можат да им остават на своите блиски некаква поткрепа. Со текот на времето, пак, пониските војници ги заменуваа во скалата загинатите или отпуштените војници од армијата и секој добива од државната каса награда соодветна на својата возраст. Меѓутоа, т.н. логотети не дозволуваа да се бришат од списокот имињата на загинатите, иако за време на честите војни повеќето војници беа загинати. Притоа, списоците не се дополнуваа, и тоа за подолго време. Последица од тоа беше што државата располагаше со се помал број војници; меѓутоа, живите беа спречувани од своите одамна мртви другари, остануваа со понизок чин и, спротивно на секаков ред, добиваа пониска плата од онаа што им следуваше. Се разбира, за сето тоа време, логотетите ја крадеа од Јустинијан војничката издршка.

Притоа, тие ги навредуваа војниците со најразлични тешки зборови. Како награда за претрпените воени опасности, логотетите ги нарекуваа 'Грци', небаре во Елада[133] воопшто може да се роди доблестен војник, други, пак, ги наведуваат дека

---

[132] Трагеди која остава траги: трагед=трагет=трагит; паталог=пата лог=лог, лож...: пата=пати,Patient.

[133] "Кај Прокопиј, како и кај другите византиски автори, античка Грција се нарекува 'Елада'. Зборот 'Грк' многу ретко се употребува со своето етничко значење". Никогаш поимот Грк не бил во употреба. Македонците, на македонската династија,од Франките биле нарекувани Греики. И затоа Елада= Елада, Римјани=Ромејци, Византи=Визант, кој бил Втор Рим, само Константинопол никако никогаш Византион, Анти=Анти, Венети=Венети, Склавини=Склавини,Македонци=Грци, Словени=Словени. Па и ова беше повод, што јас книгата на Прокопиј во потполност ја пренесувам. Таа била дотерана.

тргнале во војна без наредба од императорот и иако војниците покажуваа писмени императорски наредби, логотетите бесрамно се осмелуваа да кажуваат дека тие се лажни. Трети, пак, беа укорувани дека со денови ги напуштале своите другари. Подоцна, неколку чиновници од дворската стража беа испратени низ целата држава за божем да испитуваат по списоците кои се сосема непогодни за воената служба. Се осмелија дури и да им ги земаат чиновите на некои, поради непогодност или поради нивната напредната возраст. Тие луѓе подоцна беа принудени да просат среде пазарот од благочестивите луѓе и предизвикаа солзи кај сите минувачи. Притоа, дворските пратеници ги изнудуваа другите војници со големи суми, за да не пострадаат и тие на истиот начин. Со сето тоа, војниците беа крајно измачени, стигнаа до просјачки стап и веќе немаа никаква желба да војуваат.[134] Последица од тоа беше што пропаднаа византиските работи во Италија. Таму беше испратен логотетот Александар, кој најбесрамно се дрзна да ги искаже споменатите укори против војниците, а во исто време, земаше пари од Италијанците, под изговор дека ги казнува за нивните политички врски со Теодорик и со Готите.[135] Притоа, логотетите ги казнуваа со сиромаштија не само војниците, туку и многубројните слуги на воените началници, кои порано беа многу почитувани луѓе, а на крајот беа измачувани од глад и од крајна немаштија. Зашто тие не знаеја од каде да си го набаваат неопходното.

Споменувањето на војниците ме тера да додадам уште нешто. Претходните византиски императори поставуваат насекаде многубројни стражи по границите на државата,[136] за да се заштитат, а особено во источниот дел, за да ги спречат нападите на Персијците и на Сарацените.[137] Тие војници се нарекувале лимитанеи.[138] А императорот Јустинијан уште од почетокот ги сметаше за второстепени и за бесполезни, па интендантите заостануваа со плаќањето на платите со цели четири-пет години. А кога Византијците и Персијците склучија мир, тие несреќници беа должни, со текот на времето, да и ги подарат на државната каса сумите со коишто ги задолжија, под изговор дека и на тој начин ќе се наслаадувале од предноста на мирот. Подоцна, пак, без никаква основа, императорот им го одзеде името ‘војска’. Оттогаш натаму, границите на Византиската Империја остана без закрила, а војниците одеднаш се најдоа во ситиација да чекаат помош од рацете на милостивите луѓе.[139]

---

[134] Ова било во подунавската склавина,пред и за време на Јустинијан.Таму животот бил неиздржлив.
[135] Вакво нешто не било забележано и за Склавините, оти тие биле само домородни, значи, ромејски.
[136] Граница на државата била и реката Дунав. Следи во Подунавјето да постојат гранични Склавини.
[137] Видливо е дека за Ромејците биле поважни источните граници од каде навлегувале Персијците и Сарацените.Бидејќи северната граница,на Дунав,не била толку важна,таму Склавините=Обласниците како како гранични единици биле запоставувани, каснеле платите, тежок живот, следат побуни...
[138] “Лимитанеите биле гранични војски кои добивале земја за да си ја обезбедат својата издршка. Прокопиј го истакнува нивното нездоволство од тоа што биле лишени од централната издршка. Недоволниот број и нестабилноста на граничните единици го принудиле Јустинијан да избегнува кон системот на федератите (‘сојузници’). Схолариите биле дел од централната војска под заповедите на протикторите, кои ја обезбедувале дворската гарда (protectors domestici)“. Се кажа: “гранични војски кои добивале земја“. Па таква земја добивале граничните Склавини во Подунавјето. Значи, во прво време таква земја не се добивало, и таму Склавините биле без семејства и домашни животни, и не се сеело. А со Јустинијан се доаѓало со семејства и домашни животни. Следи да со добивало земја, која се обработувала...Схоли=школи, протектор=про тектор=тект ор=ар: тект=текот;домес=домеш, дома.
[139] Следат подоцнежни незадоволства на граничните Склавини. Најбитно е да се одгонетни, зошто Аварите оболувале од чума, а не Склавините.Аварите биле Монголи,Склавините Белци со животни.

Други војници, пак, наречени схоларии, не помалку од три илјади и петстотини на број, во почетокот служеа за обезбедување на дворецот. Ним, отсекогаш, државната каса им исплаќаше повисоки плати отколку на сите други војници. Претходните императори ги одбираа еден по еден меѓу Ерменците и им ја даваа таа служба. Но откако императорската власт ја презеде Зенон, таа функција можеа да ја добијат сите заинтерсирани, па дури и страшливите и сосема неборбени мажи. Со текот на времето, дури и робовите можеа да си ја купат таа служба. Кога император стана Јустин, тој назначи на таа должност мнозина, се разбира, за многу пари. Кога подоцна дозна дека во списоците веќе нема празни места, сепак додаде уште две илјади лица кои ги нарече 'вонредни'. А со преземањето на императорската власт, Јустинијан веднаш ги острани, без да им плати.

А против лицата кои се вбројуваа меѓу схолариите императорот го измисли следново: кога се очекуваше испраќањето на војска во Либија, во Италија или против Персијците,[140]тој и ним им заповедуваше да се подготвуваат за поход, иако добро знаеше дека тие се најмалку погодни за воени дејствија. А схолариите ќе се исплашеа и, за кратко време, се откажуваа од својата плата. Исто така и Петар, додека беше магистер, секојдневно ги мачеше со неописливи кражби. Навистина, по карактер, тој беше благ, ни најмалку не навредуваше, но всушност беше најкрадливиот од сите луѓе, полн со бесрамна алчност. За истиот Петар споменав претходно дека тој го изврши убиството на Амаласунта, ќерката на Теодорик.

Меѓу дворските лица се вбројуваат и други, многу повисоки поставени службеници. Бидејќи тие имаат повисок чин во војската, се разбира дека добиваат и повисоки плати од државната каса. Тие се нарекуваат доместики и протиктори и немаат никаква претстава за воените дела. Всушност, тие се избираат во дворот единствено заради нивната преставителна надворешност. Некои од нив одамна престокуваат во Византион, други во Галатија[141] или во други места. Но и ним Јустинијан им се закануваше на горенапишаниот начин и ги принудуваше да се откажуваат од своите плати. Ќе го раскажам накратко и следново: имаше закони според кои, на секои пет години, императорот му подаруваше на секој војник одредена су-

---

[140] Никаде ги нема Склавините=тн.Словени, затоашто тие биле само дунавска гранична единица.

[141] "Галатија е провинција во Централна Мала Азија, меѓу реките Сангариј (денешна Сахарија) и Халис (денешна Казал Ирмак). Името го добила по тоа што, по 277 г., т.е. по келтското освојување, таму навлегле Галати, население од келтско потекло. Главен град бил Анкира (денешна Анкара)". Па затоа, тие оставиле дури свое име, што никако не се случило и со тн.Словени. Следи, до денес нема ниеден материјален доказ, дека имало преселби на тн.Словени, на Балканот. Секој кој пронајди било каков, итно да му се додели Нобелова награда, затоа тоа ќе биде светско чудо невидено. Се кажа, на Балканот нема ниедно животно преселено на југ, на Балканот. Крвната група А на Белци со нејзини животни, говедо и свиња, во Континентот биле балкански. Такво била најмасовното континентално црно- бело говедо, фризиското, чии рогови биле мали како на бушата, балканско говедо, што биле и како симбол на Викинзите=Варезите, нивниот лав со змија...Следи Келтите=Галите биле Балканци и Малоазијци, а со бригиска=фригиска писменост, традиции како во Илијада...Најголема област била Фризија=Фригија, Бригија=Брижија, Бриж.., а тие имале фригиско=бригиско потекло. Во Мала Азија била и Велика Фригија. Бригите од Европа ги создале Анадолија (Анадол=а на дол) и Ерменија (Ермен=е рмен=рамен,спротивно на Албан=ал бан: ал=алова бан=банија=земја,црвеница на Кавказ). Традициите во Анадолија се исти: синџирче со парички на главата, како во Брзјакија... Со песната Јовано Јованке Азнавур бил потсетен за неговата домовина Ерменија...Што било, останало. Пак, турскиот јазик бил на Мехмед Караман. Тој во 13 век во персискиот јазик внесол турски=монголски зборови, кој опстоил до со 19... век. Следи покрај Бриги=Фриги да има и Понтци=Прицрноморци, кои до денес се најбели и најубави луѓе во Европа.Во Битола се велеше и вели бели Турчинки.Значи,ништо монголско.

ма на злато. Секоја петта година, владетелите му испраќаа на секој војник по пет златни статери, во сите краишта на византиската држава. И секогаш имаше од каде да се набаваат тие пари, макар и на сите можни начини. Но откако Јустинијан дојде на власт, тој не го направи тоа ниту еднаш, ниту пак некој го очекуваше тоа од него, иако управуваше веќе триесет и две години, па луѓето речиси и го заборавија стариот обичај.[142]

Сека сакам да раскажам за уште еден начин на ограбување на поданиците. Секој кој му служи на императорот или на власите во Византион, како некаков секретар или во некоја друга област, при стапувањето на должноста, бидува запишан во списокот на последното место, но со текот на времето, се крева повисоко, на местото на умрените или на местото на оние што заминале од службата, се додека не стигне до последниот степен и не го заземе највисокиот ранг. Отсекогаш, на таквите лица кои го достигнале крајниот степен, им се даваат годишно повеќе од сто кентенарии злато, за да имаат издршка за староста, за себе и за нивните блиски.На тој начин, државата секогаш живееше во голема благосостојба. Но императорот им ја одзеде речиси целата пензија на сите, и тие и нивните блиски западнаа во сиромаштија. И така, најнапред бедата ги опфати нив, а потоа и другите кои сметаа на таа издршка. И ако некој ги пресмета штетите што ги претрпеа тие луѓе во текот на триесет и две години, ќе ја измери големината на нивните загуби.

ГЛАВА XXV

Така постапуваше тиранот со своите војници. Сега сакам да раскажам како тој се однесуваше кон трговците, кон морнарите, кон занаетчиите и прекрупците, а преку нив- и со сите други луѓе. Од двете страни на Византион има протоци. Еден од нив е на Хелеспонт, кај Сестос и Абидос, а другиот- кај устието на Евксинскиот Понт,каде што се наоѓа т.н. Хиерон. На теснината откај Хелеспонт немаше државна царинарница. Таму императорот испрати управник кој се утврди во Абидос.[143] Тој внимаваше да не помине кон Византион некој брод натоварен со оружје без императорска дозвола, или пак да не помине откај Византион човек без писмо од тие луѓе и без печат од надлежностите. Зашто никому не му беше дозволено да го напушти Византион без специјална согласност на луѓето кои служеа кај т.н. магистер. Чиновникот во Абидос им наложуваше на сопствениците на бродовите незначителен данок, кој беше како своевидна плата за должноста што тој ја вршеше. Другиот чиновник, пак испратен на вториот проток, својата плата секогаш ја добиваше од императорот и се грижеше за истите работи како и првиот, а освен тоа, внимаваше и некој да не изнесе нешто недозволено од Византиската Империја за непријателите-варварите кои живееја на територијата крај Евксинскиот Понт. На тој чиновник

---

[142] Да се потсетиме на песната Каранфило филфило, Каранова лоза, фило=пило, од пило се пили, а во Египет симбол им била пчелата со нејзиното пило, кое е во кошница, во вид на пирамида, основ пир=пил, пира=пила,со пиерње создавајќи жештини.Пчелата е дете не Сонцето,а пирамидата сончевина. Статерите со бригиско=брзјачк дативно им се посветени на Филипу, Александру...Португал е дативно име: Португал=порту гал.Потртугалскиот јазик е тн.словенски со темен вокал,крајно е со ъ.

[143] "Сестос бил расположен на европскиот брег на Дарданелите, а Абидос на малоазискиот брег. Царинарницата на Абидос продолжила да работи и по владеењето на Јустинијан и играла голема улога во економските односи во средниот век". Значи, Константинопол како град на царевите, Цариград, бил составен од Визант...Сестос...Абидос...,а Византи=Византион,Сестос=Сестос и Абидос=Абидос.

не му беше дозволено да собира какви било налози од морепловците. Но откако Јустинијан ја презеде императорската власт, постави државни чиновници и на двата протока, назначи двајца платени службеници, им даваше соодветна плата и им нареди,со сите сили, да се стремат да обезбедат колку што можат повеќе пари. Се разбира,и двајцата се трудеа да ја докажат својата лојалност кон него и ги вршеа своите обврски така што од сопствениците на бродовите земаа секакви транзитни такси.

Такви беа новитетите на Јустинијан на двата протока. А за Византион го измисли следново: назначи еден од своите блиски луѓе, по име Адеј, Сириец по потекло, и му нареди од сите бродови кои се укотвени тука да собира налог во полза на императорот. И штом некој брод ќе пристигнеше во пристаништето на Византион, Адеј не го пушташе да отплови повторно пред да ги земе парите од неговиот сопственик, или пред да го натера да си ги врати стоките во Либија или во Италија. Поради тоа, мнозина од нив се откажаа веќе од тоа пренесуваат стоки или воопшто да пловат по морето, ги гореа своите бродови и се радуваа што се ослободиле од нив. А оние кои беа принудени да ги прехранувaат од тој занает, земаа тројна цена од трговците и така однапред го обезбедуваа преносот на стоките. А трговците си ја враќаа загубата од купувачите и, така, Римјаните постојано умираа од глад,[144]

Така се одвиваа работите во државта. Но јас сметам дека не треба да ја премолчам расипаноста на императорот и на императорката и при разменувањето на парите. Додека порано сарафите исплаќаа вообичаено по двеста и дваесет обола, наречени фоли, за еден златен статер,[145] Јустинијан и Теодора измислија нова заработка за себе и наредија за еден статер да се даваат само по сто и осумдесет оболи. На тој начин, од секоја златна монета земаа по една шестина, на штета на сите луѓе.

Императорите наложија т.н. монополи над повеќето стоки и секојдневно ги притиснаа купувачите. Само трговијата со облека остана нечепната. Но и за неа го измислија следново: свилените облеки од стари времиња се прават во феникијските градови Берит и Тир. Нивните продавачи, произвидители и мајстори многу одамна живееја таму, а оттаму стоката се разнесуваше низ целиот свет. За време на управувањето на Јустинијан, луѓето кои се занимаваа со таа работа во Византион и во другите градови почнаа да ги продаваат поскапо со оправдувањето дека сега биле принудени на Персијците да им плаќаат повисока цена од порано, а исто така дека и налозите во римските царинарници биле зголемени. Меѓутоа, императорот им покажа на сите дека е разгневен од тоа и, со опш закон, забрани една литра од тие алишта да се продава за повеќе од осум жолтици. Евентуалните прекршители на законот беа заплашени со целосна конфискација на пронајдените пари. Сето тоа создаде необјаснива и безизлезна ситуација за луѓето, зашто не беше можно трговците да ја купуваат стоката поскапо, а да им ја продаваат на клиентите поевтоно. Затоа и не сакаа повеќе да се занимаваат со таа трговија туку, тајно и по малку, продаваа од своите резерви, се разбира, само на видни луѓе кои имаа пари за своето разубубавување, или пак на оние кои имаа некакви други причини да го прават тоа. Но некој и потшепнал на императорката за тоа и таа дознале се. Иако не спроведе никаква истрага, таа веднаш им ја одзеде целата стока на продавачите и ги казни со по еден кентариј злато. Потоа самиот император и императорката наредија сви-

[144] Значи, се работело само за Римјани=Ромејци со Константинопол, а не Византијци од Византион.
[145] "Од овој текст на Прокопиј се дознава дека еден статер или солид бил еднаков на 210 фолија или оболи, но во времето на Јустинијан настапила извесна девалвација во крусот на тие монети".

лени облеки да се произведуваат и во Византион. Во Византиската Империја таа работа се раководи од императорскиот благајник. А на Петар, по прекар Варсим, кому му ја имаа доверено таа должност, по кратко време, му дозволија да врши безбожни дела. Тој сметаше дека е праведно другите строго да го почитуваат законот, а мајсторите- свилари ги принудуваше да работат единствено за него и веќе неприкриено, туку среде пазарот, унција платно со обична боја ја продаваше за не помалку од шест жолтици, а пак унција со императорска боја, наречена оловир, за повеќе од дваесет и четири жолтици. Со тоа, Петар му носеше многу пари на императорот, а самиот натрупа уште повеќе. Така почна работата во негово време, а остана како практика и понатаму. Зашто и денес, сосем отворено, тој е трговец со таа стока, и на ситно и на крупно. И сите трговци кои се занимаваа со таа дејност во Византион и во другите градови, по море и на копно, требаше да го почуствуваат сите несреќи што им ги носеше занаетот. А во споменатите градови одеднаш речиси целиот народ дојде до просјачки стап. Работниците и занаетчиите требаше да се борат со глад и мнозина го сменија местото на живеење, бегаа во Персија и ги прифаќаа тамошните обичаи.[146] Единствено благајникот ја вршеше и понатаму својата работа, одделувајќи дел од парите за императорот, а земајќи ги повеќето за себе, збогатувајќи се од несреќите на народот. Така завршија тие работи.

ГЛАВА XXVI

Сега, пак, ќе раскажам како императорот ги ограби сите убави нешта и сите украси во Византион и во другите градови.[147] Најнапред, тој реши да го распушти риторското звање. Ги натера спротиставените партии да стапат во сојуз, под клетва, и им ги одзеде на адвокатите сите хонорари што им овозможуваа, по завршувањето на работниот век, да живеат во раскош. Така презрени, тие паднаа во длабок очај. Бидејќи, како што споменав, императорот им го одзеде имотот на сите сенатори и на сите имотни луѓе во Византион и во целата Византиска Империја, луѓето со тоа занимање останаа без работа. И адвокатите, од многуброен сталеж, се претворија во мала група, од видни луѓе- во сосема незначителни личности кои насекаде живеја во беда. А за својата работа добиваа само навреди.

На истиот начин, во крајна беда западнаа и лекарите и учителите по слободните уметности. Јустинијан им ја одзеде издршката од државната каса, одобрена од претходните императори, на оние кои се занимаваа со таа дејност. Тој се дрзна дури и да си ги присвои општествените средства и парите од посетите на театарот, плаќани од граѓаните на сите градови од нивните лични средства, изедначувајќи ги со државните даноци. И оттогаш, ниту лекарите, ниту учителите веќе не беа почитувани, ниту пак некој се грижеше за јавните градби, во градовите ламбите веќе не гореа на трошок на државата, а на граѓаните им беше одземена секаква помош. Сите театри, хиподроми, циркуси и сл. останаа без работа, а тоа беа местата каде што

---

[146] Никаде не се говори за персиски јазик. Ова произлегува поради тоа што староперсискиот бил варваски=пелазгиски=тн.словенски, а по Кир следи новоперсиски. Тој настанал од арамејски и староперсиски. По смртта на Александар,во Александрија, следи коине, а авторите говорат, коине бил како персиски. Со исламот е арапскиот јазик, кој бил вулгарен арамејски...Коине станал христијански, а потоа и латински. Се создале вулгарно-латински низ Европа, а Лутеровиот бил комбинација на коине, готски и латински. Следи еладскиот вулгаренкоине. Така со верите се создале мноштво народи.

[147] Се говори за Константинопол и другите градови во Ромејското Царство, не Византион Византија.

се беше родила, израснала и воспитала сопругата на Јустинијан. Подоцна, тој ги остави без работа тие места и во Византион, та државната каса веќе не им исплаќаше ништо на многуте луѓе кои оттаму си го вадеа лебот. Секој одделно и сите заедно беа западнати во беда и во понижување, небаре од небото се беше надвиснала некаква гибел. За сите, животот беше навистина мрачен. И дома, и на пазар, па дури и во црквата, луѓето не разговараа за ништо друго освен за несреќи, за страдања и за невидените удари на судбината.

Такви беа работите во градовите. Останува само една работа што заслужува да се спомене. Секоја година се избираа двајца конзули, од кои еден беше во Рим, а другиот- Византион.[148] Кој ќе беше избран за таа должност, тој требаше да потроши за народот повеќе од дваесет кентенарии злато, од кои мал дел исплаќаше од сопствени средства, а поголемиот дел го добиваше од императорот. Тие пари се употребуваа претежно за веќе споменатите луѓе, како и за најсиромашните, а главно ги решеваа за постојано во градот проблемите на оние кои работеа во театарот. Но откако Јустинијан ја презеде императорската власт,тоа се правеше навреме- најпрво им назначуваше на Византијците еден конзул за подолго време, а потоа, тие ни на сон не можеа да видат такво нешто, особено откако човештвото почна да се задушува во сиромаштија. Императорот не само што не им ги даваше на своите поданици вообичаените пари, туку својски им го одземаше и она што го имаа.

Како овој развратник ги собра сите општествени пари и им ги одзеде имотите на сенаторите, мислам дека подробно опишав. Сметам дека доволно зборував и за тоа како, со клеветнички обвинувања, успеа да им ги одземе парите и на другите заможни сталежи, не само на војниците, на различните придворски и дворски стражи, на селаните, на земјопоседниците и на сопствениците на имоти, на луѓето кои заработуваа од своето перо, туку и на трговците, на бродосопствениците, на морнарите, на занаетчиите, на прекупците, на оние кои си го вадеа лебот од театарот, така да се рече- на сите останати кои претрпеа штети од него.

А сега ќе раскажам што му приреди Јустинијан на сиромашните, на простите луѓе и на просјаците, воопшто на сите понижени луѓе. А она што им го направи на свештениците, ќе го опишам во свои раскази. Најнапред тој си ги присвои сите пазари и воведе т.н. монополи над најнеопходните стоки. Така, од луѓето бараше цени трикратно повисоки. Не би се трудел да ги опишам сите последици зашто ми се чини дека тие не можат да се набројат и не би сакал моето раскажување да биде бескрајно. Во секој случај, императорот ги ограбуваше најсурово, за сето време, купувачите на леб- занаетчии, сиромашни, секакви материјално потиснати луѓе кои одвај успеаваа да си го купат. За тоа дека лебот стана поскап и дека беше измешан со пепел, Јустинијан сакаше да добива по три кентенарии годишно. Императорот не се поколеба да го направи дури и ова светогрдие, заради својата алчност. А чиновниците кои беа на таа должност, ја користеа како маска за да влечат печалба за себе и мошне лесно добиваа огромно богатство. Така, вешптачки, спротивно на условите, тие предизвикуваа глад меѓу сиромашните луѓе дури и во родните години, зашто воопшто не беше дозволено никој да внесува жито од друго место и сите беа принудени да го јадат купуваниот леб.

Се виде дека градскиот водовод пукнал и дека носи сосема малку вода во градот, но никој не му обрна внимание на тоа и никој не сакаше да преземе мерки, иа-

[148] Значи, еден конзул во Првиот Рим, а вториот во Вториот и Новиот Рим- Константинопол.

ко покрај кладенците се собираа огромни толпи, а и сите бање беа затворени. Притоа, императорот бесмислено трошеше огромна сума за поморски градби и за други глупости. Насекаде низ преградијата смислуваше по нешто, небаре императорот и императорката не ги собираше во дворците во кои секогаш живееле предходните владетели. Императорот не се зафати со санација на водоводот не за да штеди средства, туку за да им носи несреќи на луѓето. Зашто никој никогаш не се трудел поревносно од Јустинијан да си ги присвои, со најдолни средства, парите на сите луѓе и никој никогаш не ги трошел понеразумно од него. Две работи за јадење и за пиење треба да им се обезбедат на најсиромашните и на просјаците: вода и леб. А императорот ги оштети и во двете: едното го направи недоволно, а другото- прескапо.

Јустинијан не постапи така само со просјаците во Византион, туку и во другите области, како што ќе раскажам сега. Кога Теодорик ја презеде Италија, остана на служба дворската стража на Рим, за да се зачува таму некаква трага од старото државно уредување. Остави секој војник да ја добија својата дневна надница. А тие стражи беа пребројни. Во нив се вбројуваа т.н. силентијарии, донестици и схолари, на кои не им остана ништо друго освен името 'војници',како и платата со која одвај преживуваа. Теодорик нареди сето тоа да се наследува од нивните синови и од нивните внуци. А на просјаците околу храмот Свети Петар нареди секоја година, од државната каса, да им се делат по три илјади крини жито. Сите ги добиваа овие помошти се додека во Рим не пристигна Александар Псалидој.[149] Без да се колеба, тој им ги укина сите помошти на луѓето. Дознавајќи го тоа, Јустинијан целосно се согласи со неговата постапка, па дури и почна да го цени повеќе од порано. При истиот поход, Александар им наштети и на Елините, и тоа вака:

Отсекогаш, селаните од околната на утврдувањето кај Термопилите, на смени го обезбедуваа тамошното утврдување над кое висеше заканата од варварски напади во Пелопонез.[150] Штом Александар пристигна во тоа место, изјави дека утврдувањето нема да им го остави во рацете на селаните, со оправдување дека тој самиот ќе се грижел за Пелопонежаните. Па така, смести таму околу две илјади војници, извлекувајќи ги заради тоа сите општествени пари и парите за спектаклите од сите градови во Елада, за војниците да се издржуваат од нив. Оттогаш, во цела Елада, вклучувајќи ја и Атина,[151]не беше обновена ниту една општествена зграда, ниту пак можеше да се преземе некое друго полезно дело. Јустинијан, пак, без поговори, ги потврди наредбите на Псалидој.

Така заврши и таа работа.А сега да се свртиме кон просјаците во Александрија. Таму имаше еден ритор по име Хефест кој, по своето назначување за управител во Александрија, ги задуши народните бунтови однесувајќи се исклучително сурово со бунтовниците и предизвикувајќи им најужасни несреќи на сите жители. Тој веднаш го воведе т.н. монопол над пазарите и не му дозволуваше на никој трговец да се занимава со таа дејност туку самиот тој, како бакал, ги продаваше сите

---

[149] "Прекарот Псалидој на овој логотет значи 'дерач' ": Псалидои=п салит (солит) ои (мои, твои...). Секогаш посоленото било само дерено.Дополна: Дервиш=дер виш=вис,кој само дери и виси,обеси...

[150] За Острогорски, "повеќе од двесте години Словените доминирале дури и на Пелопонез". Затоа на Пелопонез два века имало Склавини. Фасмер пиши, во Елада имало словенски поими, што го потврдил Оболенски, и други. А со тоа што Пелопонесците не смеат да бидат тн.Словени, видлив е заговорот врз варварски=пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платонов=тн.словенски јазик,а ваков секогаш се говорел во Елада,и во 19...век. Еладскиот службен јазик на Кораис бил вклучен само во 1868 година.

[151] Белците правеле именки со в-н-т на почетокот, средината и крајот. Атина: ватина-натина-татина.

стоки. Притоа, со моќта на својата власт, цените ги определуваше според својата волја. А градот Александрија се задушуваше од недостиг на најнеоходните работи, додека порано таму се им било достапно и на најсиромашните. Сега најголеми беа проблемите со лебот. Зашто тој самиот го откупуваше житото од Египќаните[152] и на никој друг не му беше дозволено да купи дури ни една крина. Со лебот и со неговите цени можеше да постапува како што сака. За сосема кратко време, тој натрупа огромно богатство, а истовремено, ја исполни и императорската волја. Народот во Александрија занеме од ужас пред Хефест, а императорот, восхитен од непрекинатиот проток пари, премногу го засака овој човек.

Тој Хефест науми уште повеќе да го освои срцето на императорот и ги измисли следново: бившиот римски император Диоклецијан[153] имаше определено александријците кои имаа потреба од тоа, секоја година да добијат големо количество жито од државната каса. Народот го делеше меѓу себе и го зачува тој обичај за потомците, дури до наше време. Но Хефест им одзеде околу два милиони крини годишно на оние кои имаа огромна потреба од него и ги додаде кон општиот данок, пишувајќи му на императорот дека тие луѓе досега добивале жито сосема противзаконски и на општа штета. Јустинијан ја потврди постапката и неговата наклонетост кон Хефест се зголеми уште повеќе, додека александријците, за кои тоа беше надеж за продолжување на постоењето, поради таа нечовечност, западнаа во крајна беда.

ГЛАВА XXVII

Јустинијановите злосторства се такви што не би бил доволен еден човечки живот за да се опишат. Доволно ќе биде да набројам само еден мал дел од нив, за идните поколенија да разберат каков беше неговиот карактер, дека тој беше еден измамник, дека не се грижеше ниту за бог, ниту за свештениците, ниту пак за законите, ниту пак се грижеше за тоа дали народот му е лојален. Не го интересираше никаква благоразумност, ниту доброто на државата или какво и да е дело полезно за неа, ниту пак се стремеше да им даде некаква основа на своите активности. Во него немаше ништо друго освен желба да ги ограби парите од целата земја. Ќе започнам со тоа.

Јустинијан го назначи за александриски патријарх Павел. А управник на Александрија беше еден Родон, Феникиец по потекло. Нему императорот му нареди најревносно да му служи на Павел, ниту една негова наредба да не остане неисполнета. Со тоа, Јустинијан сметаше дека ќе успее да ги привлече кон себе александриските еретици за соборот во Халкедон. Имаше и еден Арсенија, Палестинец по потекло, кој и помогнал на императорката Теодора кога таа била западната во мошне тешка ситуација. Со тоа, тој стекна многу голема власт, натрупа многу пари и достигна до сенаторска позиција, иако беше најнизок престапник. Тој човек беше самариќенец, но за да не го изгуби стекнатото влијание, привидно им припаѓаше на христијаните. Притоа, татко му и брат му живееја во Скитопол, беа дрски поради

---

[152] Досега не се велеше од каде се купувало житото. А сега стои од Египќаните. Токму Египет била житница за Мала Азија со Балканот. Со текот на времето сувиот појас се поместувал кон север. Така до некаде до со 15 век житница бил Египет, па следела Војводина, потоа јужна Русија (денес Украина) и ќе следи и Сибир.И затоа преселбите северно од Дунав биле воглавно по време на Јустинијан.

[153] Диоклецијан=Diokletion=дио(дво)клети(клети) он (ан=тн.словенско);Далмата=доламата, наметка.

неговата власт и ја исповедуваа татковата вера, а со негова соголасност, вршеа многу недела против сите христијани. Затоа и граѓаните се кренаа против нив и го погубија со најжална смрт. Но поради тоа дојдоа многу несреќи за Палестина. Тогаш ниту Јустинијан ниту императорката не го казнија со нешто Арсениј, иако тој беше главната причина за сите несреќи, само му забранија да се појавува во дворот. Зашто христијаните постојано ги вознемируваа поради него. А тој Арсениј имаше намера да му угоди на императорот и кратко време потоа беше испратен во Александрија заедно со Павел, за да се труди, со сите сили, да ја врати покорноста на александријците. Како што тврдеше тој, во времето во кое бил отстранет од дворот, се запознал подробно со сите христијански учења. Но тој ја огорчи Теодора зашто таа, како што раскажував порано, размислуваше да му се спротистави на императорот по тоа прашање. Впрочем, кога двајцата пристигнаа во Александрија, Павел му предаде на Родон некаков ѓакон по име Псој, за да го ликвидира, со објаснување дека тој е единствениот човек кој му пречи во извршувањето на императорските наредби.[154] Поттикнат од честите и мошне наложувачки писма на императорот, Родон решил да го подложи човекот на мачење. Но тој умрел многу брзо, од измачувањето. Кога веста затоа стигна до императорот, поради упорниот притсок на императорката, тој веднаш целата одговорност им ја префрли на Павел, Родон и Арсениј, заборавајќи ги сите наредби испратени до нив. Јустинијан го назначи за управник на Александрија Либериј, патрициј од Рим, и го испрати таму зедно со неколку видни Евреи, за да го испитаат случајот. Меѓу нив беше и Пелагиј, архиѓакон од Рим, кој го претставуваше архиерејот Вигилиј.[155] А штом убиството оти беше докажано, пратениците веданаш му го одзеле духовниот чин на Павел, додека Родон избега во Византион и императорот нареди да го обезглават, а неговиот имот да биде конфискуван за државната каса. Родон покажуваше тринаесет писма од императорот, во кои тој инсистираше и го убедуваше со својата наредба да им се потчинува на сите заповеди на Павел, за тој да може да ги извршува своите решенија. Потоа Либериј, со знаење на Теодора, го распна Арсениј, а императорот реши да го конфискува неговиот имот, иако единственото обвинение против него беше тоа што бил близок со Павел.

Дали постапките на Јустинијан биле праведни или не, јас не можам да кажам, но сега ќе објаснам зошто го раскажувам ова. По извесно време, Павел пристигна во Византион и му предаде на императорот седум кенетенарии злато, со барање да му се врати духовниот чин што му беше одземен противзаконски. А Јустинијан ги прими парите и му укажа почести на човекот, па дури му вети дека одново ќе го назначи за александриски патријарх, иако таа позиција ја имаше добиено друг човек. Императорот се однесуваше така небаре не сфаќаше дека тој самиот му ги

---

[154] Тој бил таков човек по сој, Псој, а таков бил по Родон, кој бил пелазгиски=тн.словенски. Ваков бил Скитопол=скито пол, "Град во Палестина". Па таа била на Пеласти=Пелазги, само со закосени очи, што било сé до 14 и 15 век,а до денес такви очи имаат само Берберите=Барварите, в=б.Сите тие биле ѓаци, ѓаки, ѓакони, кои учеле. И ваков бил Павел (Павле), "александриски патријарх (531-537)".

[155] "Папата Вигилиј (537-555) бил принудно одведен во Цариград и бил натеран да потпише указ (548 г.) против тројца одамна умрени несторијанци (несторијанците биле прврзаници на цариградскиот патријарх Нестор, кој седнал на патријахискиот престол во 427 г. и проповедал дека Христос е роден како обичен човек и затоа Марија требало да се нарекува Христородица, а не Богородица). Пелагиј, помошникот на Вигилиј, кој бил и негов апокрисијариј (пратеник) во Цариград, го наследил како папа во Рим (556-561)". Видливо е дека папата бил под царот:без цар папата не е канонски.

убил пријателите и оние кои се осмелувале да му помогаат на Павел и дека им го имаше земено имотот. Величеството најревносно се зафатил со таа работа и се очекуваше дека Павел задолжително ќе си го врати духовниот чин. Но Вигилиј, кој само што беше пристигнал во Византион, воопшто не сакаше да остани пред императорските заповеди. Тој изјавуваше дека не е во состојба да го даде својот глас затоа што бил неважечки и не го преставувал мислењето на Пелагиј. И така, императорот не се грижеше за ништо друго освен за да граби пари. А сега ќе раскажам и една друга слична историја.

Имаше еден Фаустин, Палестинец по потекло, кој одамна станал самариќанец, а потоа, под принуда на законот, привидно го прифатил христијанството. Овој Фаустин стигна до сенаторско достоинство и го имаше добиено управувањето на таа земја, но беше отпуштен. Набрзо потоа, пристигна во Византион и неколку духовници го обвинија дека ги поддржува самориќанските закони и дека вршел злосторства против христијаните во Палестина. А Јустинијан изгледаше разгневен и силно изненаден дека под неговата управа над Византиската Империја некој го навредува Христовото име. Сенаторите спроведоа истрага на случајот и, по настојување на императорот, го казнија Фаустин со робија. А императорот, откако доби од Фаустин пари колку што посака, ја објави пресудата за невалидна. Фаустин пак си го врати претходното достоинство, се зближи со Јустинијан и стана управник на императорските имоти во Палестина и во Феникија. Таа можеше, без страв, да прави се што ќе посака. Како Јустинијан ја заштитуваше правдата на христијаните може да се заклучи од ова мое кратко излагање. А сега накусо ќе откријам како тој ги поништуваше законите за пари.

ГЛАВА XXVIII

Во градот Емеса живееше Приск кој одлично умееше да ги имитира туѓите ракописи. Тој беше мошне искусен во својот занает. Од пред многу години, емеската црква беше прогласена за наследник на еден човек по име Мамијан, со патрициско достоинство, со блескаво потекло и со значително богатство. За време на управувањето на Јустинијан, Приск ги испреврте сите куќи во тој град за да најде луѓе на врвот на богатството, способни да поднесат големи парични глоби. Кога ги проучи нивните предци, најде нивни стари документи и голем дел ги измени така небаре се пишувани од нивната рака. Во нив се докажуваше дека нивните предци му должеле огромни суми на Мамијан, кои тој божем им ги доверил. Сумата добиена од фалсификуваните документи изнесуваше околу сто кентенарии злато. Во времето кога Мимијан беше уште жив, на плоштадот седеше еден човек, кој, поради справедливоста и другите свои доблести, се занимаваше со средување на сите документи на граѓаните, на секој од нив ставајќи го својот потпис- Византијците тие луѓа ги нарекуваат табелиони. А Приск ѓаволски успешно го фалсификувал неговиот ракопис и им го предаде фалсификатот на раководителите на емеската црква, измамувајќи им ветување дека ќе му дадат дел од добиените сума, Но бидејќи законот пречеше, предвидувајќи по триесет години застарување на повеќете барања, а на некои, меѓу кои и на т.н.хипотекарски, и по четтириесет години, заговорниците го измислија следново: отидоа во Византион, му дадоа огромна сума на императорот и го замолија да им помогне за погубување на нивните сосема невини сограѓани. А

Јустинијан, кога ги доби парите, без да размислува, издаде закон според кој црквите го губат своето право на правнички претензии не по вообичаениот период, туку по сто години. Законот не беше валиден само за Емеса, туку и за целата Византиска Империја.А за решавање на случајот во Емеса, императорот определи еден Лонгин, витален и крупен маж кој подоцна го доби и началството над народот во Византион. Управниците на црковните работи најпрвин поднесоа барање за сума од две кентенарии сребро против еден граѓанин, врз основа на споменатите документи, и веднаш го добија спорот бидејќи човекот, поради изминатите години и поради својата неупатеност во тогашните настани, беше паднат во длабок очај. Сепак, сите други, особено највидните луѓе на Емеса, длабоко се загрижија бидејќи беа искомпромитирани од клеветниците. И кога веќе таа напаст им се закануваше на повеќето граѓани, божјиот прст се вмеша на следниов начин: Лонгин му нареди на измамникот Приск да ги предаде сите фалсификати веднаш, но тој се извлекуваше. Тогаш Лонгин добро го истепа. А фалсификаторот, не можејќи да ги издржи неговите удари, падна на земја и, трепејќи од страв дека Лонгин знае се, му призна. Така се дозна целото измаништво и така беше запрена клеветата.

Императорот не се однесуваше така само со византиските закони. Тој ревносно се зафати да го уништи и поредокот на Евреите. Кога, со текот на времето, пасхалниот празник на Евреите ќе се случеше пред христијанскиот, Јустинијан не им дозволуваше да си го празнуваат во определеното време, ниту да го почитуваат бог со соодветното принесување жртви, ниту пак да си ги извршуваат своите обичаи. Мнозина Евреи, бидејќи на празникот јаделе овчо месо, беа подведени на одговорност за прекршување на законот и им беа наметнати тешки глоби. Јас знам безброј други злосторства на Јустинијан, но не би можел да ги изнесам сите, бидејќи раскажувањето ќе нема крај. И веќе споменатие се доволни за да се прикаже карактерот на тој човек.

ГЛАВА XXIX

Сега јас ќе докажам дека императорот беше измамник. Го повлече од должноста штотуку споменатиот Либериј и на негово место го назначи Јован, Египќанец по потекло, наречен Лаксарион.Кога Пелагиј, најблискиот пријател на Либериј, дозна за тоа, го праша императорот дали веста за Ласкарион е точна. А Јустинијан решително го одби, негирајќи дека е направено такво нешто. Дури му покажа и писмо до Либериј во кое му наредувал уште поупорно да ги врши своите задолженија и во никој случај да не ги запоставува своите работи. Му изјавувал дека воопшто не сакал да го смени. А во Византион, Јован имаше свој чичко, по име Евдемон, кој беше стигнал до конзулско достоинство, поседуваше огромен имот и дотогаш беше надзорник на личниот императорски имот. Тој Евдемон, кога ја слушна таа вест, самиот го прашал императорот дали неговиот внук стои цврсто на својата позиција. А тој се откажал од своето писмо до Либериј и му испратил писмена наредба на Јован со сите сили да се зафати со својата служба, зашто тој не ги сменил своите намери кон него. Јован му се доверил на писмото и барал Либериј да ја напушти зградата затоа што е отпуштен. Но Либериј решително одбивал да се потчини, очигледно врз основа на писмото што го добил од императорот. Така, Јован ја вооружал својата свита и тргнал против Либериј, кој исто така ги подготви своите

луѓе за заштита. Почнала битка и меѓу мнозина загинати во неа бил и самиот Јован, кој и ја добил службата. По решителното настојување на Евдемон, Либериј веданш бил повикан во Византион. Сенатот го разгледал случајот и го прогласил човекот за невин бидејќи тој се бранел, а не напаѓал. Но императорот не се смири се додека не доби од Либериј тано парично обештетување.

Така Јустинијан умееше да си игра со вистината, преправајќи се дека зборува отворено. Ми се чини дека овде нема да биде неумесно да раскажам една случка. По кратко време, почина споменатиот Евдемон. Тој имаше голем број роднини, но ниту имаше оствено тестамент ниту пак се имаше признесено по тоа прашање. Во исто време, почина и еден началник на дворските евнуси, по име Евфратас, кој остави еден внук, но не и наредба да го наследи неговиот голем имот. А императорот си го присвои имотот и на двајцата, автоматски преставувајќи се како нивен наследник и не остави ни пара за нивните законски наследници. Ете, така се однесуваше императорот кон блиските на своите пријатели. Тој си го присвои богатството и на одамна починатиот Иринеј, без да има некакво право на тоа.

Не би премолчал и уште една слична од тоа време. Имаше еден Анатолиј, првенец во советот на Аскалон. Ќерка му беше омажена за еден Кесариец, по име Мамилијан, од многу виден род.[156] Како единствено дете на Анатолиј, таа беше негова наследничка. Одамна беше утврдено со закон дека, ако член на советот на некој град умре без да остави наследници од машкиот пол, една четвртина од наследството му се предава на градскиот совет, а со останатото располагаат наследниците на починатиот. Но и во овој случај, самодржецот го покажа својот карактер издавајќи закон кој ги извртуваше работите. Според законот, ако советникот умреше без дете и од машкиот пол, наследниците добиваа една четвртина, а сето останато им припаѓаше на градскиот совет и на државата. Притоа, откако постои светот, ниту државата, ниту императорот, немаа право над имотот на советниците. Додека законот беше во сила, им дојде крајот на деновите на Анатолиј и, според него, ќерка му требаше да го дели наследството со државата и со градскиот совет. Самиот император и членовите на советот на Аскалон и изјавија писмено дека нивните барања се задоволени и дека го добиле делот што им следува. А подоцна почина и Мамилијан, зетот на Анатолиј, оставајќи и самиот ќерка која, се разбира, само го доби татковото наследство. Но и таа почина, уште додека беше жива мајка и. Ќерката живееше со еден виден маж, но немаше ниту син ниту ќерка. А Јустинијан веднаш ги собра сите нејзини пари, со необично објаснување- бидејќи ќерката на Анатолиј била веќе старица, не било редно да се збогатува ниту со парите на сопругот, ниту со парите на татка си ! И за таа жена да не падне до просјачки стап, определи секој ден да и се дава по еден златен статер, до крајот на нејзиниот живот. Во писмото, со кое и ги ограби парите, споменуваше дека тој статер и го дава од благочестие. ‘Својствено ми е- пишуваше- да правам само богоугодни и благочестиви дела’.

Но доволно зборував за тоа, за да не го продолжам до бескрај раскажувањето. Зашто никој на светот не е во состојба да наброи се. А сега ќе покажам дека, штом стануваше збор за парите, тој не ги штедеше дури ни венетите кои се сметаа за негови пријатели. Во Киликија живееше еден Малтан, зет на оној Лав кој, како што веќе раскажав, ја доби т.н. должност референдариј. Нему императорот му на-

---

[156] Тестамент=те стамен т; Евдемон=е в (у) де мон; Евфратас=е в (у) прата с: Иринеј=ирин..мирин; Анатолиј=а на тол...:тол=тол, тол=дол...; Аскалон=а скал он; Мамилијан=ма милиј или мамил...,и=е.

реди да ги задуши тамошните побуни. Малтан пак се зафати со тоа оправдување и изврши ужасни насилства над повеќето Киликијци. Дел од оплачканите пари му ги испраќаше на тиранот, а со другите се збогатуваше самиот. Повеќето молчаливо ја трпеа својата судбина, а само венетите[157] од Тарс, охрабрени од благонаклонетоста на императорот, отворено се собраа на плоштадот и го изнавредија Малтан во негово отсуство. А штом Малтан[158] го дозна тоа, веднаш одведе цела толпа војници во Тарс, влезе ноќе во градот, ги распореди војниците по куќи и им нареди да почнат да напаѓаат уште пред зори. Венетите[159] помислија дека тоа е напад и се бранеа според своите сили. Во темнината, освен другите случени несреќи, падна прободен со стрела и Дамијан, член на советот. А тој Дамијан беше покровител на тамошните венети.[160]Кога веста стигна до Византион, разгневените венети излегоа со диви повици низ градот.[161]Потоа го вонземирија и императорот со своите поплаки и изрекоа страшни закани против Лав и Малтан. И самодржецот се разгневи од тоа што се случило. И веднаш издаде писмена наредба да се испитаат и да се сакционираат некои од мерките на Малтан. Но Лав му даде огромна сума злато и веднаш ги стиша неговиот гнев и неговата љубов кон венетите.[162] Случајот остана неиспитан, а императорот ги прими со почести Малтан, кој пристигна во Византион. При неговото излегување, венетите[163] го начекаа, страшно го испретепаа во дворецот и за малку ќе го убиеја. Впрочем, кој не би ја нарекол најбедна онаа држава во која императорот добива поткуп и се откажува од истрагата на злосторствата, а бунтовниците, среде императорскиот дворец и пред очите на владетелот, без никакво колебање, се дрзнуваат да тепаат негов висок чиновник ? Не беше казнето ниту злосторството на Малтан, ниту пак на оние кои се кренаа против него. Секој сам нека го процени карактерот на императорот Јустинијан од овие негови дела.

ГЛАВА XXX

А дали Јустинијан воопшто се грижеше за благосостојбата на државата, ќе стане јасно од неговите мерки против државната пошта, како и против надгледувачите, т.е. против поткажувачите. Претходните византиски императори се грижеа се што се случува да им биде соопштувано и поткажувано многу брзо, без никакво забавување. Се интересираа за непријателските подготовки во секоја земја, за бунтовите во градовите или за некакви непредвидени настани, за активноста на управни-

---

[157] Поимите Карпатос, Самос, Милет, Малта...до денес се на македонски говори. Тие биле венетски=илирски, а ваков бил Крит=Крет. На него секогаш се говорел само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик. Во 1913 година, бидејќи Критјаните не го разбираа еладскиот јазик, тие сакаа да се приклучат кон Бугарија. И Бугарија била принудената таа да се откаже од островот Крит, што и се случило. Ова може да се види во Букурештанскиот договор. Се потврдува, Елада била Пелазгија, во која живееле Пелазги, што се чита кај Херодот и други автори. Следи еладскиот народ е нов од 1830 г.

[158] Малтан=малта н. До денес на македонски говори: малта мома, малата чупа,но никако на еладски.

[159] Бидејќи на Балканот и Мала Азија имало Венети и Анти, а и Склавини, сите тие биле еден народ.

[160] Значи,Европа била венетска,во која имало најповеќе фригиски=бригиски поими: Фризија, Бриж...

[161] Венетите и Склавините, а кои имале ист пелазгиски=тн.словенски јазик на Белци, не биле народ.

[162] Венети биле Русите со својот Перун, па Рецкари (Рунари) и Словени.Истото било и за Етрурците.

[163] Венетите биле населени покрај двата брега на Јадранско Море, на Балканскиот и Апенинскиот Полуостров. Венетите живееле до реката Рајна, во Венетската област=склавина, на Германците, име на тн.словенски бог Герман, кое било балканско. Истото важи за Теути, Деути=Deutscher, само Илири, а вакви биле Русите. Следи исти обичаи да имаат Траките и Илирите.Па вакви имале Германите.

